**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Првото продолжение на Шеесет и петтата седница**
**на Собранието на Република Македонија, одржана на**
**1 јуни 2004 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 10,05 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Почитувани колеги продолжуваме со работа по Шеесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Трифун Костовски, Ќенан Хасипи, Зоран Шапуриќ, Љубе Бошковски, Љубчо Ѓеоргиевски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Орданчо Тасев, Али Ахмети, Теута Арифи, известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со единствената точка на дневен ред - **Избор на Влада на Република Македонија**, со претресот.

Збор има господинот Спиро Мавровски.

Колеги, ве молам за внимание, па ве молам, седницата е започната.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитуван мандатар, колеги пратеници,

Денеска продолжуваме со она што завршивме вчера, па би сакал да искажам неколку видувања во однос на она што го нуди мандаторот, во однос на она што беше негово експозе и во она што значеше досегашно работење на Владата и она што треба да го очекуваме гледајќи ги овие 18-19 месеци.

Речиси нема никакви промени во актуелниот состав на Владата освен предлогот за министер за внатрешни работи на местото на Хари Костов, кој е предложен за мандатор за состав на Владата на Република Македонија по заминувањето на Бранко Црвенковски од функцијата претседател на Владата на функција претседател на Републиката.

За министер кој ќе раководи со МВР е предложен Силјан Аврамовски, актуелен директор на Управата за безбедност и контраразузнавање. Неговата

кариера во МВР започнала во 1983 година од оперативен работник до главен инспектор, помошник началник, сега директор на Управата за безбедност и контраразузнавање назначен во октомври 2003 година на која функција се наоѓа се до денес.

Неспорна е кариерата на Силјан Аврамовски, меѓутоа, едно е желбата на министерот за внатрешни работи во заминување, актуелен мандатор за состав на Владата како наследник да предложи професионалец кој потекнува токму од МВР, но друго е уставната рамка утврдена во членот 97 од Уставот на Република Македонија  каде стои: “Со органите на државната управа во областа на одбраната и полицијата раководат цивилни лица кои непосредно пред изборот на тие функции биле цивили најмалку три години”.

Бидејќи предлогот за министер за внатрешни работи од мандаторот Хари Костов не е во согласност со членот 97 од Уставот на Република Македонија односно Силјан Аврамовски не е цивилно лице најмалку три години непосредно пред изборот за министер кој ќе раководи со МВР, му предлагаме на мандаторот да го повлече предлогот и го усогласи со членот 97 од Уставот на Република Македонија односно пратениците да не го извршат изборот на предлогот Силјан Аврамовски за министер за внатрешни работи, бидејќи вршат дирекно кршење на Уставот на Република Македонија.

Ова мое мислење е воедно мислење на поголем дел од јавноста на Република Македонија, па мислам дека мандаторот ќе најде сили да го преброди сето ова, тоа е во негов личен интерес, инаку господинот Силјан Аврамовски не го познавам, неговите стручни квалитети сигурно на вас како министер за внатрешни работи ви беа повеќе познати, но во секој случај она што значи Устав сигурно е посилно од она што значи кариера и она што значи ваш предлог.

Мислам дека ќе најдете сила  сето ова да го надминете.

Многу често во вашето излагање како министер за внатрешни работи доаѓавме во конфликт и на нашите пратенички прашања од кои баравме ваши одговори и она што значеше работење, мислам дека вака како е претставена безбедносната состојба во Република Македонија  едноставно не соодветствува со она што сака да се прикаже дека безбедносната состојба е толку драстично поправена што апсолутно не можеме да говориме за нешто што не значи безбедност во Република Македонија, дека сето тоа е во ред и дрка може да биде така.

Но, и самите знаете, големиот број на убиства што се случија во меѓувреме откако вие бевте министер за внатрешни работи, она што значеше напад врз сите

институции на државата како бомбите пред Владата, пукањето на Собранието, нападот на Армијата на Република Македонија и сите останати дејствија што се случија во Република Македонија, поставувањето на бомби во контејнери во Скопје, во Куманово, големиот број на киднапирани луѓе кои се уште не знаеме кој каде ги носи и зошто ги носи, големиот број на нерасветлени убиства, вашиот обид да фатите дел од криминалците, а после самите да доаѓаат во полициските станици или некој едноставно со хеликоптери да ги носи од некаде, па да правиме маскаради дека ова што го направивте е навистина голема работа и дека спроведувањето од аеродромот Петровец до затворот Шутка е она што МВР може да го направи. Но, за ова сигурно знаете многу повеќе од мене за поставување на сите овие бомби, за сите инзиденти кои се случуваа во Република Македонија, а јас сеуште, а мислам и македонската јавност нема добиено одговор што и како се случило, кој што направил, зошто сето тоа го направил, а и они што ви ги донесоа на Аеродромот Петровец по кратко време беа отпуштени како нездрави или луѓе кои имаат проблеми со здравјето и на тој начин понатаму се одвиваат работите.

Но, нешто што е симптоматично на неколку пати вие се најдовте во улога и на министер за внатрешни работи и на јавен обвинител и на судија. Тоа го демонстриравте неколку пати и апсолутно не доликува она што го презентиравте пред граѓаните за невиноста на луѓето за кои толку држите затоа што и вашите шест кривични пријави за кои гордо изјавивте дека едноставно сите се побиени и овие што сега ги приведувате, ги затворате, не им давате шанса ни да почнат да се бранат.

Сето ова го има во вашето експозе и во она што го кажувате, јас би ве замолил уште еднаш, како што работевте како министер за внатрешни работи ако продолжите да работите и сега како мандатар и понатаму како премиер, она што го ветивте за полициска држава не би сакал да се исполни затоа што сепак мислам дека Македонија има капацитети и понатаму да остане демократска држава, да владее правото, а не правото на сила, туку силата да биде преку аргументи и факти.

Вие и сега во вашето експозе на многу места кажувате работи кои едноставно не се соодветни ниту за вас ниту за вашето место, јас еве би почнал прво со вас за она што значи ваше експозе, она што успеав да го прочитам и разберам од она што го дадовте во кое, за жал, не видов апсолутно ништо што е поврзано со рокови, апсолутно ништо што ќе покаже како Република Македонија понатаму ќе се движи во овие натамошни 18 месеци или помалку, колку вие експерти, за разлика од вашиот претходник, ќе ангажирате да ја направите таа владина програма со која ќе обезбедите конечно на домашен терен некој да ви каже дека е добро, а странските

фактори вадите инсерти она што кажуваат што е добро за вас, но многу работи од нив не одат заедно, многу работи не носат многу подалеку од Европската Унија без разлика кој како сака да ги гледа работите. Се додека не се поправи она што е Република Македонија, граѓаните на Република Македонија, нивниот стандард да стигнеме до она што значи блиску до ЕУ сето друго може да биде само продавање на магла дека сме блиску, дека ќе бидеме блиску, дека добиваме сигнали, дека сме пред некоја врата, па сме зад врата и се редум од месец во месец, од недела во недела добиваме сигнали кои  остануваат сигнали.

Немојте да мислите дека опозицијата е против тоа што го кажувате, но реалноста, она што допрва ќе го добиеме, сигурно ќе го добиеме како еден чекан по глава кој што побрзо треба да не отрезни и да почнеме да работиме на нашите проблеми негледајќи многу од висина и од облаци, туку ова што се случува долу на земјата.

Би почнал да коментирам нешто од самото експозе. Кажувате дека ќе се изгуби значително време за спроведување на активностите за реализација на стратешките приоритети и токму поради ова Владата нема време за губење, повторно тоа време за губење, Македонија нема време за чекање, нема време за губење и токму поради тоа вие не направивте никакви планови во Владата, а и самите сте свесни дека во оваа Влада и со овие министри имаше интерпелација, имаше проблеми, имаше работи кои едноставно во таа Влада не одеа, затоа и вашиот претходник си замина во фотељата претседател оставајќи ја оваа година со големата најава за еден економски бум кој сите со нетрпение го очекувавме, но, за жал, бумот се случи, но си замина премиерот. Сега сте вие премиер, колку вие сега ќе ја правите таа програма чекавме повеќе од 365 дена, но програма не видовме. Вие, за разлика од вашиот претходник не нудите ни програма, кажувате дека со ентузијазам, со верба во министрите ќе се заложите за многу подобра работа и дека тоа би требало да биде еден основ на кој граѓаните ќе треба да ви веруваат.

Од сето она што претходно го кажувавте тешко дека на збор некому ќе му се верува, значи, треба дела, треба работа.

Од ова што го кажувате понатаму дека основна грижа на граѓаните ќе биде економскиот просперитет, повеќе не се грижат за некои спектакуларни работи на Република Македонија  како што е дали Македонија ќе опстане, дај Боже да е така и сите тубруленции на нашите околни простори кои ги очекуваме да се случат да не одминат овој пат, да не влегуваат директно во Република Македонија  затоа што и

овој кревок мир што постои може да биде лошо и за Владата и конкретно за Република Македонија.

Значи, основната грижа за граѓаните би била економскиот просперитет, но, што се случува? Еве последните неколку месеци имаме пад на производството во континуитет. Падот на производството кој, за жал, во првите месеци достигнуваше големи двоцифрени бројки од 45,37,25%, апсолутно не соодветствува со зборот економски просперитет. Вашите обиди за решавање на некои проблеми, а кои се тие проблеми што можете да ги решите, гледаме дека апсолутно загубарите не се поставени ни на еден список, ова што се случува низ државата како штрајковите на земјоделците, сето тоа ќе донесе уште поголеми проблеми.

Вработувањето, основната норматива и вашето основно ветување во 2002 годиа и 15 септември беше најмалку по еден вработен од секое семејство или според плановите кои ги имавте од вашите експерти меѓу 150 до 200 илјади вработени. За жал, или експертите не беа од тука или вашите проценки беа истресени така, така што стигнавме до 400 илјади невработени со тенденција за зголемување на овој број затоа што Дамакловиот меч сеуште виси на сите оние вработени во јавната администрација, посебно на оние луѓе кои ја имаа таа среќа да се вработат во тие четири години од владеење на ВМРО-ДПМНЕ, значи се е под знак прашалник и прашање на денот кога овие луѓе ќе бидат отпуштени од работа, а на нивно место дали ќе се примат или нема да се примат луѓе ќе зависи од Охридскиот договор.

Третата работа е животниот стандард. Животниот стандард со некаде 1800 евра по глава на жител годишен приход, верувајте ми апсолутно не да не приближува до ЕУ, туку сме толку далеку можеби со светлосни години. Можеби ни изгледа еден ден ќе биде, тоа се 10 години за кои кажувавте дека ќе има пораст на производството повеќе од 6%, сега сме задоволни со 2,75 или 3%, но една од најсиромашните држави во нашата околина и членка на ЕУ - Грција има околу 20 илјади евра по глава на жител, значи повеќе од 11 пати поголем доход отколку има Република Македонија  и граѓаните.

Затоа, мора да бидеме реални, очекувањата дека со влезот во НАТО или ЕУ ќе ги решиме сите проблеми, дека ќе почне да тече мед и млеко, додуша млекото почна да тече, но да се истура, и од тоа ќе имаме мала фајда, тука имаме големи проблеми и апсолутно решението не можеме само да чекаме дека странските фактори позитивно се изразија за Република Македонија  за одредени точки кои понатаму ќе бидат проблем.

Намалување на сиромаштијата, остновната причина е борба на претходната Влада и сегашната Влада беше дека во Република Македонија  има повеќе од 500 илјади сиромашни кои во моментот се 640 илјади, значи се решија големи проблеми и ако продолжиме вака да ги учиме луѓето да се снаоѓаат и да продолжат со начинот на кој сиромаштијата влегува на голема врата, мислам дека ќе дојдеме до она со Насредин Оџа кога го учел магарето да не јаде, па знаеме потоа што се случи.

Но, во секој случај, почнува да се случува и тоа е страшното, во Република Македонија  мислам дека овие точки како што кажа претходниот премиер тоа е приоритетот што Република Македонија во овој момент треба да го има. Значи, економијата, развојот, вработувањето, животниот стандард, економски просперитет. Сето ова мислам дека треба многу брзо не со експертски тимови кои ќе работат уште една година, па потоа ќе донесат заклучок дека апсолутно не беше можно, но тоа е тоа.

Велите дека организираниот криминал не е повеќе во власта. Сега, повеќе не знам што е власт, пред кратко време имаше една афера со неплаќање на ДДВ каде беа во оптег повеќе од 300 милиони денари, а луѓето дали беа од власта или не мислам дека треба да ми кажете вие. Во последно време многу ситуации каде имаме корумпирана полиција, корумпирана царина, па државен секретар кој е приведен и сето ова не знам дали се од власта или не.

Понатаму, имавме неколку афери во Република Македонија  и тоа големи со големи износи како што беше увозот на нафта по највисоки цени во Европа, што понатаму со сето ова најдобро ќе кажете вие. Апсолутно не е потегната никаква истрага, испадна дека Македонија како една од земјите  најсиромашни во Европа ја плаќаше најскапо нафтата. Истото е со Мајкрософт каде без тендер е дадено нешто и сето ова ме води на еден заклучок, на еден графит низ Скопје кој го видов деновиве на кој стои “се е под контрола освен власта”. Ако е тоа целта, тогаш господа сме во заблуда, а власта еден ден ќе падне и ќе има друга власт и тогаш ако биде како што е сега тешко на тие што биле власт. Затоа да направиме нешто што демократски ќе не движи напред.

Ова што пред некој ден министерот, еве уште еднен поздрав до него, што го повлече законот кој ќе го разгледуваме во две фази, значи Законот за кризи едноставно ќе не донесеше во ситуација ако и тоа поминеше во оваа држава повеќе да не говориме за демократија.

Вие самите кажувате голем дел од експозето, впрочем , ова се ваши зборови, впрочем и јас ако сакам можам да кажам на домашен терен постои определено

незадоволство, апатија, очеквување на спектакуларни краткорочни реузултати, кои можеби произлегуваат и од  големите очекувања од парламентарните избори во 2002 година и од некои лесно искажани предизборни ветувања.

Дали ова г-дине минситре, или сега мандаторе, станува нешто со вашите денешни ветувања можете да ги дадете лесно и ние ќе треба да им веруваме. Мислам дека апсолутно е така и нема потреба за што и како да ви веруваме. Кажувате дека Владата ќе работи јавно, нема да има тајни и лажни ветувања и т.н. Сега што е тука јавно ког апосле неколку дена се дознаваат работи кои што кога сакте вие да ги пласирате, тогаш ги пласирате, кога ваши претходни службеници, кои што биле заменети порадиодредени неправилности во своето работење добивале друга работа, повторно државна работа, каде што нивната плата е зголемена можеби  два три пати и сега тука се задоволни. Дали е задоволна Антикорупциската комисија, дали сте задоволни вие како Влада, дали е задоволен човекот што пред неколку месеци беше сменет од една должност, сега е поставен на друга должност и сето тоа толку јавно, толку транспарентно, што едноставно не можеме понатаму да говориме. Тука претходниот премиер промени еден од министрите, пред тоа фалејќи го дека тоа министерство е едно од најдобрите, дека и понатаму треба да се развива во тој стил и на таков начин и имавме една ситуација да биде променет. Истиот министер не се огласи ни со една негова изјава, но еве пред некој ден го гласаме за функција каде штокажуваме дека не била политичка  и дека треба да се ангажира некој стручњак. Истиот тој во Владата во 1995 година беше заменик министер и тогаш имаше некои најави за некои неправилности, но сепак, вие сте горди на сите тие кривични пријави на времето што биле против вас но не издржани. Голема точка во вашето објаснување и мислам дека некогаш ќе држи тоа, тоа се меѓуетничките односи каде што кога економијата нема да оди, едноставно ќе се држиме на нив и тие ако се добри Македонија ќе биде во ред и дека се ќе биде како што треба. Но јас ќе кажам една работа дека на ваков начин како што ги решаваме меѓуетничките односи мислам дека апсолутно во светот никаде нема вакво решение. Се се претвори во некои бројки 64,23, 65, 18,  2, 14, 0,85,  апсолутно тие не се бројки. Се работи за тие што можеме да броиме и да мериме. Ние имаме ситуација кога навистина оние луѓе, без разлика на која националност припаѓаат, ќе бидат навредени ако поради нивната националност добијат вработување, добијат место каде што пред нив има најмалку 100 просечни луѓе кои можат да ја добијат таа работа. Сепак, Македонија е доста мала држава во која што горе долу сите се знаеме, ако не сите, барем во оние ресорни гранки каде

што живееме. Добро знаеме кои се и што може. Со ова се сведува на нешто што за мене е апсолутно неприфатливо, бројките се изучуваат за луѓето, мислам дека во ниедна држава во светот тоа не се случува и не ќе може да се случи, затоа што ние градиме граѓанско општество. Граѓанското општество според мене не се гради по овој терк. Ова не е теркот по кој што Република Македонија може понатаму гордо да чекори и да кажуваме дека не очекува некој економски просперитет. Мислам дека тука морате да промените нешто, мора да се најде начин, квалитетот да доаѓа во израз, без разлика на бројките, тој што може и што треба понатаму да продолжи да работи и да ја развива оваа држава. Тоа е едната работа.

Другата работа, за која што морам да кажам е дека безразлика на се, сите граѓани на Република Македонија, треба да покажат лојалност кон истата. Без разлика за кој и што се работи, Република Македонија сепак е држава на сите нас и само лојалноста, почитувањето на химната, почитувањето на грбот, на знамето претставуваат основни предуслови, за некој да ја сака и да живее во оваа држава, а не во секој момент некој само нешто бара, а за возврат не дава ништо. Тука е големиот проблем и на таа проблематика мора да се работи. Кажувате во еден ваш пасус како еден од регионите од албанско етничко потекло ви кажува дека верува во вас и дека вие сте тие кои што со институциите на системот ќе обезбедат, односно треба да обезбедат. На прашањето дали треба да ви веруваат македонците, што е со киднапираните, враќањето на раселените, дали овие луѓе што ги оставивте понатаму да живеат по пропаднати и веќе недобиваат ни основно за живот, дали тие ви веруваат, или треба да ви веруваат. Дали ви веруваат и војниците кои што беа во првите борбени редови и кои што го дадоа својот живот само за одбрана на уставниот поредок, за одбрана на Република Македонија. Вие дававте изјави во кои што кажувавте дека сите тие се криминалци, дека е криминогена структурата, но веднаш после тоа се покажа дека од таа криминогена структура за која што кажувавте 600-700 луѓе беа некои десетина луѓе за мали криминални дејанија имале кривични пријави. Вие јавно не се извинивте за сето тоа. Тоа беше од некој ваш извор близок до вашето Министерство, од извори кои што многу често знаат кога треба да правите прес-конференции, кога пред ТВ-екраните да демонстирате што се случило. Едноставно, да дадете кривични пријави, да соопштувате дека овој е виновник, тоа се случило вака и вака, дека тука апсолутно е крајот.

Мислам дека на овој начин и после вашето извини е многу малку за одредени луѓе , затоа што судството е она што доаѓа од Европската унија во однос на судството е тоа што треба да го почитуваме, тука неколку сведоци неколку пати за

случувањето со Републичкиот судски совет, за она што и опозицијата исто како вас бараше судиите едноставно да ги бира нивната фела и нивните односи и да дојдат квалитетни луѓе да можат да ја водат оваа држава и судството и тогаш да биде респектирана и опозицијата и позицијата. Вака едноставно, тоа политичко решение, мислам дека не држи и дека тука ќе треба многу работи да се променат.

Понатаму, договорите за децентрализација. Гледајки од она што го понудивте во првиот момент, а мислам дека и понатаму ќе стои она што ќе биде на парламентарна седница, мислам дека политичкото решение, што сакате да го донесете од територијалната поделба, како што е Струга, Кичево и на многу места каде што се врши механичко зголемвуање и протежирање на нечии интереси, ќе дојдеме до една друга ситуација. Мислам ситуацијата е многу очигледна и едноставно, треба да се размисли. Децентрализација да, но со она што го говоревме со многу забелешки од опозицијата, мислам дека министерот ќе ги прифати тој дел од забелешките и ако сакаме нависитна да ја децентрализираме власта да ја приближиме до граѓанинот локалната власт, тогаш зголемвуањето на овие општини на бројот на жителите за два пати, за три пати, мислам дека спсолутно не држи место и дека во прашање се задни намери, затоа мислам дека треба да се гледаат овие работи малку по широко да дојдеме до правата ситуација.

Говоревте за битката против криминалот, но јас ќе ве прашам нешто друго. Десет месеци веќе како е назначен директорот за финансиска полиција кои што заради некоја кривична пријава, само еден месец или месец ипол после неговото назначување беше променет и после десет месеци ние сеуште немаме директор за финансиска полиција. Дали е заложбата на Владата оваа, организиран криминал колку што знам и колку што можам да следам од останатите држави за организираниот криминал, обично доаѓа од луѓе оние кои што се на валст, затоа што нивната моќ им го дава сето тоа и едноставно ако го нема овој директор за финансиска полиција, а гледаме и од кривичните пријави и од финансиската Комисија што доаѓа, сеуште се за некои граѓани кои што се случувале пред 3 години , пред 4 години. Во случајот како што кажавте криминалот е далеку од вашите редови, барем така најавивте, па ќе видиме, можеби после 2-3 години некој друг да кажува нешто друго.

Понатаму, во однос на стопанските реформи. За стопанските реформи кажувате дека Владата е таа што треба да создаде позитивен макро економски амбиент , еднаков за сите учесници. Но што се случува? Владата сеуште одлучува на кој начин сега се бара параван под кој што Владата нема да биде виновна за

ништо, но затоа сега постои регулаторна комисија, која што еве и на вчерашната седница едноставно и покрај тоа што нафтата се зголемува на светскиот Пазар ние веднаш добиваме зголемвуање на нафтените производи, но кога се намалува, тоа оди малку потешко, така да цената и понатаму ќе остане она што е. Но , тоа е регулаторнат акомисија каде што тукакако Парламент одлучувавме за предлог на Владата за некои 7 луѓе, кои што некој од нив беа толку стручни, што поседуваат возачка дозвола од Б-категорија и каде што основното нивно занимање е за она што треба да го работат. Мислам дека несериозноста, немањето луѓе од опозицијата во ваквите комисии и во  агенциите претставуваат голем проблем. Затоа што многу е лесно вие да кажете  агенција за странски дирекни инвестиции, за која што говоревме пред десет месеци и таа агенција сеуште не е оформена. Требаше да се формира, на седницата која што беше одложена, но сеуште не е формирана. Што се случув аво меѓувреме. Колку странски дирекни инвестиции ќе влезат. Ако ги следиме вашите известувања, т.е. известувањето од претходниот премиер што се случувало во посттранзиционите земји после еден голем период кој штопоминал во однос на работењето на државите, доаѓаме во ситуација дека странските дирекни инвестиции се најголеми и најбројни во моментот кога се врши трансформација. Трансформацијата на нашето стопанство барем 90% беше завршено до 1998 година, и за жал, такви странски дирекни инвестиции, нашата тогашна Влада и тогашниот премиер, едноставно не ја сватија таа работа и апсолутно ништо не влезе во Република Македонија, за жал. Значи и кога имаме нешто да понудиме, ние го оставивме на некој менаџерски тимови, кои што вомоментов го поседуваат огромниот капитал во Република Македонија и кој што функционираат онака како што функционираат, но вработените останаа без работни места, значи се дојде во една ситуација апсолутно неприлагодлива за вработените во Република Македонија, а капиталот остана во рацете на одредени мнаџерски компании и менаџери кои што до ден денес сеуште ги немаат платено никакви обврски. Сега што се случува. И овие странски инвестиции Република Македонија, како Република Македонија, како Влада почнува да води големи судски процеси, но забораваме дека последната инстанца не е Врховниот суд во Скопје, тукуза некои работиодлучуваат и надворешни судови каде што Република Македонија може да биде доведена во ситуации да плаќа одредени пенали кон одредени странски фирми и затоа треба да ги признаваме работите онакви какви што се. Значи со наследувањето на било која власт, не почнува се од нас, нешто било почнато, ние како Влада , ќе треба да ги продолжиме работите. Значи ваквите агенции кои ги формира Владата ќе бидат

само еден параван пред Владата, едноставно одговорноста да бид еизбегната, имаме агенции, имаме независност и тука  завршува се. Кажав во тие агенции апсолутно нема  луќе од опозицијата, нема луѓе од секторот од оној што треба да ја прави агенцијата, стручни луѓе, кои ќе можат да одговараат и пред граѓаните на Република Македонија.

Понатаму, кажувате нешто актуелно, затоа пред Владата воиднина  кога ќе се собираат и протестираат на пример млеко производителите нека се сетат дека Владата не е таа која купува и продава млеко, туку дека тоа треба да го прават претпријатијата, преработувачи на млеко за домашниот и странскиот пазар. И ова се би биловоред доколку Владата најде начин, најде услови како да функционира понатаму оние што треба да ги купуваат оние работи и да ги преработуваат и како сега тоа да им се плаќа на оние кои работат, на земјоделците.  Ако ние во моментот добиваме месо по 65 денари од Полска донесено во Република Македонија, а нивната Влада им го плаќа останатото едно евро по кое се изедначува месото во Полска и во Македонија, сега вие подобро ќе знаете од мене како и што работат останатите држави во однос на земјоделството.

Кажувате исто така дека загубарите не ќе можат да бараат да се определат некои работи кои што треба Владата да ги заврши за нив. Значи нека се сетат дека Владата не исплаќа неисплатени плати, не плаќа струја и вода за друг, туку дека самите претрпијатија треба да работат успешнои профитабилно, доколку нивниот приход ги покрива и платите и водата и струјата.

Сега, вие како Влада  нудевте едно решение за загубарите. Значи на 15 септември 2002 година и тие загубари кои што добро ги реши претходната Влада, две, три, за да може да порасне производството во Република Македонија сега одите во ситуација едноставно да немате решение и им кажувате на тие загубари дека вие работите се само да не донесете во НАТО и Европската унија дали после 5- 10 години , или никој пат , не е важно да се работи и спектакулрани резултати апсолутно да не очекуваме.

Во однос на вработувањето повторно кажувате нешто. Јас би кажал неколку работи . 2003 година донесена е една Одлука каде што се избркани од Електростопанство на Македонија повеќе од 1000 луѓе вработени. Тие вработени во моментот добиваат судски решенија со кои што ќе треба да бидат вратени на работа. Јас  и тогаш и сега повторно ќе ве прашам. Електростопанство на Македонија, само пред некој месец, говоревме за некои трансформации кои што се во тек, за кои што воопшто не требаше да расправа Собранието на Република

Македонија , но гаранцијата на Собранието беше за тоа што министерот Јакимовски жестоко се бореше да добиеме една потврда пред странските инвеститори, пред Европската банка за развој за да добиеме кредит од 45 милиони евра, кои што договор Владата на Република Македонија го потпиша и брзо како пратеници ќе го имаме тука да го потврдиме уште еднаш.

Јас ќе прашам уште еднаш ако сега овие луѓе без никаква трансформација беа истерани од Електростопанство на Македонија. Вие веќе донесовте Закон за трансформација и преобразба на Електростопанство, значи за продажба во која штооној што ќе го купува дали ќе биде странец или домашен инвеститор, сигурно дека ќе има повторно проблеми со бројот на вработените и повторно отпуштање од работа. Кога ние ќе стигнеме на Електростопанство на Македонија кое што вомоментов е единственоштo работи ифункционира како што треба, а какви ќе бидат овие бркања и кои се тие капацитети кои ги нудите во Република Македонија, коиштопонатаму ќе работат и ќе можат да вработат барем 100, 200, 500 или 1000 луѓе. Такви фирми апсолутно не видовме дека се отворени, а уште потешко дека ќе се отворат.

После завршувањето на изборите секаде се пуштени информациите дека следи бркањето од јавните претпријатија, намалување на тие 4% и сега сите вработени се заложници. Сега секој од тие вработени, од тие 100% се гледа во тие 4% и вие можете да правите што сакате со нив. За жал, тоа е така, ги донесовте во една мат позиција луѓето, никој немаше против некој да се вработи, но вие наместо да вработувате, веќе ги бркаат од работа. Како ќе стигнеме до она што го ветивте од секое семејство да има по еден вработен, незнам, или вие како иден премиер нема да стоите зад оваа крилатица бидејќи не сте член на СДСМ кој ова го ветуваше. Тука можеби е едно од решенијата на претходниот премиер, толку итро да ве назначи за мандатар.

Сега во овие две години, или година ипол, како што милувате да кажете, во Република Македонија очекувавме да се случи бум. Со овие министри имаше големи најави дека Коридорот 8 и 10 се тие што понатаму Република Македонија ќе ја доближат до ЕУ, дека ние ќе бидеме врзувачко ткиво, дека ние сме центар на Европа, дека тука пулсира онаа жила кукавица која ги поврзува сите овие соседни балкански држави. Но што се случи, најдобро знаат граѓаните, а и министрите. Сегашниот министер е од овие што беа во новата Влада. Мислам дека железничката пруга на коридотот 8 исток-запад апсолутно ни еден метар во моментот не е направено. На неколку прашања за железничката пруга Битола - Кременица, која е

направена и која има околу 14 километри, апсолутно ништо не е направено и покрај тоа што грците успеаја да ја направат железниката пруга до самата граница.

Се случи она што така бомбастично беше најавувано 2004 година, Олимписки игри. Олимписки игри во нашиот јужен сосед, олимписки игри прв пат после 100 години Република Македонија да биде една од државите која ќе успее во моментот да се претстави пред Европската и светската јавност, успех кога спортските сали во Република Македонија ќе бидат искористени за подготовки, адаптација и аклиматизација на спортистите од целиот свет. Но за жал од тоа не се случи апсолутно ништо. Денес е веќе 1 јуни Олимпијатата ќе помине, не направивме ни еден километар асфалтен пат, ни еден километар железничка пруга, нашите соседи сето тоа го искористија. За жал, ние ги затворивме спортските сали во екот на олимписките игри на Олимписката година, кога нашите олимпијци мораа нормите за квалификации на Олимписките игри да ги бараат во нашите соседни држави, а за возврат апсолутно никој не се чуствува виновен. Ова ќе помине, Владата кажува една работа: Ние направивме тоа што направивме, направивме тоа што отвориме ВЕБ страница  во која е претставена Република Македонија и на која се гледаат патиштата по кои туристите ќе можат да поминат низ Република Македонија, во што апсолутно се сомневам затоа што патиштата веќе се изградени.

Понатаму, имавте ветувања за она што го крстивте најголемото промашување на господинот Тупурковски, а тоа беше Бунарџик и сега едноставно кажуваме дека тоа е светлата иднина на Република Македонија. Но страв ми е да не се случи истото како што кажувавте за оние три столба кои сеуште стојат до Езерото “Младост” во Велес и отворањето на патот Битола - Велес преку Бабуна. Останаа само три столба, барем со мост да беа поврзани, за да личи дека нешто од ова ќе биде направено.

Пред екот на сезоната во Охрид се руши се. Кажувате дека тоа е во интерес на екологијата, во интерес на правото, но ако почнете со рушење на сите незаконски изградени објекти во Република Македонија, мислам дека ќе стигнеме само до 50% од објектите да функционираат, затоа што самите знаете дека голем дел од нив апсолутно немаат ни градежни дозволи и апсолутно не би требало да функционираат. Но тоа е тоа, вие одлучивте така, мислам дека ќе продолжите да рушите се. Или целта е, ова што се руши, можеби некој има подобри програми и архитектонски решенија утре да направи можеби подобри објекти на истите места, но сега со градежни дозволи.

Ова сакав да го кажам за она што вие го претставивте како експозе, како нешто што можевме да го видиме и кое можевме да го прочитаме.

Би сакал да проговорам нешто и за министрите, за составот на Вашата влада, за луѓето за кои понатаму треба да веруваме дека се луѓе кои ќе ја донесат Република Македонија на вистинскиот пат. Би почнал со еден министер кој беше претседател на Собранието на Република Македонија кој сега е министер за финансии, господинот Никола Поповски, кој доаѓа од мојата изборна единица, од изборната единица број 5.

Прво, мислам дека вчера беше присутен, денес не го гледам дека е присутен, изгледа не е тука,  но без оглед на тоа, ќе морам да кажам неколку работи. Ќе почнам со одговорноста за ТАТ. До 1998 година знаеме што и како се случи со таа штедилница. Кој е виновен, тука слушнавме многу ветувања од оваа говорница дека тогашниот премиер ќе го најде октоподот, ќе ги пресече краците и ќе направи се тие штедачи да бидат обештетени. Но што се случи, видовте и самите, не се најде ни кракот, а за главата воопшто да не разговараме и остана прашањето што сега. Сега ништо. Продолжи ветувањето на изборите 2002 година пред 15 септември дека сертификатите ќе се претворат во обврзници, претходната влада на чело со господинот Георгиевски и тогашниот министер Никола Груевски сертификатите што ги понудија за овие штедачи дека се уште една кражба и со тоа нивната вредност од 49% е кражбата што ја прави  во ТАТ тогашното актуелно раководство на ВМРО-ДПМНЕ. Но помина и 15 септември 2002 година, се случи народот, народот ја зема власта или вие ја земавте власта во име на народот, без оглед како и после една година, на 16 октомври 2003 година сегашниот министер, а тогашен пратеник и претседател на Собранието, заедно со моите колеги предложија еден закон во кој се бараше решение да се обештетат штедачите од ТАТ. Тоа решение беше да можат штедачите да купуваат од ЈП за станбен и деловен простор и рокот на сертификатите да биде продолжен за една година. Тоа наиде на одобрување од опозицијата, но и после два месеци од недавањето на овој закон во парламентарна расправа, следеше уште еден закон од опозицијата. Но што се случува? Некаде во јануари 2004 година, сега како министер за финансии, господинот Никола Поповски кажува дека ова апсолутно е неизводливо, нема средства и ова не е начин како да се обештетат штедачите. Значи како пратеник, законот е во ред, но како министер вели дека нема средства и не доаѓа предвид ова да се реши. Сега дали ќе биде ова и понатаму така, дали за секоја ситуација, бидејќи видовме како функционирате како опозиција, но сега е проблемот и во власта, функционирате два пати. Како може да

се измамат граѓаните, демек има закон, но еве сега не дава претходниот министер, но сега тој што го предложил законот не дава и дојдовме во ситуација штедачите на ТАТ да биде доведени во состојба за која и моите ценети колеги кажуваат дека не треба да дозволиме шпекулантите да се збогатат. Но сертификатите важат до 9 јули и овие денови нивната вредност е од 6 до 9%. Во меѓувреме, сакате да се сработи нешто, Агенцијата за приватизација повторно да ја продолжи својата работа и повторно шпекулантите во рок од еден месец ќе заработат 5,10 пати повеќе од она што е реална вредност, па повторно наместо штедачите да бидат обештетени некој ќе направи богатство. Вие говорите за правна држава, дека организиран криминал и дека сето ова е регуларно. Ако ова е регуларно, незнам што останува за понатаму и било кој граѓанин на Република Македонија да очекува дека може да се движи кон регларното. Мислам дека со сите овие работи Никола Поповски треба апсолутно да застане пред штедачите на ТАТ да им објасни што се случува, дали постои било каква реалност за овие работи, барем рокот на сертификатите да биде продолжен за да не се најдат во ваква ситуација по 6% или утре по 1% да ги даваат своите сертификати.

Понатаму, во Битола се случи “Лозар”. Пред 15 септември, тогашниот премиер, а сегашен министер за финансии им искажа безрезервна поддршка на вработените во “Лозар” и кажа “Лозар” е ваш, тука апсолутно нема никој сила и шанса. После тоа се донесоа судски решенија, 14 пати полицијата на тогашниот министер а сегашен мандатар господинот Хари Костов апсолутно неможеше да влезе во “Лозар”, затоа што вработените имаа стапови, трактори, приколки и други објекти опасни по полицијата и граѓаните кои се наоѓаа во “Лозар” или пред “Лозар”. Но 15-тиот пат без Влада, без министер за внатрешни работи - мислам дека не бевте или можеби и сега сте, незнам, ќе кажете како мандатар дали сте или не сте. Во секој случај, полицијата влезе, и покрај стаповите, приколките и останатите работи кои можеа во еден момент да бидат злоупотребени. Вие влеговте и сега останаа излажани повторно вработените на “Лозар”, останаа пред вратите на “Лозар”,сега не можат ни да се доближат до него. Сега е обратната ситуација и незнам дали тогаш или сега е она вистинското кое им го кажувавте на луѓето. Но ќе треба повторно да одите и да им го кажете на луѓето сето ова таму.

Почнавте со невидено производство, со пад на производството од 40%, 20%. Но решението го имаше министерот за финансии веднаш, дека тоа се погрешни резултати од Државниот завод за статистика. Сега ако го промениме целиот Завод за статистика, ќе стигнеме до 5 развој на производството и тоа ќе ни биде доволно

за да се приближиме до ЕУ! Ова е начинот на кој вие функционирате, а секој што ќе каже забелешка сигурно веднаш е против вас, но сето тоа не ве оправдува како министри. Тука има една статистика во која се кажува дека Владата не знае ни со пари да работи. Можеби претходната реконструкција беше токму тоа, затоа што голем број на средствата кои беа доделени на Владата апсолутно не беа искористени.

Тука би сакал да кажам неколку зборови за земјоделството, каде имаше 59,74% неискористеност или од оние средства кои му беа доделени на располагање 210 милиони денари, искористило само 35 милиони денари или 17%. Значи, сите министерства биле со некои вакви средства, каде едноставно се стигнало до просек од 65% искористеност, каде што најмногу од сите искористел министерот за образование, господинот Положани, околу 78%. Дали ова е позитивно? Вие кажувавте дека штедите, но што е штедењето, дали тоа што го кажувате или незнаењето да се инвестира и да се добијат проекти кои понатаму ќе бидат раздвојни и ќе донесат доста ситуации кои ќе значат за развојот, тоа вие ќе го кажете.

Јас би сакал да се осврнам на уште еден, два ресорни министри, за кои толку жолчно се расправаше во оваа една ипол година. Мислев со назначување на нов мандатар ќе има промени во тие ресори, но останувате како што сте. Посебно би сакал нешто за Министерството за земјоделстви, шумарство и водостопанство.

Министерството за земјодеслтво во оваа една ипол година направи толку многу гафови и грешки во однос на земјоделците, што едноставно дојдоа до ситуација да бидат државен непријател број 1. Тоа што го зголемивте ДДВ, и покрај тоа што ветувавте на изборите 2002 година дека бројот на производите кои ќе имаат намален ДДВ е многу голем, но вие тоа не го направивте. За жал, го зголемивте бројот на тие производи и во нив  влегоа оние репроматеријали и ѓубрива, хемиски препарати, скапи ветеринарни услуги, скапа механизација, со еден збор скапи давачки и зголемени трошоци. Вашата аграрна политика доведе до тоа во земјата да немаме повеќе ниту земјоделци, ниту сточари, живинарските фарми видовме на што личат, видовме како по нашите останати фарми се случува помор на свињите поради немање храна или поради некој застој во законските процедури.

Мислам дека апсолутно таква работа не смееше да се дозволи, но се дозволи пченицата која ја имаше по 13 денари да се откупува по 8-9 денари и кога дојде цената, кога велевте дека треба да има пазарна економија и некој понуди повисока цена, вие ги условивте дека не можат да извезат пченица, таа мора да остане во

Република Македонија. Значи повторно државна интервенција, но само тогаш кога државата има корист од сето тоа, а не во интерес на оној кој го прави производството.

Што да говориме за тутунот? Кажувавте дека ќе биде златното лисје на Република Македонија, но остана на половина цена и премиерот, после една година од владеењето на СДСМ тука пред сите нас во експозето ни кажа вам ви е убаво, ама не знаете колку ви е убаво, сеуште не го чувствувате тоа. Тој го почуствува и си замина. Што се случи понатаму? Многу пати расправавме за преспанските јаболка, апсолутно ги обвинивте производителите дека  не можат да најдат пласман. Понатаму се случија големи штети кои и Република Хрвстска и Словенија и Бугарија едноставно ги платите на земјоделците. Значи за штетите што се направија во лозарството и овоштарството во Пелагониско имаше записници и контроли, се кажа дека Владата тоа ќе го плати, но гледано од денешна гледна точка, како и тогаш така и сега, знаеме дека сето тоа е само фарса. Се доделува земја на луѓе кои се социјални случаи и незнам како се мислеше дека тие ќе можат да ја обработуваат таа земја и како понатаму ќе станат успешни стопанственици кои ќе дадат придонес за нашата држава. Покрај сите овие работи што господинот министер за земјоделство ги направи и последните кризи или некризи во однос на она што значеше млечна криза, увоз на млеко во прав или увоз на многу други работи, мислам дека барем во ресорот на Министерството за земјоделство ќе се побара човек кој многу повеќе ги разбира овие работи. Господинот Петров, како што за господинот Костов неколку пати кажав дека тој ќе стане премиер, мислам дека и господинот министер за земјоделство може да биде добар министер за правда, но во земјоделството малку тешко му оди.

Би сакал да кажам неколку збора за човекот кој што направи толку контраверзи во македонската политика во оваа година, тоа е министерот за образование господинот Азис Положани. Што направи тој во ова време и покрај тоа што кажуваше дека ќе реализира, ќе се направат учулишта, спортски сали, дека ќе има компјутеризација во основното, во средното образование, од сето тоа асполутно ништо. Како успех тука ни говореше дека се намалуваат бројот на часовите, се намалува бројот на учениците во паралелките, вработување на стручни кадри и тоа хигиеничарки. Сигурно овие претходните беа многу нестручни, па моравте да ги промените, па се до стручни лица со партиски книшки кои заменија луѓе кои беа на работа седум и осум години.

Понатаму, кажувате дека ќе работите на децентрализација на ова што го видовме во централната власт што го направивте во сферата на образованието апсолутно не ме уверува дека понатаму префрлувајќи ги и тоа на локалната власт, дека ќе стигнеме до нешто што ќе ни донесе барем најмали резултати, мислам дека тука ќе имаме многу голем пад и дека образованието во години нанапред како што функционира сега вака ќе донесе големи проблеми комплетно за цела држава.

Во сферата на високото образование формиран е совет за развој и финансирање на високото образование, донесени се нови нормативи и стандарди за основање на нови високообразовни установи што еве ги гледаме денеска, основање на Тетовскиот универзитет, а критериумот е како што кажаа луѓето од науката како да се формира земјоделска задруга, но и тогаш ќе треба одговорност. Она што тогаш го говоревме господа пратеници од позицијата, се случува токму деновиве денеска гледам ги читате весниците и ќе прочитате дека на Универзитетот во Тетово се отвораат два факултети: медицински факултет и факултет за фармација, кои што во она што тогаш како програма тука ни беше на сите нас понудено, апсолутно никаде не постоеја икога говоревме дека тие факултети ќе се множат како печурки после дожДржавната изборна комисија, апсолутно тука некој мислеше дека е тоа против албанскиот народ, против незнам кој. Се работеше за образование. И ако сега македонците добиваат квота на Тетовскиот универзитет, многу брзо после неговото формирање, мислам дека се' она што беше кажано апсолутно ќе се потврди и оставам на вас. Затоа мислев дека и мандатот ќе најде начин како да изреагира за овие работи за кои што тука денонoќно говоревме, а говоревте дека се празни дискусии. Еве го тоа многу брзо дојде на видело и сега незнам што понатаму ќе се превземе и дали ќе се превземе воопшто нешто.

Говорите за тотална негрижа на претходната власт за студентскиот стандард и тоа го гледате во тоа што таа после низа години изврши интервенции и поправки во голем број студентски домови, дека студентите плаќаат нереално ниски цени за сместување и исхрана, а вие сега водејќи голема грижа за сето тоа и посебно за студентите им ги покачивте цените за сместување и исхрана, ги намаливте стипендиите и студентските кредити, голем дел од нив се укинати и ги сместивте вашите шофери од ДУИ во Студентскиот дом “Кузман Јосифовски Питу”. Колку средства издвоивте за науката и научните проекти во претходната 2003 година и сегашната 2004 година и колку имавте побарано во претходниот Буџет во кој ви беше одобрено од премиерот. Друго што министерот направи, тоа беше паралелката во Битола каде што еве, и покрај укажувањата дека имаме извршено

голема манипулација со средношколците и дека тука господинот Положани направи најмалку 11 неправилни работи или парадокси за да отвори една паралелка на средно образование, каде што ја подигна тензијата до максимум и каде што во секоја нормална држава мислам министерот после таквите работи кои што апсолутно не соодветствуваат со она што значи закон, устав и она што самиот тој треба да го почитува, си дава оставка и си заминува едноставно од местото министер за образование. Сигурно дека ќе најдете, ако не подобар, барем човек колку него да ги разбира работите. Но, во секој случај тоа не се случи, министерот и сега е и ќе си продолжи да работи и ич мува не го лази, значи или е истото како што беа овие министри и покрај сите забелешки и покрај се' она што го ветувавте и 2002 година, што го ветувавте и со новото експозе од претходниот премиер 2003 година и ова експозе што сега го слушнавме, до душа ветување апсолутно нема, кажување дека е ентузијазам и дека меѓуетничките односи кога ќе се средат во Република Македонија, ќе почне да тече мед и млеко. Но, еве тоа е тоа. Имам забелешки за другите министри, но во секој случај тие се кажани. Мислам дека многу нема да променам во сето ова. Од сето ова што го кажав мислам дека бев доволно јасен дека оваа влада не можам да ја поддржам. Мислев дека ќе има подобри решенија барем постручни луѓе да продолжат понатаму да ја водат владата кон нови успеси. Но, еве можеби 300 други стручњаци понатаму ќе најдат начин како ќе се развива нашата држава, па многу скоро ќе говориме повторно за “Електростопанство на Македонија” ќе говориме дека “Електростопанство на Македонија” ќе се продаде многу брзо, можеби тоа ќе биде начинот некој да затвори одредени состојби кои што во овој момент изгледаат многу далеку од реалноста. Во секој случај јас ќе гласам против оваа влада. Оставам на колегите пратеници да размислат добро за кого гласаат.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави госпоѓа Благородна Мингова - Крепиева.

БЛАГОРОДНА МИНГОВА - КРЕПИЕВА:

Колку и да сака човек да изанализира едно ваше 65 минутно излагање, навистина многу тешко ќе може да го направи тоа во три минути кои може да ги искористи како реплика. Но, би сакала само да реплицирам на неколкуте испревртени тези кои ги пласиравте во вашето излагање. Едната од нив е подготовките за Олимписките игри во Атина, потсетувајќи ве дека и градовите и државите се избираат осум години однапред, подготовките започнуваат и пред самото кандидирање, а ако префрлате за година и пол немање можност да се

направат сите подготовки во Република Македонија, тогаш ве запрашувам, како можевте да ја испревртите тезата и да заборавите дека од 1988 до 2002 година претходната влада спиеше во врска со ова прашање.

Велите дека е унакажано Охридското крајбрежје пред туристичката сезона. Повторно испревртена теза. Не се прашувате зошто се унакажа Охридското крајбрежје, односно градот кој е заштитен од УНЕСКО во периодот од 1998 до 2002 година, ера на беззаконието и без законитата градба. Барате правна држава, а велите дека во овој случај не треба да се почитуваат законите.

Спомнавте дека за земјоделието и како за жал свињите изумреа заради тоа што немаа храна и заради тоа што храна оваа влада не им обезбедила. Повторно превртена теза. Заборавивте дека кога ги продававте, ги продадовте за без пари и ги дадовте на лица кои ниту имаа одговорност, ниту умееја, ниту знаеја да работат со нив. Често пати честото испревртување на тезите кое сесрдно го користевте во ова ваше излагање, почитуван колега Мавровски, може само да доведе до испревртување на свеста и на критериумите при оценувањето на состојбите и појавите во општеството. Искрено се надевам дека кога ќе говорите повторно, ќе се навратите и на извештаите на државната ревизија за се' она што беше правено и за се' она на што ни укажаа во последните извештаи. И за без тендери купувањето на џипови и за патувањата и за енормно високо платените преводи, за подароците, за сликите и за се' она, овој пат навистина не сакам да говорам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави господинот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Во една минута тешко ќе одговорам. Јас мислев госпоѓата ќе се јави за дискусија, па ќе можеме да продискутираме на тој начин. Но, во секој случај вака да ви кажам, од ова што во овие 18 месеци е направено од Владата на Република Македонија и одговорот кој го добив од ресорното министерство е аплицирано и тука е се' завршено. Атина ги доби пред осум години Олимписките игри, но во Атина сеуште се работи, многу објекти сеуште не се завршени, а кај нас не се стави ниту една тула, не се сработи апсолутно ништо.

Објектите што кажувате на Охридското Езеро некои се градени и пред 18 години, 10 години, а мислам дека ВМРО-ДПМНЕ тогаш не беше на власт. Повторно беше некој друг и повторно не сметаа во сите овие години, но сега се токму тие што треба да се рушат.

За земјоделието кажувате свињите немаа храна, затоа што ги имале некои што не знаеле да работат со нив. Па како кога секаде вие запирате се' што може да сработи некој. За да може да направите контрола две години правите контрола во Јавното претпријатие дали биле спортските објекти направени, или ненаправени. Во меѓувреме и тоа што беше направено, се разруши.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има господинот Никола Груевски.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Почитувани пратеници, претставници на Владата на Република Македонија, почитувани дами и господа,

Денеска пред нас е предлогот за избор на нова влада на Република Македонија, предлог кој што доаѓа после трагичната смрт на претседателот Трајковски и вонредните претседателски избори на кои што оваа владина коалиција со помош на груб фалсификат се ослободи од поранешниот премиер чие едно и пол годишно работење заедно со истите овие министри во Владата кои денес ни се предлагаат од новниот мандатор со еден исклучок, принуден исклучок во Министерството за внатрешни работи каде се испразнува местото, беа тим кој што длабоко ја уназади Република Македонија на економски план, а исто така и на планот на демократијата, човековите права, потребните, а не остварени реформи во образованието, здравството, судството, земјоделието и повеќе други значајни области на општествениот живот во Република Македонија.

Почитувани пратеници, да се потсетиме, Владата на Република Македонија во претходен состав најави пред овој Параламент дека оваа година ќе биде година на економски бум во Република Македонија и она што може да се забележи во првите четири месеци е дека во првиот месец на оваа година индустриското производство падна за историски 45% споредено со истиот мессец претходната година. Во вториот месец на оваа година на економски бум, индустриското производство падна за 30% во однос на истиот месец минатата година. Во третиот месец на годината на економски бум, индустриското производство падна за околу 33% во однос на претходната година. Во четвртиот месец на годината на економски бум, индустриското производство падна за 19,1% во однос на истиот перидо лани. Во меѓувреме, после третиот месец Владата нервозна од катастрофалните резултати направи интервенција во Заводот за статистика која беше проследена и во јавноста и одеднаш не извести дека имало софтверска грешка и дека падот во првите три месеци не е толку голем, туку просечно дека изнесува 26% наместо просекот од 36%

кој што се засметуваше претходно. Покрај другото со ова сите понатамошни податоци на Заводот за статистика се доведуваат во иднина под знак прашање. Но, како и да е, очигледно е дека економскиот бум започна многу лошо проследено и со натамошно зголемување на бројот на невработени кои што во оваа една и пол година порасна за околу 22.000 лица проследено со водечката позиција на Република Македонија по сива економија во Европа, проследено со лошата бизнис клима во Република Македонија која што понатаму продолжува која ги одвраќа странските, па би рекол и домашните инвеститори да отворат нови работни места. Може да се заклучи дека овој состав на Владата од досега виденото може да вети само натамошно стагнирање, но уште повеќе уназадување на економските перформанси на Република Македонија и на животниот стандард на граѓаните. Ова станува посилно кога ќе се забележи дека новиот мандатар на Владата, кој извесно е дека коалициониот блок ќе го изгласа за премиер. Од економијата во неговиот говор најмногу се задржа на млекарите и на загубарите, порачувајќи им да не очекуваат интервенции од Владата за плати, за струја, за вода и тн. и дека треба да работат позитивно. Јас во основа се согласувам дека тие треба сами да си го остваруваат својот профит и да ги покриваат своите трошоци. Но, што е она што тој им го нуди почитувани пратеници, како мандатор, што освен зборот дека ќе продолжат структурните реформи и освен овој збор не слушнавме нешто поконкретно околу тоа. На пример, не слушнавме која ќе биде политиката на Владата за зголемување на конкурентната моќ на македонската економија, која ќе биде политиката во однос на фискалната и пред се' на даночната политика која многу значи за економските субјекти и од која и те како зависи колку пари ќе им останат на компаниите за инвестиции со кои би отвориле нови работни места, со кои мерки Владата ќе се обиде да делува во правец на намалување на трговскиот дефицит, какви мерки ќе се преземат за привлекување на странските инвеститори во државата кои треба да отворат нови работни места, кои ќе бидат конкретните чекори и политики за намалување на невработеноста. Ова е особено важно што оваа Влада спроведе некои мерки меѓу кои што беше и специјалниот закон за стимулирање на вработувањето, а сепак во Република Македонија наместо да се намалува невработеноста, таа расте по сите параметри, вклучувајќи го и Заводот за статистика од каде што Меѓународниот монетарен фонд ја користи бројката од 37% невработеност во Република Македонија која што во меѓувреме и порасна. И дефинитивно станавме држава со најголем процент на незвработеност во Европа. Босна и Херцеговина, Албанија, Србија, па дури и протекторатот Косово по ова

прашање се во подобра ситуација од нас. Оваа бројка е од минатата година и во меѓувреме и таа е порасната без да ги сметаме работниците кои официјално се водат за вработени, а со месеци немаат земено плата. Беше ветено минатата година дека данокот на додадена вредност ќе се намали, данокот на додадена вредност се зголеми, пораснаа многу цени на основни производи и услуги и тн. Така што, навистина е многу важно која ќе биде политиката понатаму.

Почитувани пратеници, забележливо е дека новиот мандатор поучен од неговиот претходник не дава ниту едно поконкретно ветување. Значи, од една крајност одиме во една друга крајност. Меѓутоа, треба да се знаат некои работи.

Прво, гласачите во Република Македонија во 2002 година својот глас меѓу другото на овие избори, на тие избори го дадоа на основа на изборните ветувања од страна на СДСМ, нивниот претседател воопшто на СДСМ и сите други кои што учествуваа во таа кампања. И нив не ги интересира дали партијата СДСМ и нејзината коалиција ќе донесе нов премиер кој во тој момент не учествува во кампањата во јавноста. Според тоа, нема бегање од дадените ветувања, тоа се ветувања на СДСМ и на таа основа оваа партија доби доверба и четири годишен мандат на Влада. Новиот мандатор треба да го знае ова и претпоставувам кога ќе се нафати на оваа функција ги има на ум обврските преземени од страна на партиите кои што застанаа зад него, или ќе застанат денеска, а пред се' обврските кои што ги презема СДСМ. Независно што во неговото експозе тој се обидува да избега од многу обврски, неспомнувајќи ги вработувањата од секое семејство, неспомнувајќи дека во предизборната кампања беше ветен секоја година раст од 6% до 7% на бруто домашниот производ и ред други ветувања. Доколку пак сака без тој терет да влезе во својот мандат, односно без тие ветувања, може да го направи тоа со предвремени парламентарни избори во Република Македонија, на кои ќе го вети она што го мисли, она што мисли дека треба да го вети и да го исполни и граѓаните ќе одлучат дали повторно да му ја дадат довербата или не.

Интересно е дека слижно на неговиот претходник, новиот мандатар речиси да не ги споменува реформите во образованието и во здравството. Теми, од кои вешто бегаше неговиот претходник. наспроти ова ни се нудат истите министри во Владата, кои јавноста во оваа една и пол година не ги памти по некоја реформа, а состојбите во нивните ресори се полоши од било кога. Да речеме, најголемите штрајкови и протести во минатата година дојдоа токму од секторот на образованието. Најголемите критики беа насочени таму, а образованието можеби е и најважниот сегмент во општеството, имајќи предвид дека од тука треба да се произведат нови

сили и капацитети, кои во иднина ќе ја водат оваа држава, ќе одлучуваат за многу прашања и треба да бидат двигател на целокупниот општествен развој.

Нема ништо спомнато ни за односот кон земјоделците и политиката на новата Влада кон земјоделството. Сиромаштијата во Република Македонија растеше во минатата година, расте и оваа година. Не чувме некој конкретен предлог како Владата ќе се справува со тоа. Проценките говорат дека околу 15% од високо образовниот кадар во Република Македонија ја има напуштено Република Македонија и е во странство. Голем дел од нив се од групата на највисоки капацитети што ги има во Република Македонија.

Конечно, почитувани пратеници, минатата година и половина Република Македонија имаше огромен пад на планот на демократијата и на човековите права. Неодамна ја слушнавме изјавата на претседателот на Европската комисија Романо Проди за последните избори и фалсификати што беа направени и давање на знамиња. Колку да е тоа во културна или дипломатска форма дека Европската унија има јасна претстава за она што се случуваше во Република Македонија во изминатите месеци поврзано со спроведувањето на изборите од страна на власта. Впрочем и извештајот на ОБСЕ за изборите, доволно, иако не целосно зборува за какви избори се работеше и за каква демократија станува збор.

Ако пак ги погледнеме месечните извештаи на Хелсиншкиот комитет за човекови права во Република Македонија објавени на нивната веб страница, ќе стане уште појасно во каков систем живееме во оваа една и пол година. Од масовни притворања по селективна основа до нивниот третман во постапката, преку почитувањето на сопственоста, преку притисоците од власта врз судовите, преку реваншистичките отпуштања од работа на илјадници вработени во време кога на власт била денешната опозиција, ВМРО-ДПМНЕ, па се до оценките за работењето на Министерството за внатрешни работи во многу ситуации, позиција од која што доаѓа новиот мандатар. Ако досега сите вакви извештаи и протести на опозицијата на Хелсиншкиот комитет за човекови права во Македонија и на многу бројни релевантни меѓународни институции и беа игнорирани, што можеме да очекуваме сега кога целокупната власт е во рацете на една коалиција, вклучувајќи ги и претседателот на државата и гувернерот. Познавајќи ги манирите на главните ставови на овие актери во власта, ние сигурно влегуваме во период на тоталитаризам во Република Македонија, во кој Заводот за статистика ќе ни презентира се поубави и поубави податоци. Министерството за внатрешни работи ќе пушта кривични пријави на кој ќе стигне од опозицијата, образованието ќе остане во

функција на јакнење на образовните можности само на една етничка заедница против која немам ништо против, но што со останатите граѓани. Што со крупните потребни реформи во образованието генерално. Здравството ќе тоне во своето пропаѓање, а ќе се замаглува со фингирани извештаи за поранешните директори, те од оваа, те од онаа клиника. Бедотијата и сиромаштијата ќе растат, производството ќе опаѓа, а криминалот и корупцијата што се случуваат денес, не вчера, туку денес, ќе бидат само благо проследувани од медиумите, а од време на време и ќе се уапси по некоја ситна риба со и вака која била на отстрел на власта, од нивните редови.

Почитувани пратеници,

Навистина звучи позитивно делот во кој мандаторот зборува за реформи и напредок и го чувме во експозето, како и за решавање на заедничките проблеми, за напредокот и намерите за влез во Европската унија и во НАТО, за завршување на Рамковниот договор, за реформи во судството за кои цела една и пол година се зборува, а ништо конкретно не е направено, освен фрлените обвинувања врз судиите и притисоците врз нив. Но, во ова експозе, навистина не гледам цврсти и конкретни ветувања и визии. Не гледам дека со овој тим Република Македонија ќе биде поразлична во иднина, од она што го гледаме во овие една и пол година. Имаше и одредени позитивни чекори, но значително преовладуваа крупни грешки, неостварување на ветувањата, пад на животниот стандард, загрозување на многу човекови права во Република Македонија, зголемување на сиромаштијата и апатија. Деновиве слушаме дека во размислувањата на ММФ помеѓу 2-3 опции што се вртат, една од опциите е и можност за воведување на валутен борд во Република Македонија до крајот на оваа година. Не слушнавме ништо ни за тоа од мандаторот за Влада. Покрај ова, изненаден сум што и понатаму се продолжува со игнорирање на проблемот со визи на Република Македонија. Не слушнавме дали има намера да се исполнат условите после кои што Македонија ќе може, барем од технички аспект да биде подготвена да побара укинување на шенген визите од страна на Европската унија и добивање на тоа укинување, како што веќе го имаат направено Бугарија, Романија и ред други држави. На чувме ништо повеќе за политиката кон земјоделците, вкупните цени и воопшто реформите во секторот на земјоделството.

Според ова, почитувани пратеници, почитувани дами и господа, јас лично не можам да очекувам некои новини во работењето на Владата и согласно на тоа ценам дека единствен излез од оваа ситуација е предвремени парламентарни избори. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г. Ангел Димитров.

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Благодарам госпоѓо потпретседател,

Бидејќи, имам три минути за реплика, би сакал само на 3, 4 моменти од излагањето на г. Груевски да реплицирам. Тој споман за проблемот на невработеноста, за тоа дека Законот за стимулирање на невработеноста не вроди плод и дека државата и новиот мандатар не нудат некоја политика на вработување. Дали она што тие го нудеа во нивната програма за економски развој беше политика за вработување. Јас само еден цитат од програмата за развој на Македонија која ја изготви нивниот економски советник Трајко Славевски, ќе цитирам: “Од тука следи логична препорака која ја истакнуваат сите квалификувани познавачи на состојбите на македонскиот пазар на работна сила, дека еден од првите чекори во битката за намалување на невработеноста во Република Македонија треба да биде олеснувањето на можноста за отпуштање од работа”. Тоа е една од вашите политики за вработувањето.

Понатаму, г. Груевски истакна дека нема бегање од ветувањата и дека она што се ветува мора да се исполни. Зарем вие во 1998 година кога дојдовте на власт ветивте дека во 2001 година во Македонија ќе се случи војна. Дали ветивте дека државата ќе ја уназадите десетина години наназад, а некои поединци од власта таа иста година ќе ја искористат за лично богатење. Понатаму, велите дека јавноста министрите не ги памети по реформи. Дали вашата национална платежна картичка беше врв на вашите реформи, сега ја знаеме нивната судбина што ја доживеа. Или, требаше министрите да ги шетаат новинарите на државна сметка во странство, за да се паметат министрите по реформи, бидејќи нашите министри не ги памeтеле по реформи.

Понатаму, ги спомнавте напуштањата на вработените кои биле членови на ВМРО. Само едно заборавате да кажете, се напуштени навистина членови на ВМРО-ДПМНЕ согласно Законот за работни односи како технолошки вишоци, затоа што вие само членови партиски војници на ВМРО-ДПМНЕ вработувавте и тоа само во државни т.е. буџетски претпријатија. Да ги вработевте во вашите приватни фирми во стопанството, сигурно дека не ќе можевме да ги отпуштиме.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплика има г. Груевски.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Само кратко ќе одговорам и гледам дека почитуваниот пратеник беше како од пушка подготвен за некои работи. Првата работа што ја кажа и што ја прочита таму од стратегијата што ја подготвуваше г. Трајко Славевски е извадена од контекст. Инаку, слободно може да ја погледне програмата на ВМРО-ДПМНЕ, изворната програма, економскиот дел во 2002 година и да се увери за какви и за колку мерки се предвидуваше да се направат во економијата за зголемување на вработеноста. Значи, ова беше само извадено од контекст. Кој правел, а кој не правел реформи да оставиме граѓаните на Република Македонија нека си пресудат.

Околу вработувањата дека сме вработувале само партиски луѓе или блиски до партијата, апсолутно не се согласувам. Во најмала рака проверете го Министерството за финансии дали таму се вработувале, таму каде што барем сум бил јас се вработувани партиски луѓе и по партиска основа. Вработувани се професионалци, вработувани се најдобрите студенти од економскиот факултет, вработувани се луѓе кои што имаат највисоки капацитети и кои што можат да дадат најмногу.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете господине Андов.

СТОЈАН АНДОВ:

Текот на седницата ја нарушува концепцијата на оваа седница, а и деловничката смисла на репликата. Всушност, ние денес имаме и програма и експозе за Владата, која веројатно денес ќе биде избрана и треба да се даде прилог да се разјаснат поедини прашања и околу експозето и околу програмата и околу Владата која ја избираме. Нам не ни е на седница овде на дневен ред некоја Влада порано и репликите по таа основа немаат никаква основа во текот на седницата, надвор од тоа се. Затоа, внимавајте, не помагаме да се обави седницата, да се заврши седницата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам за забелешката г. Андов, меѓутоа, во дискусиите на речиси сите дискутанти има осврт и на минатото и споредби со минатото, така што мислам дека тешко може тоа до крај да се избегне, ако веќе во дискусиите го има, природно е да го има и во репликите.

За реплика се јави г. Борис Кондарко.

БОРИС КОНДАРКО:

Благодарам потпретседателке,

Господинот Никола Груевски, претседател на ВМРО-ДПМНЕ употреби од оваа говорница претешки предраматични зборови. Кажа дека во Република Македонија има тоталитаризам само затоа што е избран претседател на Република Македонија лидерот на СДСМ Бранко Црвенковски. Претседателот на Република Македонија, господине Груевски, е избран на слободни и демократски избори, а не е поставен од никого, а најмалку од СДСМ. Тој е избран од граѓаните и тоа е плурализам, а не тоталитаризам. Инаку, овие избори кои вие ги изгубивте се четврти избори по ред, почнувајќи од изборниот фалсификат што вие го направивте во 1999 година. Значи, 4 избори по ред ги губите во континуитет, ги губи ВМРО-ДПМНЕ, а тоа е доказ за довербата што ја имаат граѓаните, токму на оваа опција. Нема простор за такви квалификации од ваша страна. Не ме ни чуди што го употребувате зборот фалсификат, затоа што со тоа сакате да го оправдате својот пораз пред својата партија, каде што ги губите позициите. Не ми е јасно како може да стане збор за фалсификат со 225 илјади гласови разлика. Да е 5 илјади гласови разлика, може и да се појави некој сомнеж. Тоа се очигледно ваши проблеми и треба вие да си ги решавате и да оставите институциите на оваа држава да ги извршуваат своите работи и да ги решаваат проблемите на граѓаните, а вие да си ги решавате проблемите во вашата партија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Груевски повелете.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Ние проблемите во нашата партија си ги решаваме и ќе си ги решаваме, а вие гледајте си ги вашите проблеми што половина година не можете претседател да си изберете. Инаку, кога зборувата за тоталитаризмот и за тоа дали изборите биле фер и демократски, јас само ќе ви кажам дека, прво, во извештајот на ОБСЕ на ниту едно место не е спомнато дека имало слободни и демократски избори. Тоа беше потенцирано и од амбасадорот Бауер кој што беше специјално дојден како водител на Мисијата на ОБСЕ и на состанокот со мене и на состанокот со ДИК дека никаде и на ниту едно место не спомна и нема да спомне дека имавме слободни и демократски избори. Впрочем, и во извештајот ако ги погледнете процентите во кој што јасно стои 8% фалсификат, 92% непотпишани записници, 61% не знам таму што друго беа објавени во медиумите и јасно станува збор за тоа дека немаше слободни демократски избори во Република Македонија и дека имаше изборна измама.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г. Славе Арсовски.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Ако некој го слушаше претходниот дискутант ќе сватеше дека прв пат е пратеник и прв пат е пратеник, но ќе сватеше дека во минатото никогаш не се бавел со политика и не бил во извршната власт. За жал, претходниот дискутант токму во минатото беше во еден од клучните ресори, а тоа е Министерството за финансии. Кога се зборува за индустриското производство, само да се спомне дека во 2002 година кај нас имаше пад на индустриското производство од 5%, а во 2003 година имаме зболемување од 5%.

Второ, во делот на одговорноста јас би го прашал зошто во 2002 година се прекина аранжманот со ММФ во јуни, а алиби на тоа беше токму со потпис на претходниот дискутант како министер за финансии токму пред изборите во јавната администрација односно во јавните претпријатија се вработени над 4 илјади лица. Во делот на вработеноста односно невработеноста, јас и вчера истакнав дека во 1998 година имаше 271 илјада невработени, во 2002, имаше 374 илјади невработени и ако свати дека за тие 4 години само во јавните служби, јавните претпријатија се вработени над 20 илјади вработени, па ќе видите како тие работи се одвивале и одговорноста не може да се избегне по тој основ.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете господине Груевски.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Јас многу пати сум одговорил зошто во мај 2002 година се одложи склучувањето на аранжманот со ММФ, меѓутоа, размислете зошто сега немаме ангажман со ММФ и зошто една од двете или три опции на ММФ е воведување на валутен борд. Размислете добро за тоа во кои услови се воведува валутен борд во некоја држава.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави господинот Киро Дојчиновски.

КИРО ДОЈЧИНОВСКИ:

Јас се обидував да реплицирам заради една појава што е присутна во дискусијата на господинот Груевски. Тоа е примената на сугестибилноста. Се сака во секој случај да се продава невистина како вистина. Чист илузионизам. Кога сакаат ја продаваа илузијата како вистина, кога пак тоа не им одговара се служат обратно.

Мене лично, драги мој колега, не ми е пријатно од таква моралистика. Разочаран сум од ваквата постапка на вас како опозиција и таа никогаш нема да стане вистинска конструктивна опозиција ако и натаму не уверува дека таа е добра, затоа што позицијата е лоша. Како инаку да ја сватам вашата изјава кога само пред 2-3 дена кога велите дека вашата главна лична задача ќе биде да го победите г. Црвенковски. Вие лично треба да се борите да ја добиете довербата на народот. Македонија не е ринг на Груевски, на Македонија и на нејзините општи интереси и треба нешто друго. И треба благосостојба и добра иднина. Тоа на крајот на краиштата и треба и на опозицијата и на позицијата.

Драги мои колеги, ве молам, ама почитуван колега, почитувајте го Парламентот. Овде не се лансираат невистини.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете г-дине Груевски имате контра реплика.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Благодарам за реплината.

Јас сосема го почитувам парламентот и во Парламентот дискутирам согласно моите права па и боврски, би рекол и не гледам за која невистина станува збор. Не почувствував дека некаде сум кажал невистина, ниту пак тој кажа нешто конкретно, што е тоа што сум го кажал па било невистина. Инаку, за изјавата што ја спомна не е баш така. Никаде не сум кажал никаде дека моја единствена цел  е да го победам Црвснковски. Тоа не е точно. Тоа што тој го кажа е невистина. Она што сум го кажал е дека меѓу другото треба да се победи СДСМ заради доброто и иднината на оваа држава, бидејќи имаат  исклучително лошо работени во оваа година ипол. Заради Република Македонија .

ЛИЛЈАНА ПОПОСКА:

На ред за дискусија е г-динот Драго Шајноски.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Фактот што на старата Влада и покрај нејзината неуспешна двегодишна работа и се дава повторно мандат е доказ дека политичките партии ки се на власт не разбираат во која ситуација се наоѓаме и немаат капацитет тоа да го сознаат и да го решат, или пак навистина веруваат во она што го зборуваат дека досега се оди добро во нашата држава, само народот тоа не може да го почувствува.

Главна сила на оваа власт е манипулацијата со народот, воведувањето на стравот за губење на своја работа или на некој од фамилијата, стравот дека ќе се добие некоја казна од инспекциите, празното зборување и ветувањата.

Резултатите од работата за оваа власт никогаш не биле аргумент за напредок. доказ за оваа изречена реченица не се само ветувањата на 15 септември 2002 година, туку доказ се сите денови од тогш па до денес.

Ветувавте дека на 16 септември ќе стартувате со подготвената програма изработена од странски експерти, за вработување и инвестииции. Ветувавте дека ќе вработите најмалку по еден од фамилија. Ветувавте дека ќе ја уништите ккорупцијата и криминалот. Ветувавте решенија за земјоделците, тутунарите, стечајниците и кого не. Што се случи? Се покажа дека програма немате. Од секоја фамилија испуштивте најмалку по еден вработен. Корупцијата и криминалот процветаа.Стечајците не ги примата ниту како штрајкачи. Тутунарите ги уништивте. Земјоделците ги заборавивте, а млекото се истура по улици. Невработеноста се зголеми за 60- илјади нови невработени. Инвестиции немате, а тие инвеститори што се во Македонија, ги бркате.

Денес кога во светот се случува интернационализација на економијата т.е. револуција во капиталистичкото општество, на нашите министри главна преокупација им е да приграбат што е можно повеќе фирми за себе или својата интересна група. Намерата им е целокупниот капитал во Република Македонија, што бил во рацете на една група луѓе во претходниот систем, преку самоуправувањето, да остане и сега во нивни раце, но, преку акционерството. Оваа власт за да стигне до таа цел ја суспендира демократијата во Република Македонија.

Најсвеж и најбрутален пример за одземање на фабриките што ги купиле странски или домашни инвеститори, од стра на на Власта е Емо од Охрид каде и покрај судска пресуда за состојбата на имотот на странскиот инвеститор, власта незадоволна од одлуката на судот го заобиколува истиот и преку својата Комисија за хартии од вредност, незаконски и без записник, од одржана седница на Комисијата, самата пртседателка д-р таа и таа, му ги одзема акциите на странецот само затоа што се сомневала во потеклото на неговите пари. Со кое право, според кој закон Комисијата се става над судот. За овој проблем се изјасни и Народниот правобранител и побара Комисијата веднаш да ја повлече својата одлука.

Одземањето на фабриките кои се во приватна сопственост, под изговор дека работниците т.е. широките народни маси бараат преиспитување на приватизацијата,

е уште еден вид организиран криминал од власта, сличен и поопасен од пљачката од векот во Република Македонија, наречена ТАТ.

Министрите од оваа Влада, со исклучок 2-3, за да го прикријат своето знаење, да ги решаваат проблемите, се кријат зад својата самобендисаност и ароганција. Тие знаат се најдобро. тие се универзалци, а универзалците знаат од се по ништо. На Република Македонија, за такво време на против и требаат специјалисти, способни луѓе, луѓе кои знаат да постават проблем и знаат истиот да го решат.

По однос на излагањето на мандаторот, морам да признам дека сум непријатно изненаден од она што јас го мислев за него и празниот текст што тој ни го понуди. Мислев дека тој е стопанственик, способен банкар и не е во состојба да прави дупки во вода. После тоа негово излагање, без ништо конкретно да каже, сигурен сум и разбрав зошто тој беше таков министер за внатрешни работи и знам дека ќе биде неуспешен премиер. Камо среќа да згрешам. Сакам да не бидам во право овој пат затоа што Република Македонија нема време за поправен испит.

Што да кажам за останатите министри. Речиси на половина од нив рацете сеуште им мирисаат на барут и не би сакал за такви луѓе што со пушка дошле на власт, да зборувам. За другите министри, освен за 2-3, нема што добро да кажам, имајќи ги во вид нивните резултати од работата.

Посебно би ги издвоил двата клучни министри, одговорни за економската ситуација во државава. Веднаш да кажам дека по мое мислење и спрема резултатите од нивната работа,  овие министри немаат капацитет да се снајдат на своето работно место.

Министерот за економија, имајќи го во вид неговото минато, се обидува Министерството за економија и целата држава да ја претвори во кафана. Тој не почитува Устав и закон, туку дава наредби и носи пресуди по свое мислење, како што на 13 февруари о.г. во својот кабинет, сесрдно поддржан од членката на антикорупциската комисија издал наредба до јавниот обвинител да се блокира ЕМО по секоја цена. Ако треба и за влакно ќе се фатите, ЕМО мора да се уништи. Така наредил тој. Од ваков човек напредок и успех не чекајте.

Министерот за финансии пак е инспиратор на одземањето на фирмите приватизирани во времето од 1998 до 2002 година. Тој човек е водител на овој тип на организиран криминал од власта, што се појавува од Македонија по 2002 година.

Имајќи го предвид овој факт, незнам што може да се очекува на полето за кое тој е платен да размислува. Затоа не верувам во оваа Влада и ќе гласам против.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој има реплика? (Нема)

За дискусија сум пријавена јас.

Дозволете ми да се обратам како пратеник.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Почитувани колеги пратеници, почитувани кандидати за Влада,

Пред нас како пратеници стои предлогот за избор на Влада на Република Македонија. Се работи за старо-нова Влада, со мали измени во персоналниот состав и затоа при мојата определба како да гласам ќе ме водат аргументите од минатото искуство со неа. Дозволете ми гласно да ги споделам со Вас моите гледања на досегашните резултати на Владата. Притоа, појдовна точка за оценка ми се ветувањата и заложбите со кои Коалицијата “За Македонија заедно” ја доби довербата кај граѓаните на парламентарните избори 2002 година, зашто тие беа темел на концептот на Владата на новото парламентарно мнозинство.

Владата уште на самиот почеток ги најави јасно и недвосмислено стратешките цели за евро- и НАТО-интеграција, со програма базирана на три столба: 1)подобрување на безбедносната состојба, 2)борба со корупцијата и организираниот криминал и 3)подобрување на економската ситуација. Истовремено, беше најавено дека при реализацијата на оваа програмска рамка новите закони ќе се разгледуваат водејќи сметка за два аспекта:од една страна спроведување на Охридскиот рамковен договор и од друга страна хармонизација со европското законодавство. Ќе направам обид да се лоцираме каде сме сега, дали сме на вистинскиот пат и до каде сме стасале на овој пат.

Ќе тргнам од она што директно го гледаме и го работиме во овој законодавен дом.

Во изминатиов 1,5 годишен период во Собранието се одржале 64 седници со 673 точки на дневниот ред. Од нив 346 се законски текстови. Дури 211 од нив се веќе донесени и објавени закони во Службен весник. Оваа статистика укажува на динамика невидена досега кај нас. Тоа е динамика што ја наметнува Владата како изготвувач на најголем дел од овие законски текстови, а Парламентот ја следи. Се разбира, има и закони предложени од самите пратеници, каде повторно се забележува нов тренд на пратеничка активност и од страна на опозицијата, но и од позицијата.

Што се однесува пак до спроведувањето на Охридскиот рамковен договор, и домашните и странските аналитичари се согласни дека е реализиран најголемиот

дел, а останува главно уште втората фаза од пакетот закони за децентрализација. За овој аспект во македонската опозициона јавност се пласираат два спротиставени става, за жал, зависно од етничката припадност на опозиционите субјекти: кај македонските опозиционери се projавува помал или поголем отпор кон реализација на Договорот со оваа брзина, додека кај албанските опозиционери се искажува големо незадоволство поради наводната бавност во реализирањето, па се прави дури и обид да се редефинира Договорот со сосем други толкувања. Во првиот случај како да се заборава дека Охридскиот рамковен договор уште во минатиот состав на Парламентот и Владата беше преточен во нов Устав на државата и дека сите ние сме едноставно должни да ги усогласиме сите закони со него. Притоа, сметам дека е поупатно наместо формулацијата “имплементација на Рамковниот договор” да користиме друга:”усогласување  на законите со Уставот”. Во вториот случај, пак, како намерно да се замижува пред резултатите и заради маркетиншки причини се оди по тенката жица на меѓуетничките односи, не водејќи сметка за последиците. Што се однесува за забелешките за роковите на имплементацијата, мислам дека во одредени случаи уште на самиот почеток се направени нереални предвидувања за динамиката. Веројатно се тргнало од добра волја, но не се водело доволно сметка за реалното време за подготовка на одредени закони, ниту пак за моќта за природна апсорпција на одредени нови решенија и состојби меѓу самите граѓани (што е многу важно за крајниот исход на промените).

Ќе преминам на анализа на владината работа, преку трите столба на ветената програма:

1. Подобрување на безбедносната состојба **-** Резултатите се видливи. Од трусно подрачје во постконфликтна состојба Македонија стана стабилна држава која функционира и во вонредни услови, како што се смртта на Претседателот и жестокиот меѓуетнички конфликт на северната граница. За ова ни оддадоа признание безброј меѓународни претставници. Последното беше пред неколку дена, од страна на првиот човек на НАТО. Она што треба да се доработи, тоа е довршување на реформите во безбедносната сфера, за кои и од опозицијата слушнавме признание, како и подобрување на личната безбедност на граѓаните.

2. Борба со корупцијата и организираниот криминал **-** За прв пат во Република Македонија оваа Влада презеде конкретни мерки: востанови нова институција - Антикорупциска комисија, со задача да ја следи финансиската состојба на сите избрани и назначени функционери. Од друга страна, за прв пат во нашава земја се презедоа енергични мерки и во борбата со трговијата со бело робје (со полициски

мерки, но и со нова законска регулатива). Злото сеуште не е искоренето и ќе бидат потребни уште многу мерки и активности во континуитет. Ќе биде потребно синхронизирано дејствување на многу институции во државава, а еден од клучните фактори ќе биде секако и судството. Судските реформи, кои предолго чекаа да дојдат на ред, треба да им го вратат достоинството и еланот на чесните работници во оваа осетлива област.

3.Подобрување на економската ситуација **-** Ова е, според сите согледувања, најслабо реализираниот столб на владината програма. Тоа се должи на повеќе причини, меѓу кои би истакнала две: извонредно лошата состојба на стопанството што беше затекната и взаемната обусловеност на економскиот развој со подобрување на безбедносната состојба на земјата и на регионот. Стопанството сеуште е во голема криза, иако во последно време сведоци сме на почеток на позабележителни странски вложувања во значајни објекти во земјата, како што се деловите од поранешната скопска Железарница, или слободната индустриска зона Бунарџик. Не е безначаен ни влезот на поголем број познати трговски фирми, зашто и тие ќе бидат референтни за некои други потенцијални инвеститори. Иаком се минимизира не е без значаен и влезот на поголем број трговски фирми, за што и тие ќе бидат референти за некои други потенцијални инвеститори. Да не ги заборавиме и големите инфраструктурни зафати како Козјак, кој е во завршна фаза, или Злетовица и заобиколницата околу Скопје, кои ќе апсорбираат значителна работна рака и ќе бидат основа на економски развој на тие краишта. За жал, ефекти од сево ова врз секојдневниот живот на граѓаните сеуште нема. Сиромаштијата е жестоко присутна на секој чекор и токму справувањето со неа треба да биде најголемата мотивација во овој мандат на Владата.

И на крајот, стигнавме до она што си го поставивме како стратешка цел: евро- и НАТО-интеграцијата. Дали сме на правиот пат? Да, убедена сум дека е така. Како што сликовито напиша еден новинар во дневен весник неодамна, “Македонија е како воз кој е поставен на вистинскиот колосек кон Европа и кон НАТО. По колосекот може да се движиме побавно или побрзо, но секако ќе стигнеме.” Затоа треба да престанеме да си правиме зло едни на други, а и самите себеси, со катастрофални и дефинитивно неточни изјави дека Македонија е изгубена и бесперспективна и дека немаме шанси за прием во друштвото на развиените земји. Да се потсетиме само колку скептици и песимисти се појавија при првите најави од страна на Г-ѓите Радмила Шеќеринска и Илинка Митрева за нашата апликација. Тие се потсмеваа и тврдеа дека немаме шанси за апликација, набројувајќи ги сите “црнила” во

Македонија. И сосем го разбирам г-нот Кјарини, првиот човек на Европската Комисија во Република Македонија, кога се чуди како може тој самиот и други надворешни луѓе да се поголеми оптимисти и борци за нашето евроинтегрирање од самите нас. Сепак, Македонија влезе во процедура, која во догледен рок, со Господ напред, но и со голема и сериозна работа на сите нас, ќе заврши со среќен крај.

Поради сево ова, поради следењето на зацртаните стратешки цели, поради реализираното досега, како и поради јасно искажаната волја докрај да го реализира ветеното, ја поддржував Владата во изминатиов период. Имав разбирање за проблемите со кои се соочи оваа Влада кога го презеде мандатот во земја во постконфликтен период, со сите противречности во општеството. Имав разбирање за сложената меѓународна позиција на земјата  поврзано со очекувањата однадвор. Имав разбирање за неопходното време за “уигрување” на тимот.

Ќе ја поддржам и при овој избор. Но, во новиот мандат од Владата очекувам да се движиме брзо, многу побрзо од досега, користејќи го досегашното искуство, заради Македонија и заради нејзините граѓани, кои заслужуваат подобар живот. Зашто тешко се живее од ветен сон. Затоа очекувам Владата да ја зголеми ефикасноста, да ги доврши започнатите проекти, но и да започне нови, многу нови проекти:

- Очекувам заживување на стопанството преку нови инвестиции, но и преку конкретни мерки познати во современите европски либерални демократии;

- Очекувам граѓаните да осетат позитивни промени во својот живот (преку материјалната состојба, но и преку чувството на достоинственост при контактите со секоја институција на системот и секој шалтер);

- Очекувам стратифицирање на рамномерен економски развој на земјата и поголемо внимание на недоволно развиените подрачја, од типот на  Река, Жупа, Дебарско, Дримкол и др.

- Очекувам поефикасно судство, според нормите на развиените демократии (како што тоа неодамна и го претставија на македонската јавност моите колеги Андреј Жерновски и Зоран Шапуриќ);

- Очекувам подобри услови во образованието, од основно до високо, се до научно-истражувачка дејност, притоа очекувам ефектуирање на 40%-то зголемување на оваа буџетска ставка на барање на собраниската комисија за образование и наука;

- Очекувам Македонија да се приближи кон поимот “социјална држава”, при што мислам на утврдување достоинствена минимална плата, пристојни социјални

додатоци за лица во состојба на социјална помош, зголемени бенефиции за лица со посебни потреби и слични нешта, за кои ќе биде потребен некаков поинаков дезениран буџет;

- Очекувам професионална и мотивирана администрација, што секако не е можно без подигање на нејзините плати;

- Очекувам подобар менаџмент на човековите ресурси, со формирање и користење на база на податоци за потенцијалот што постои во земјава и вон неа (особено сега, во овој период, на Македонија и е потребно сето знаење на искусните кадри, како и целата креативна енергија на современо едуцираните млади луѓе);

- Очекувам поголема грижа за нашите иселеници, како морална обврска и како потенцијално лоби за нашава држава;

- Очекувам зголемување на личната безбедност на граѓаните, особено во етнички мешаните средини.

- Очкувам да се решат проблемите на сите раселени лица до последниот. Очекувам продлабочување на меѓуетничката доверба преку рамноправен третман на сите престапници и радикали кои го користат етничкиот аршин како единствен аргумент за разбојништво (мислам на ученички тепачки по автобуси во Гази Баба и Битола на уништување автомобили, кршење клупи и прозорци или претепување мирни граѓани во Чаир и сл.);

- Очекувам поголема отвореност на Владата кон граѓаните и граѓанските асоцијации, како и кон експертите од разни области, во процесите на изработка и имплементација на законите;

- Очекувам воспоставување конструктивна соработка со опозицијата, зашто, како што вели нашиот искусен колега г-н Љубисав Иванов Ѕинго:”Исти се нашите интереси, заедно треба да ја градиме Македонија.”Ова е, секако двостран процес, каде е потребна вољата и на двете страни.

По се, ќе и дадам поддршка на оваа Влада, а истовремено ќе продолжам да го искажувам својот критички став кон поединечни чекори на Владата со кои нема да се согласувам. Убедена сум дека токму така ќе работам во полза на самата Влада, во полза на коалицијата и на ЛДП на која и припаѓам, но секако и во полза на Македонија, заради која сме, верувам, сите ние овде.

Ви благодарам.

Следен за збор е пријавен г-динот Ѓорѓи Трендафилов, но дали е тука некаде во близина? Не го гледам.

На ред е г-динот Слободан Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Почитувана потпретседателеке, г-дин прв министер и останати министри, почитувани пратеници,

Денеска, во секој случај, е свечен чин затоа што избираме Влада, без разлика дали ќе ја почитуваме, дали ќе ја цениме, дали ќе ја сакаме, ќе ја критикуваме, сигурно дека многу прашања треба да се поставаат конструктивно затоа што во изминатите години обично се кажуваше ние сакаме да имаме опозиција која ќе биде конструктивна, но кога ќе сакаме да ги отвориме прашањата и кога ќе сакаме да ја кажеме вистината, тогаш испаѓаме од контекст, тогаш не сме контруктивни.

Со внимание го следев излагањето на мандатарот г-динот Хари Костов и онака на кратко можеме да забележиме дека во делот на персоналниот состав е старо-нова Влада, дека го задржува истиот курс на минатата Влада дека нема ништо да се измени во делот на она што значи работење, програма и реформи и нешто што како новина да видиме дали така ќе биде и во реалноста, во животот е тоа дека Владата ќе бега од она што значи мешање на политиката во економијата и дека ќе ги остави фирмите да работат онака како што треба да работат во развиениот свет да бидат независни.

На крајот, спомна дека во наредните три месеци ќе се прави платформа со која ќе се прават реформи во судството. Многу малку слушнавме за она што посебно ги интересира граѓаните, она што значи живот, она што значи борба со невработеноста, борба за подобар живот, подобар стандард.

Јас би сакал во мојата денешна дискусија да нотирам некои мои видувања, забелешки, затоа што остануваат како отворени прашања. Нам сигурно не ни е се исто што ќе се случува, без разлика на која провиниенција припаѓаме позиција или опозиција, битно е каде ќе се движи Република Македонија . Ние сакаме, или не, живееме во оваа Македонија и мораме прашањата да ги нотираме и кажеме отворено. Она што стои како прв предуслов и што е кажано дека тоа ќе биде прашањето на Рамковниот договор, тој како таков еве ние го завршуваме, остануваат само Законот за децентрализација, но еве Владата најави дека ќе се забрза постапката и ќе ги донесеме тие закни што останаа како крајни.

Сега се поставува друго прашање што понатаму со она што значи Рамковен договор? Што? До кога и како? Владата и мандатарот мора да одговорат што ќе ни се случува ако имаме нови и нови барања надвор од Рамковниот договор? Ова се нови моменти и Владата мора да биде подготвена да даде одговор што по

Рамковниот договор? Ова е жива материја и си тече, знаеме дека не завршуваат барањата на нашите колеги албанци, секогаш имаме нови и нови барања.

Втор момент кој не го слушнавме во експозето на мандатарот што не слушнавме ни збор за меѓународната политика. Оваа година Владата мора да даде своја визија или видување во наредните шест месеци, година, две или четири за името на Република Македонија . Не слушнавме што ќе се случува во делот на решавањето со името на Република Македонија . Тоа е приоритет за Република Македонија . Не слушнавме, а знаеме дека е поднесена апликацијата, но не слушнавме што ќе се случи со апликацијата. Еве акциониот план се реализира, направени се дел од реформите во одбраната, слушаме позитивни оценки од Меѓународната заедница дека само Министерството за одбрана положило испит и дека ќе слушаме позитивни импулси и информации од Историскиот самит што ќе се одржи во Истанбул. Но, ние како Република Македонија мора да имаме свое видување и за Косово. Тука Република Македонија не може да остане незасегната без стојалиште и без активна позиција во однос на актуелната безбедносна состојба на Косово пред се од аспект на заштита на своите безбедносни интереси, унитарниот карактер на државата, територијалниот интегритет, сигурноста и неповредливоста на границите, етничките хетерогени општествени и граѓански односи во државата, еднаквоста на правата на секој поединец независно од етничката и друга припадност, развојот на правната држава, спречување на организираниот криминал, корупцијата и други облици на транс-национален криминал. Сигурно дека тука ќе биде забрзување на чекорите кон членство во НАТО и ЕУ.

Во делот на она што беше кажано од експозето, познавајќи ги приликите во распоредот на силите во Парламентот, премиерот на Република Македонија во она што значи реформи во судството.

Реформите во судството можеа да се направат многу порано и побрзо и сигурно се доцни, оценките од Меѓународната заедница, меѓународната јавност и реакција од граѓаните и дел од пратениците дека реформите можат да тргнат. Сигурно дека ние во Република Македонија можеме декларативно да размислуваме за независно судство кога во државата донесовме Буџет кој не е независен. Ние направивме еден исчекор да имаме независно судство кога ќе имаме независен Буџет. Вториот начин за да имаме независно судство е изборот на судиите да не се врши во Парламентот во Република Македонија туку да најдеме форма да се истапи и да биде под влијание на политичките партии. Сигурно третото што е најважно,

мислам дека Владата и сите функционери треба да се тргнат и да не вршат притисок на судството, затоа ги ставивме во многу независна позиција судиите, им вршиме притисок, формирани се координациони тела кои имаа специјални задачи , списоци и се знае кои судии и кое дело како ќе заврши. Ние им вршиме многу голем притисок на судиите, ги ставаме во подредена улога.

Ако сум ја имал честа да ги избереме судиите во овој Парламент, а сме ги избрале 90% и сега да им вршиме притисок. Нема да амнестираме ни еден што се огрешил од законот, но неможеме да монтираме политички случаи, парници, она што МВР го погази спрема човековите права од најголемите вршители на функции почнувајќи од бивши министри, пратеници, директори на јавни претпријатија, фондови, па и на обичните граѓани. Имавме хајка против граѓани , ние судевме, го погазивме она што значи презункција на невиност. Преку јавните медиуми и испаѓање на потпаролот за внатрешни работи кој ги осуди, кој ги жигоса така што имавме трагедии на многу наши граѓани. Што ќе се случи со оние граѓани на кои по било кој основ е направена грешка. Кој ќе се извини. Или ние ќе отвориме случај во Парламентот или ќе бараме заштита од меѓународните судови затоа што добар дел граѓани со нарушено здравје, жигосани, оцрнети, мислам дека се враќаме назад многу години кога владееше едноумието.

Во делот на она што најмногу ги интересираше граѓаните, она што граѓаните очекуваа најмногу да се зборува е во делот на економијата. Не слушнавме ништо за макроекономската политика на Владата што ќе биде во наредниот период. На едно место беше нотирано борбата против сиромаштијата и невработеноста, животниот стандард. Многу малку слушнавме за инвестициите. Обично сакаме да се прикажеме пред меѓународната јавност и пред целиот свет дека Македонија е добра земја каде сигурноста е подобрена, дека Македонија има перформански и услови за инвестиции на странски капитал, посебно во дел на фирми.

Мислам дека многу малку се обрна внимание дека Владата треба да направи услови да ги анимираме нашите домашни инвеститори, наши македонски граѓани да инвестираат. Ако нашите не инвестираат во Република Македонија ние не можеме да ги натераме странците да инвестираат. Тие едноставно неверуваат и се прашуваат зошто, ако е сигурна земјата, ако има релативни услови, ако има перспектива, ако е така како што кажувате, зошто не инвестираат вашите македонски граѓани. Многу информации се шират во странство дека добар дел наши граѓани имаат дебели конта почнувајќи од Кипар, Виена, Луксембург со милиони, милиони евра. Зошто тие не ги вратат парите. Државата треба да направи услови да

ги вратиме средствата кои се изнесени. Го делам мислењето дека државата односно Владата треба да биде таа што ќе арбитрира да направи услови за да може да се направи едно финансирање.

Во делот на политичкото живеење, имавме позитивни оценки, мислам дека со последните избори го изгубивме оној плус што го имавме дека 2002 година направивме најдемократски избори и информациите од меѓународните институции зборуваат дека овие избори остануваат со една енигма. Слушнавме и тука во Парламентот дека во западниот дел од Македонија едни полнеле кутии, други имале намера и пак ќе полнат. Ние сме на прагот на локалните избори, се поставува прашање, ако овозможиме во Република Македонија дека е многу полесно да се напонат кутиите по пат на сила отколку да се оди на демократски избори, мислам дека ќе влеземе во една непозната, не чекаат локалните избори и ќе видиме што ќе ни се случува. Зборувам од аспект на тоа дека изборите треба да бидат на најдемократски начин.

Сигурно за идниот премиер на Владата нема да го одмине моето прашање за водата во општина Свети Николе. Помина година и нешто, но и ден денес г-дине премиер, можам така да ве наречам, бидејќи знам дека така ќе заврши, пиеме вода од една цистерна. Сите ветувања, сите мои напори, поставени пратенички прашања не вродија со плод, а замислете секојдневно сите кои починуваат во градот, а градот е со 15 илјади жители се евидентирани како заболени од карцином.

Немој да свати некој дека ова го зборувам како маркетинг, прашањето е акутно, тоа мора да се реши и прв приоритет на Владата мора да најде алтернативно решени за водоснабдување на Свети Николе.

Одговорите од типот дека перспективно ќе биде решението за решавање на водоснабдувањето на Свети Николе од системот Злетовица е тип на одговор кој треба да трае наредните 12 до 15 години. Информациите и денеска кажуваат дека се уште на почетокот иако во Парламентот изгласавме за да отпочне целата реализација, дадовме виза за кредитот, но незнам од кои причини е пат позиција и со милиметар не се мрднати активностите на системот Злетовица.

Втора работа која треба идниот премиер со Владата да направи е во делот на инфраструктурата во источниот дел на Македонија. Иако корените на премиерот се од овчеполието треба да направи напори оваа иницијатива која ја направија 20-тина и повеќе пратеници кои живеат во источниот дел на Македонија и Собранието ја задолжи Владата да отпочне со проектот на патниот правец Скопје-Петровец, Петровец - Свети Николе, Свети Николе-Штип-Делчево, Штип - Струмица. Мислам

дека секондневно гинат наши граѓани во источниот дел на Македонија. 50 години не е изграден еден милиметар во источниот дел. Само се прави шминка, дотерување на делниците, не дај боже да тргнете натаму, не ви гарантирам што ќе се случи, а да не зборуваме за зимски услови, знаеме дека источниот дел на Македонија на пример Сарамзалино и најмали намети од снег да има се прекинува сообраќајот, а исто така и кај Павлешенце - Куманово - Штип.

Мислам дека Владата треба да преземе обврска затоа што и таму живеат граѓани кои ги плаќаат даноците, ги плаќаат таксите, мора да се направи нешто без разлика од која политичка партија доаѓа иницијативата.

Нешто што би препорачал на првиот министер е што многу малку кажа за земјоделието. Сега некој ќе каже дека гаиме илузии, но во контактите со луѓе од Меѓународната заедница е секогаш земјоделието. Оние пари кои Владата ги извојува 7 или 12 милиони евра се многу малку во однос на она што ќе значи регрес, премија, стимулација кај откупните цени.

Мојата препорака до премиерот е, бидејќи тој е тој што ќе има пресудна улога во креирањето на целата политика, посебно во земјоделието да се извојат додатни средства од 50-тина милиони евра за стимулација во земјоделието. Сигурно дека министерот ќе каже ги немаме тие средства, имаме многу поважни работи, се е важно, но нешто што е најважно мислам дека Македонија е земјоделска земја, а другото дека ќе правиме компјутери, авиони и ред други работи, мислам дека сме далеку, да не кажам од што.

На крајот би сакал да завршам со тоа што сериозно ја загрижува македонската јавност може да се воведе валутен борд, за визите кажавме доста и да не се доведеме во ситуација граѓаните да размислуваат со стомакот, туку да размислуваат со мозокот.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има господинот Андреј Жерновски.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани колешки и колеги пратеници, почитуван мандатор, почитувани кандидати за министри на Владата на Република Македонија.

Пред нас, односно пред вас за сите нас е една навистина голема и одговорна задача. Според нас од ЛДП, неспоредливо поголема од она што до сега го имавме како зацртана цел. Пред нас е временски период од две ипол години, кој во голема

мера можеме да ги оправдаме очекувањата на избирачите кои што ни ги дадоа своите гласови на изборите 2002 година и кои што застанаа позади нашата платформа, позади нашите ветувања.

Ако изминатиот период и ние како  парламентарно мнозинство и вие како Влада целосно и се посветивме на безбедноста, на стабилизацијата на севкупните општествени состојби, особено на планот на консолидација на меѓуетничките односи, сметаме дека е време економските и социјалните показатели, всушност, да проговорат дека конечно го нашле вистинскиот пат со кој Македонија ќе ја изнесеме од долгата, јас би рекол предолгата транзициона криза. Одлуката, решеноста, волјата да се тргне напред, мислам дека е бездруго во наши раце. Компромиси веќе нема, ниту мислам дека има простор нив и да си ги дозволиме. Не чека сериозна работа по која ако не го ставиме на располагање целиот свој капацитет и како народ и како држава и како влас и како опозиција, тогаш мислам дека тешко ќе успееме.

Пред нас се процеси кои бараат потполна посветеност, не само на една партија, како што кажав, не само на една влада, не само на Собранието, туку и на сите граѓани кои сакаат да живеат во Европа, да бидеме во НАТО. Односно, соништата, мора да станат јаве. На Македонија и треба влада, премиер и министри кои нема да сметаат дека историјата почнува од нив, но кои исто така нема да не доведат во ситуација, како што можевме да видиме во изминатиот период односно пред да дојдат на влас министри и влада кои што сметаа дека историјата со нив треба да заврши. Несомнено прв чекој кој што ќе биде пред вас како Влада е пакетот на децентрализацијата и територијалната поделба, со кои дефинитивно е се заокружи формалната рамка на Охридската спогодба и на уставните измени. Верувам дека ќе успее да се адаптира законската регулатива во склад со реалните потреби и барања на една адекватна форма која ќе биде прифатлива и како таква од страна на Собранието. Кому на сите нас ни е повеќе од јасно дека децентрализацијата нуди решенија на проблемите и би требало хармоничен развој на државата.

Бездруго, веројатно, најголемиот успех на Владата што досега го постигна се меѓуетничките односи, а јас тука во тесна релација би ги ставил и на безбедносен план. Гледам дека од опозицијата не случајно, намерно доста се омаловажува овој успех и сосема е јасно дека ако немавме стабилизација на овие односи меѓуетнички и на безбедноста ниту ќе зборуваме за влез во ЕУ ниту за влез во НАТО, ниту за судството, ниту за економијата, ниту за невработеноста. Ќе  зборувавме за некоја друга Македонија и кога ги потценувате овие достигнувања сетете се како се

чувствуваат граѓаните за време на конфликтот, особено сетете се како се чувствуваа оние што ги изгубија своите најмили. Мора да се признае дека воопшто не беше лесно да се започне во една таква коалиција. Јас лично знам дека моите пријатели, моите роднини, како и моите соседи го доживеаа тоа што направивме коалиција на почетокот со ДУИ. Дежурните патриоти, македонските дежурни патриоти, погледнете си ги стенограмите прогнозираа многу брз крај на коалицијата, прогнозираа дека коалицијата нема да успее, дека безбедноста многу бргу ќе се врати во онаа состојба во која беше за време на владеењето на сегашната опозиција. Дежурните патриоти се смееја на договорот што го направија двете партии во Владата од македонскиот дел СДСМ и ЛДП и од друга страна ДУИ, кога се постигна договор за почитување на знамето, на името, на унитарниот карактер на државата, на границите, резултати во пописот. Меѓутоа, со задоволство можам да констатирам дека секој член на ДУИ го испочитува овој договор. Можеби уште се смеете со тој договор. Ќе ве потсетам како се однесуваше ДПА, коалиционеот партнер на ВМРО за време на власта. На секое интервју на лидерот на ДПА, или на потпретседателот македонците беа ословувани со славомакедонци. На секоја изјава не не нарекуваа Република Македонија, туку не нарекуваа ФИРОМ. На секоја изјава нивна, кажуваа дека границата не е регулирана во однос на Косово и на секоја изјава кажуваа дека Македонија не треба да има унитарен карактер, туку да бидат нови граници. Дежурните патриоти и од македонската и од албанската страна ги напаѓаа атлетите на оваа власт за пописот. Македонците дека пописот не треба да се признае затоа што резултатот е многу голем во однос на албанците. Дежурните патриоти албанци ги напаѓаа колегите од ДУИ затоа што тој резултат не е реален, односно затоа што бил мал бројот на албанците. За разоружувањето исто така се напаѓаа СДСМ и ЛДП, од друга страна се напаѓаше ДУИ за разоружувањето, затоа што не било доволно собрано оружјето. Универзитетот во Тетово не беше ни тоа воопшто лесно да се издржи. Но видовме од колегите од ДУИ дека исто беа изложени на голем притисок од страна на ДПА. Не беше лесно да се изјави во таа атмосфера дека сонот за голема Албанија е нереален. Не беше лесно да се изјави дека границите се такви какви што треба да бидат. Не беше лесно на колегите од ДУИ да се изјави дека Македонија треба да има унитарен карактер. Не беше лесно воопшто да се изјави во оние моменти на безредие во Косовска Митровица од страна на ДУИ, што е многу битно дека не мора секоја акција што ќе се случи во Косово да има реакција во Македонија. На крајот, дежурните патриоти со потсмев ја дочекаа одлуката на ДУИ јавно за прв пат во македонската историја во плурализмот да се поддржи кандидат

македонец. Дежурните патриоти, погледнете ги стенограмите, односно изјавите во весниците кажаа дека позади таков договор постои потоа едноставно ќе се врати сето тоа и дека е постигнат некаков договор. Кажувавте дека ќе се даде Парламентот, дека ќе се земе Министерството за одбрана, внатрешни и тн. Значи не беше лесно да се издржи овој притисок и да се пристапи со визија, затоа што во Владата се најдоа партнери кои што ја сакаат Македонија, во Владата се најдоа партнери кои што се одговорни за Македонија и нешто што сакам отворено да го кажам, без разлика дали тоа ќе им се допадне на македонците или не. Мораме да сфатиме дека колку и припаѓа Македонија на македонците, толку им припаѓа Македонија и на албанците. Некој ќе каже дека сум субјективен. Ќе ви кажам два примера. Го слушнавте господинот генерален секретар на НАТО кој ни се обрати овде. Македонија ја потенцираше како пример во моментот во регионот. Вие преку своите реплики кажувате таму некој генерален секретар. Тоа не е било кој генерален секретар. Да ве потсетам дека за година ипол од една целосна изолација, можеби ја заборавивте изолацијата во која се најде Република Македонија. Поранешниот премиер Љубчо Ѓеоргиевски година дена не беше примен, ниту поканет од било кој од Меѓународната заедница. Година дена премиерот беше изолиран, Владата беше изолирана, што ќе каже во превод дека беше државата изолирана. За година ипол да ви се обрати овде претседател на Европскиот парламент, за година ипол да ви се обрати овде претседателот на Европската комисија и генерален секретар на НАТО е големо достигнување. Но добро. Оваа Влада треба да ја засили борбата против сите облици на криминал, особено неорганизираниот. Со криминалот и со криминалците нема договор според нас. Треба да биде јасно дека со криминалците нема ни преговори.

Ние сметаме дека е сосема добро да се продолжи со акцијата за да се санкционира секој криминал кој беше направен до 15 септември, но како што кажавме и на првата седница на конституирањето на овој Парламент, очекуваме да продолжи санкционирањето на криминалот и по 15 септември, односно добро е оваа акција да не познава партиска припадност, ниту припадност на власта и опозицијата, туку едноставно, да познава само принципи. Само така сметам дека можеме да станеме уредна држава, да ја гарантираме всушност правната сигурност во Републиката. Ако за тоа ни е потребна една целисходна реформа на правосудниот систем, а очигледно дека ни треба и сите се согласуваме со тоа, тогаш сметам дека навистина е крајно време истото да го сториме, да изградиме едно независно и неприкосновено судство на кое ќе му се верува и една правна држава во која што ќе

владеат законите во која секој граѓанин на Република Македонија ќе верува. Според нас тоа е клучот за сите реформи во државата, затоа што со право велат како во медицината и во образованието се констатира дека владее канцер, тој може да се спречи ако има канцер во судството, невозможно е да се реши тоа, освен со длабоки реформи.

Ние во ЛДП сметаме дека оваа реформа во судството е основата за поцелосни и поадекватни реформи во најболната, најзапоставената економска сфера. Мислам дека во овој момент сите јасно ни кажуваат дека реформите со судството е наша основна главна задача, или како што кажа генералниот секретар на НАТО наша главна домашна цел која што мораме да ја оствариме. И мислам дека тоа е добро. Прво, тоа значи дека успешно се реализира Охридскиот рамковен договор, бидејќи до сега слушавме дека Охридскиот рамковен договор е најважното што треба да го стори оваа Влада и сите ние и тоа што го кажува дека всушност, кога се бараат реформи во судството значи дека акцентот полека можеме да го ставаме и на другите работи кои се битни за граѓаните на Република Македонија. Мене ме радува што мандатарот губи од тоа и се обврзува со својата програма, ние навистина ќе го анализираме тоа и ќе гледаме да се постигне сето тоа. За три месеци ќе се донесе реформата на Владата за реформи во судството. Бранејќи ја оваа теза за реформи во судството треба да се сетиме на изјавата на шефот на Европската комисија господинот Ќерими кој што кажа дека доколку успееме набрзо да направиме реформи во судството, ние всушност можеме да ја престигнеме и Хрватска во патот кон ЕУ.

Мислам дека уште попрецизен беше генералниот секретар на НАТО кој што кажа дека без реформи во судството ние всушност не можеме да очекуваме странски инвестиции во Република Македонија, кои што ни се многу потребни. Странскиот капитал бара сигурност, странскиот капитал бара почитување на правото. Меѓутоа, сметам дека самите ние прво како политичари треба да се реформираме во своите сфаќања за судството, па потоа да го реформираме судството. Факт е дека во две работи се согласуваме сите и претходни влади и досегашната Влада и сите ние како парламентарци. Прво сите се согласуваме за реформи во судството и второ, дека ништо не правиме за реформи во судството. Сосема е јасно дека се потребни законски измени во Законот за кривична постапка и за парнична постапка, и за извршна постапка, меѓутоа, за нас срце на реформата е Републичкиот судски совет. Таков кој ќе биде деполитизиран, таков кој ќе биде ослободен од стегите на другите две власти, извршната и законодавната, таков кој

што 2/3 ќе биде составен како во другите земји од припадници на телата на судството на адвокатурата и само 1/3 од претставници од Парламентот или од Министерството за правда. Сметам дека таа реформа да претрпи измени во начинот на гласање и тоа да има не 40 гласа, туку 2/3 од составот на Парламентот, за да не може само власта да го избира тој Републички судски совет, односно за избор на Републичкиот судски совет да мораме да имаме согласност и од опозицијата, без разлика кој во тој момент ќе биде власт и опозиција. Се разбира би било сосема неправедно ако се сите досега незавршени реформи ги обвиниме судиите. Јас сосема се согласувам со извештајот на меѓународната кризна група за 2002 година која што констатира дека судството всушност страда од влијанието на политичарите и од притисокот на политичарите, отколку од корумпираноста која што владее во судството.

Мислам дека доаѓа прашалникот, сигурен сум дека прашалникот со своите 4500 прашања, голем дел од нив ќе бидат поставени токму за судството, а едноставно ние немаме избор и добро е што имаме прашалник за да можеме преку извештајот, преку одговорот на тие прашања да видиме кој ресор во Владата работи, кој ресор не работи. Кој министер работи ефективно, кој министер не работи ефективно. Кога државата според нас е цврста, таа е добро правно уредена и кога нејзините институции ги извршуваат своите обврски, како што е случај во западните држави, тие држави се нарекуваат здодевни. Ние навистина се надеваме дека и Македонија ќе биде насловена од Меѓународната заедница како здодевна земја каде што функционира нормално демократијата. За да го постигнеме тоа целосно треба да се посветиме на клучните задачи. Ако проблем во државата е невработеноста, слабиот неповолен стопански раст, недостигот на инвестиции и бизнис климата како што со право не обвинува опозицијата, тогаш од Владата очекуваме брза изработка на конкретни и со рокови утврдени програми врз основа на кои овие програми еден по еден со реализација на програмата сигурно би се решиле. Мислам дека немаме повеќе можност да бидеме искрени за повлекување на спонтани или инструктивни потези каде што нема да ги заеме резултатите. Нам ни треба една соодветна подлога, со ефикасни програми, ни треба целосно скенирање на конкурентните стопански гранки кои што би можле всушност, да ја извлечат Македонија од кризата и кои што можеме да ги развиваме. Ни треба изнаоѓање на капацитети и механизми со кои што би ги искористиле компаративните предности на Република Македонија, а ги имаме. Во сферата на макро економијата имаме стабилност, тоа ефакт. Имаме позитивни оценки од меѓународните финансиски институции. Но тие што даваат

оценки не живеат во Македонија, ниту ја трошат просечната македонска плата. Денеска ние избираме да бидеме свесни и реални затоа што реформите не се прават со ММФ или со Светската банка или за Вашингтон, или за Брисел, туку треба да ги направиме за самите себе си. Потребна ни е една развојна стратегија како никогаш до сега, која би била закон за спроведување на политиката определена од неа. Нејзината изработка, како што кажав претходно мора да ги мобилизира сите фактори во државата и позицијата и опозицијата, стручната и научната јавност, стопанствениците, всушност, сите тие што можат да помогнат. Владата не смее да има отпор кон отворениот и сериозен дијалог ниту кон стопанствениците, треба да биде отворена кон сугестиите на опозицијата, треба да инсистира на сериозна дебата за секој чекор, за секој потег што ќе го превземе, да се направат сериозни анализи за ефектите што би биле предизвикани од таа акција и се разбира да се избегнат негативните појави кои би можеле да бидат продуцирани, затоа што само така реформите ќе успеат.

Можеби нашиот предлог да се формира посебен ресор за јавни инвестиции е еден од недостатоците за кои исто така, вреди да се разговара, ако се има во предвид фактот, а треба да се има предвид фактот дека Македонија, да бидеме искрени, не успеа во доволна мера и адекватно да ги искористи сопствените фондови и капацитети. Ако заговараме една ригорозна политика на штедење, а ја заговараме од првиот ден по 15 септември, односно на стегање на ремен, средствата што таа политика ги стави на располагање мора да бидат ставени во функција. Инаку ефектот ќе биде онаков каков што бил до сега, слаб. Парите во оптег создаваат добар амбиент за стопанисување, тоа повеќе го знаат и сметките по економијата. Парите што се чуваат се исто така, како човек што не работи. Ако се стопира обртот на средствата, тоа го погодува стопанството, граѓаните, сите нас.

Отсуството на активна политика го чува постоечкиот степен на сиромаштво, невработеност, кои не се совладуваат со нерационалности, предрасуди или страв од ризик. Имаме обврска да обезбедиме инфраструктура и тоа го најавивме кое што е еден од носечките столбови на развојот на стопанството, а ние токму во тој дел, односно во создавањето услови за комуникација имаме неверојатна слаба реализација, речиси никаква. Не успеваме да ги определиме приоритетите, ниту Коридор 8, нити АМБО и правиме грешка зошто не калкулираме со нивното економско и мошне, мошне со поголеми реперкусии политичко значење за иднината на Република Македонија  и нејзините граѓани, па дури да се доведуваме во ситуација и да ни ги грабнат од рака, пред нос. Тоа ни треба и треба нивна

реализација. Па ако треба и со формирање на едно такво министерство кое се разбира, и понатаму ако нема адекватни резултати треба да се формира, затоа што зголемувањето на бројот на ресорите наспроти обвинувањата дека така само ќе се зголеми јавната потрошувачка не значи ништо, освен една голема демагогија и затоа ние од ЛДП и понатаму остануваме цврсти на оваа позиција.

Аргументи има повеќе. Нека се погледне завршниот Извештај од Буџетот за минатата година, ќе видите дека средствата кои биле одредени за јавни инвестиции не биле до крај искористени. Имавме и период, бидејќи нешто е донесено и со пеглање, со порамнување на сметките, имавме период кога 50% во одредени министерства не беа искористени од оние што беа наменети за јавни инвестиции. Мислам дека треба да се угледаме на примерот на Хрватска, која токму со формирање на вакво минситерство успеа до максимум да ги искористи јавните инвестиции, кои во голема мерка придонесоа бруто општествениот производ да бид емногу поголем отколку претходно.

Исто така, сметаме дека на Македонија и е потребно министерство за евроинтеграции. Тој став го кажавме јасно. Целокупниот капацитет од сите ресори што ги тангираат евроинтеграциите би биле ставени под една капа. Зарем така не говори логиката, па ако сакате и практиката? По поднесувањето на апликацијата за членство во ЕУ, во очеквуање на прашалниците, ако сакаме да бидеме во целина подготвени за извршување на таа сериозна, комплицирана и како што сите кажаме мошне одговорна работа, треба да создадеме цврста база, односно еден административен столб кој дисциплинирано би работел на нашето приближување кон Унијата.

Ние сметаме дека на Република Македонија и е потребна силна државна управа која ќе го стори сето тоа. Како што кажав, тој пример го следат и други држави. Можеби најдобар пример за Република Македонија е Република Хрватска, која во изминатите 3 години не само што успеа целосно да си го смени имиџот, туку во значителна мерка успеа да си го прилагоди и законодавството во однос на законодавството на ЕУ. Не е само Хрватска држава која има Министерство за европски интеграции. Покрај другите што веќе влегоа во ЕУ, такво министерство имаат и Романија, па дури и Босна и Херцеговина формира Министерство за евроинтеграции.

Во рамките на државната управа на Република Македонија, точно е дека постои Сектор за европска интеграција, кое има слична улога, ЛДП инсистира на

формирање министерство за европска интеграција, ако ништо друго, тогаш поради овие причини:

1. На темелите на Секторот би се формирало министерство со цел подигање на односите со Европската унија на многу повисоко ниво. На Република Македонија тоа и е потребно во очекување на прашалникот од Европската комисија, која ќе го одреди она што всушност можеби и е најважно за нас во моментот-добивање официјален статус на земја кандидат. Во такви услови и доколку сакаме да ја видиме нашата земја како полноправна членка на ЕУ, сметаме дека за нас ќе биде потребна беспрекорна координација на евроинтегративните процеси, а за тоа , како што кажав претходно, е потребно посебно минситерство.

2. Секогаш сме се залагале за одговорност во политиката и на политичарите. Токму од тие причини инсистираме политичките елити во државата да понесат поголема одговорност за проектот кој не е важен само за нас, туку и за идните генерации.

3. На Република Македонија како држава и систем не и е потребно само усогласување на правниот и економскиот систем, туку често пати велиме дека имаме доверба во нашите капацитети (тоа сите гокажуваме) и можности да го изведеме тој процес со наши кадри и напори, се разбира, со подршка на нашите пријатели од Брисел.

За да се реализира успешно таа цел,како што напоменав претходно, потребна е координација на техничката и административната подршка и помош која доаѓа од ЕУ. Во Европската агенција за реконструкција , која покрај во Република Македонија функционира на Косово, во Србија и Црна Гора, ние мораме да покажеме и докажеме дека не само пред нашите пријатели од Брисел туку и пред самите себе си дека сем кадарни и способни самите да го водиме тој процес. Впрочем, тоа го направија и сите земји кои се приклучија кон Европската унија или се при крај во процесот на преговори за зачленување во унијата.

Да заклучам во врска со оваа точка, Министерство за евроинтеграција е потребно на нашата држава, ако не на оваа денешна седница, тогаш час поскоро за да можеме уште по одговорно да работиме на забрзана интеграција на нашата земја, а постои расположение за тоа.

Политиката на Владата на Република Македонија сметам дека претрпе квалитетни измени во однос на реалцијата Влада-Парламент и навистина со многу поголемо почитување се пристапи кон законодавната власт. Законите кои беа донесени односно предложени пред тоа, однсот на Владата кога имаме пратенички

прашања и одговорите кои пристигаат. Меѓутоа, како парламентарна група сеуште го немаме добиено одговорот за состојбите во"ОКТА", кој ја доведе Република Македонија во таква состојба и второ, пред една година поставивме прашање за да ги слушнеме аргументите за тоа што се случува во однос на прашањето со Телеком, повторно го немаме одговорот.

Неколку новости за граѓаните на Република Македонија и неколку новости до нашите драги опозициони колеги, коиовде два дена зборуваа за тоа какоВладата знае да ги ограби сопствените граѓани. Дали слушна македонската јавност дека МАТ поради договорот склучен од претходната власт бара отштета од 50 милиони евра. Ние го баравме одговорот за ОКТА, бидејќи сакаме да знаеме зошто Република Македонија треба да плати, според Одлуката на судот во Лондон, 15 милиони долари на "Мамидакис". Уште една новина, тоа не било се: Сега "Хеленик Петролејум" бара државата да плати 34 милиони долари. Зошто државата? Затоа што таков договор е направен со претходната власт. Слушаме поплакиза состојбата во ЖТП. ЖТП поради договорот на ОКТА, почитувани граѓани на Република Македонија, губи 15 милиони долари годишно. Потоа, се поставува прашање од опозицијата зошто луѓето не работеле!

"Телеком": го баравме одговорот за "Телеком" за да го поставиме прашањето зошто хонорар на оние кои работат во "Телеком" од 8 илјади евра. Зошто земаат плати повеќе илјади евра? Зошто има дупли цени? Дализнаете кој го потпиша договорот за екскузивитет и дека мрежата е доделена до 2018 година? И сега слушаме два дена како опозицијата зборува за големите сметки за бензин и големите сметки за телефонски услуги.

Мене ми е жал што тука не е претседателот на ВМРО-ДПМНЕ за да ми одговори кој ќе одговара за овие договори. Кој ги потпиша овие договори? Потписите на овие договори и за ОКТА и за "Телеком" ги ставија и чесниот и почесниот претседател на ВМРО-ДПМНЕ. Но мене овие договори, овие потписи не ми изгледаат на чесни. И потоа, добиваме лекција од истата оваа говорница за сиромаштијата во Република Македонија. Кој ги осиромаши граѓаните? Зошто граѓаните плаќаат дупла цена за телефонските услуги? Зошто плаќаат поскап бензин од Грција? Но тоа не е ништо. Се надевам дека овде негде во близина на салата е сегашниот претседател на ВМРО-ДПМНЕ, а тогашен минситер за финансии да одговори: се чувствува ли одговорен за г-динот Даравелски (уфрлување на пратеник созборовите "не е тука"), ќе дојде, знам дека е тука зад вратата. Од досега собрани имотни листови како доказ, констатирано е дека се купени фирми, задруги,

куќи, дуќани, земјиште вовредност од 30 милиони евра. Се чувствува лиодговорен. Тогашниот министер за финансии, бидејки знаеме г-динот Даравелски под чија капа работеше.

Слушаме од поранешниот минситер за финансии дека фалела стратегија за трговски дефицит. 1998 година трговскиот дефицит изнесуваше 604 милиони долари, а 2000 година изнесуваше 847. Каде беше тогаш стратегијата на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ? (Реакции од пратеници). Добро, мене ми е сосема јасно дека ова не ви одговара, но јас сакам не од вас, од Владата да добијам одговор не кој ги потпиша тие договори, бидејки мене ми е сосема јаснокој ги потпиша тие договори, и на македонската јавност и е јаснокој ги потпиша тие договори, но сакаме да прашаме: ќе одговара ли некој за ова? Ќе одговара ли некој кривично за овие потписи кои цела Европа и Меѓународната кризна група кажа дека е најголемиот корупциски скандал Договорот за ОКТА во Југоисточна Европа. Јавниот обвинител ни кажува дека сеуште нема случај, а Мамидакис јавно кажа дека е жртва на корупцијата. Имаме Извештај од Антикорупциската комисија дека некој треба да одговара за ОКТА, знаеме кој. Но друг пат кога зборувате за осиромашеноста на граѓаните и за тоа зошто плаќаат сметки за телефон и за нафта, погледнете си ги вашите минситри кои гои го сработиле тоа.

На крајот, на оваа валст и посакувам , како и да е , силна опозиција, а не разединета, затоа што сме сосема сигурни дека колку е опозицијата посилна , толку и власта ќе биде посилна, поодговорна во своето работење. Да се биде на чело на една банка и да се биде на чело на една Влада се разбира дека не е воопшто исто, меѓутоа, сметаме дека е вистински момент на чело на Владата да дојде некој кој се разбира во економијата. И можеби има некоја сличност, во банката ги давате своите сопствени заштеди за да инвестирате во својата сегашност и иднина, и во политиката го давате својот глас за инвестицијата во својата сегашност и својата иднина.

Ние од ЛДП, како пратеничка група, го даваме својот глас односно подршка за изборот на овој мандатар, г-динот Костов, надевајки се ако успеа од Комерцијалната банка кога беше на чело да направи во овој регион и во Македонија банка на годината, еве за оваа и идната година оваа Влада нека биде избрана за Влада на годината.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г-динот Ѓорѓи Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Од излагањето на г-динот Жерновски не ми беше јасно, но вред, штом тие така во Владата се договориле, меѓу другото, Владата на Република Македонија се договорила дека ќе го почитува членот 5 од Уставот на Република Македонија, каде пишува дека државни симболи на Република Македонија се грб,знаме и химна. Добро, за секоја Влада е успех што вособе се договорила дека тие како државни институции, како лице и опачина на Република Македонија, ќе го почитуваат барем овој дел од Уставот на Република Македонија.

Што се однесува до визионерските афинитети и на експозето и на она што го зборуваше г-динот Жерновски мислам дека многу поблизок термин до она што тој го нарекува визија која ја движи оваа Влада е поимот халуцинации. Оваа Влада, барем она што го разбрав од г. Жерновски, не може да помине ниаква реконструкција ако ние не се занимаваме со Владата на г. Георгиевски во периодот од 1998 до 2002 година, затоа што ништо драматично не може да се каже дека оваа Влада, претходниот состав на Владата на г.Црвенковски, направи нешто од онаа програма која ја пишуваа оние 300 силни меѓународни домашни и интернационални и не знам какви се експерти.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Жерновски, повелете.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Да бидам искрен, ќе издадам една тајна. Ние од парламентарното мнозинство се договоривме од вас, колега Трендафилов, да сокриеме една информација, а тоа е дека се одржаа претседателски избори. Но морам да ви кажам дека се одржж претседателски избори. Погледнете ги резултатите и тогаш ќе се уверите не ние или вие, туку граѓаните на кого повеќе му веруваат и кој ги ограби граѓаните во периодот кога вие бевте на власт.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г-динот Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Господине Жерновски, велите можеме да гиоправдаме очеквуањата на гласачите во оваа еднаипол година. Велите се наоѓаме на вистинскиот пат. Велите тие прогнозираат распад на коалицијата со ДУИ, а ние мислевме барем малку ќе ги респектирате интересите и на останатите жители на Република Македонија, не само на албанските милитантни структури со кои направивте коалиција. Велите дека неодбележаната граница е добра состојба, дека резултатите од Пописот се

објективни, и покрај целосното отстранвуање на Државната пописна комисија од процесот на утврдување на пописните резултати.

Ги избришавте македонците по род во Законот за државјанство, изгласавте Универзитет без никакво почитување на образовните стандарди. Го намаливте цензусот за локалните избори затоа што се плашите од граѓаните. Избравте таканаречен претседател со полнење на кутии на фалсификувани избори. Избравте подобен Уставен суд на чие чело ја ставивте поранешната претседателка на ДИК. Го разрешивте неуставно Републичкиот судски совет. На чело на новиот Републички судски совет ја поставивте поранешната секретарка на Владата. Се измени Уставот, се дозволи прислушкувањето, а закон сеуште нема.

Узурпацијата на државниот и приватниот имот во Тетово за вас не е незаконска работа. Ставивте рака на сите институции на државата, претседател, Собрание, Влада, Републички судски совет, Уставен суд. Медиумите молчат. А зборувате за демократија!

Патот по кој не водите е пат на апатија и безизлез. Тоа е слепа улица која води во мрачен тунел на неизвесност. Вие се грижите само за својата позиција, без и малку да покажете чувство за состојбата во која се наоѓа народот, чувство за неговата сиромаштија, за неговите маки.

Затоа немојте да зборувате за одговорност, да имате одговорност само кон вашите партиски ментори.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Контра реплика за г-динот Жерновски.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Благодарам за репликата, особено што таа беше напишана и добро прочитана, темелно подготвена. Јас исто не сум задоволен до состојбата во судството и го кажувам тоа јавно на трибини. Само кажав дека оваа Влада подготвува стратегија и верувам во волјата.

Меѓутоа, да ве слушам вас колега, или останатите ваши колеги од пратеничката група да зборувате за Републичкиот судски совет, навистина ми е трагикомично, земајки предвид дека вие за член на Републичкиот судски совет си го поставивте потпретседателот на Парламентот. И сега кога ве слушам, делувате трагикомично.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам,

Објавувам пауза од еден час.

(Паузата отпочна во 13,00 часот).

(По паузата седницата продолжи во 14,10 часот)

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплика господин Жарко Караџоски на господин Андреј Жерновски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван господин Жерновски, колку што разбрав нас овде пратениците од опозицијата не нарековте дежурни патриоти. Сега ако сме ние дежурни патриоти, денеска вие господине Жерновски се промовиравте во дежурен адвокат и тоа на ДУИ. Меѓутоа, слушајќи ве колку ги изнафаливте колку се добро изнакажавте, ќе заборавиме уште малку кои беа, од каде дојдоа и дури ќе сватиме дека без ДУИ буквално и Република Македонија нема да ја има. Меѓутоа, сакам да се осврнам на уште една ваша реченица што ја искажавте овде дека во Владата се најдоа партнери кои ја сакаат Македонија, веројатно мислевте и на коалицијата ДУИ. Сега да ве потсетам колку тие господа ја сакаат Македонија ако заборавивте. Од голема љубов кон Македонија таа љубов ја изразуваа и со пукање, а и со бомби, со терористички напади, со се живо, ако е тоа љубов, незнам што е друго. Исто така, колку пак денес ја сакаат Македонија можете да видите дека во ниедна општина каде што мнозинство е албанското малцинство, не можете да видите дека таму се вее македонското знаме, на ниеден нивни митинг исто така нема македонско знаме и тоа е таа љубов кон Македонија. Да ве потсетам господине Жерновски дека истите тие луѓе кои во најголем дел седат овде во клупи и во Влада упатуваа комуникеа кои што имавме прилика и да ги слушаме и да ги читаме и ја знаеме содржината на тие комуникеа. Инаку, колку ја сакаат Македонија, јас би ви рекол вака, повеќе ја сакаат Албанија, па Косово, може Македонија на трето место, ама ја сакаат или пола, или цела.

Кога зборувате за криминалот многу добро се осврнувате за периодот кој заминал и секогаш ви е оправдание да се зборува за нешто што одамна поминало и за нешто за кое што народот си го кажал своето мислење. Меѓутоа, господине Жерновски, зошто не прозборевте за криминалот на оваа Влада, зошто ништо не се осврнавте за набавката на нафта што ја направи оваа Влада за време на Ирачката војна, Ирачката криза, тоа објаснување по таа цена, овде баратавте и со цени и со се и сешто, не спомнавте ниту два збора за шверцот на нафта, не спомнавте ниту два збора за јавните набавки во клиничките центри, зошто се набавени без тендер како што се набавени и тн. и многу други работи. Тогаш би можеле да сватиме дека навистина се декларирате така како што се декларирате, а се додека ја водите

дискусијата во правец за тоа дека некој не чинел и цело време тој некој не чини, а ние сме добрите, убавите, така нема напредок да знаете.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави господинот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Слушајќи го ценетиот колега Жерновски, не разбрав дали е и коалиционен партнер во Владата, или исто како нас опозиционер па да ни кажува некои работи каков треба да изгледа Владата, или како би требало да биде, јас мислев дека тие работи се решаваат на ниво на Коалиција за Македонија. Значи сите работи што ги слушнав од негова страна мислев дека има можност и простор да се решат токму пред да се формира новата Влада. За жал изгледа таква комуникација не стои, го поздравувам за она што кажа дека Хрватска за три години направила многу, но ние уште кажуваме за 2001, 2002 а никако да направиме нешто. Кажувате дека граѓаните се осиромашени во тие 4 години, но заборавате нешто многу битно. 1994-1998 година се продадоа повеќе од 90% од она што значи економија и капитал на Република Македонија и тоа на успешни менаџери кои што 80% тие фирми ги затворија и луѓето оттогаш останаа без работа и ден денес неможат да најдат работа и покрај тоа што им ветивте дека ќе го направите тоа. Денеска фирмите се продаваат без вработени само како фирми. До пред две години Електростопанство на Македонија беше национално богатство за вас на кој не треба да се помисли да се става рака, но сега само во една парламентарна сесија вие го продадовте. Кажувате дека голем број од вработените земаат повеќе од 1000 евра плата, меѓу нив ќе ве потсетам дека и господинот Рубинчо Заревски, бившиот директор на Фондот за здравство кој што заради лошото менаџирање беше сменет од директор на Фондот за здравство, а сега е таму каде што треба да биде, каде што ќе ги зема тие 1000 евра. Исто е со Регулаторната комисија која што ние тука ја избравме и вие тука заедно со нас, кој што земаат повеќе од 1000 евра, а реков имаат возачка дозвола Б категорија. И уште една работа не би сакал да зборувам тука за Козјак и стоте милиони евра кој што се надмашени или промашени во самото стартирање на објектот. Но би сакал да замолам посебно вашата партија која беше опозициона партија, беше формирана анкетна комисија која што требаше да утврди како е набавена телефонската централа во Министерството за финансии, незнам што направивте и како направивте, можеби да се информирате од вашиот колега кој тогаш беше претседател на таа Анкетна комисија, а господинот мандатор на денешната Влада беше заменик или помошник министер на министерот за

финансии. Како сето тоа заврши можеби подобро знаете од мене, и затоа ќе ве замолам Република Македонија од 1990 година е во водите на транзицијата, значи не постои Република Македонија само во тие 4 години на владеење на ВМРО-ДПМНЕ, за кој што толку многу не критикувавте дека вработивме повеќе од 100.000 луѓе. Вие сега ги бркате, кажувате дека е тоа подобро од ова претходното.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, господин Жерновски.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Добро, јас донесов, себеси си донесов одлука да не одговарам на репликите, меѓутоа, мислев дека ќе има само еден. Еве да одговорам.

Прво, јас повеќе пати сум зборувал овде како пратеник дека ќе се заложувам со тоа дека законодавниот дом ја доби вистинската своја улога и да биде коректив на власта, и дека таа улога не треба да биде само и единствено во раката на опозицијата, туку и во рацете на пратениците кои што се од страна на парламнтарното мнозинство. Дури сум кажал дека сметам дека на тој начин и се помага на работата на власта. И еве сега бидејќи ме провоцирата за некои теми, еве ќе ви одговорам конкретно со податоци за да знае македонската јавност кој ги искривува фактите.

Окта. Кога дојдовте вие на власт бензинот беше 37 денари, кога си заминавте 51 денар. Телеком, пред да го потпишете вашиот договор кој што ја осиромаши Македонија, кој што ги краде овие граѓани на Република Македонија, за кој што треба да одговарате беше импулсот 0,5 денари, а сега 1,38 денари.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам. За реплика господин Ружди Матоши. Повелете.

РУЖДИ МАТОШИ:

Ви благодарам. Јас би сакал господинот Жерновски да го напушти стариот менталитет на размислување, за комунистичкиот период кога албанците ги двоеја во добри и лоши албанци и да не биде адвокат на никого, туку со факти и аргументи нека не убеди дека навистина се имплементира Охридскиот договор и заслугите да и припаднат на оваа Влада. Јас би сакал господинот Жерновски, да го прочита добро Охридскиот договор и тоа секое утро нека го прочита по еднаш и нека се увери самиот дали произлегуваат обврски и закони дискриминаторски од Охридскиот договор како што се Законот за безбедносните сили каде на изричен

начин ги одвојува граѓаните на Македонија, Законот за патните исправи каде на изричен начин ги одвојува македонските граѓани и многу други закони кои во суштина ги имат токму поделбата на граѓаните. Затоа господине Жерновски со првите прашања кои ќе дојдат од Европската Унија кон Македонија ќе бидат токму овие закони, значи закони кои ги делат граѓаните на Македонија.

Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам. Господин Жерновски.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Благодарам за реплиаката господине Матоши. Јас не сум, ниту се обидувам да бидам адвокат на ДУИ. Јас го бранам проектот кој што оваа коалиција го гради и тоа успешно. Барате факти. Пак ќе ви кажам тоа што вие го зборувавте кога бевте на власт. Вие мене меословувавте како славомакедонец, и вие за мојата земја зборувавте дека е БЈРМ. А бевте во Владата на Република Македонија. За разлика од колегите на ДУИ кој што сосема прецизно кажуваат дека ме нарекуваат мене македонец и оваа земја ја нарекуваат Република Македонија и зборуваат за унитарниот карактер.

Второ, зошто јавно не го поддржавте сега веќе починатиот претседател Трајковски. Зошто моравте тоа тајно да го правите. Зошто така не придонесовте. Само да ви кажам така, доверба ако ме нарекувате славомакедонец или јас вас со погрдно име кое што не го сакате, никогаш не сум го изговорил, никогаше нема да постигнеме доверба. Зборувате за Охридскиот рамковен договор дека не е реализиран. Сигурно дека треба да се дореализира и го зборував тоа. Меѓутоа, овде го слушнавте генералниот секретар како кажа дека Охридскиот договор се имплементира, дека тоа е позитивен исчекор за Република Македонија и дека поради тоа ги исполнуваме политичките критериуми да влеземе во НАТО и во ЕУ. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам. Одиме понатаму со реплики. Господин Коце Трајановски, реплика или за дискусија. Ѓорѓи Трендафилов, за дискусија. Нема повеќе реплики.

Во ред одиме со дискусии. За дискусија се јавен господин Ѓорѓи Трендафилов. Повелете.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Благодарам госпоѓо Поповска,

Мислам дека овој текст што е предмет на расправа втор ден во Собранието, неоправдано го носи заглавието експозе по повод избор на Владата на Република Македонија, затоа што ако се обидеме тематски да ги разграничиме пораките кои се упатени и до Собранието и до македонската јавност тоа разграничување би било во 8 или во 9 делови од кои на пример двапати станува збор за евроинтеграциските напори на Република Македонија  и нашето зачленување во НАТО и ЕУ. Значи почнува со политичката содржина на Владата и како оваа Влада и на каков политички договор и каква политичка поддршка стои зад неа. Под два може да зборуваме за пораката која се однесува на меѓуетничките односи и динамиката со која се усоглассуваат законите согласно уставните амандмани, Уставот на Република Македониј.Потоа во 3 станува збор за  приоритетните цели на Република Македонија, приоритетните цели се диференцирани во нашите напори за зачленување во НАТО и ЕУ. Четири, се зборува за децентрализација. Во потточка 5 станува збор за судството и за најавените реформи кои во рок од три месеци 300, 500, или незнам овој пат колку експерти тоа треба да го подготват. Во 6, станува збор за организираниот криминал. Во 7 се проговорува нешто за економската состојба на Република Македонија во поглед на тоа дека Владата на Република Македонија воглавно се прогласува за ненадлежна и со една генрална порака пред се до македонските земјоделци кога во иднина ќе им падне на памет јавно да протестираат, тоа можат да го прават со нивните француски колеги и можат да протестираат во Франција пред француските институции, но не во Македонија, затоа што Владата е ненадлежна за тие прашања. Како една скромна потточка по точката 7, значи 7-а се проговорува за сиромаштијата и колку таа кај нас предизвикува чувство дека ние мораме да преземеме нешто и дека ќе преземеме, иако не се кажува што всушност. Потоа во осмата потточка повторно се зборува за приоритетите на Република Македонија, тоа се НАТО и ЕУ. И незнам што се случи во последно време повеќемина политичари од СДСМ своите писмени, или јавни обраќања да ги завршуваат со една изјава од поранешниот претседател на САД Џон Кенеди. Значи, генерално ова таканаречено  експозе не нуди ништо што го немаше да речеме и во експозето на претходниот предлагач за состав на Владата господинот Црвенковски и воглавно преовладува онаа социјалдемократска нишка на обраќање и на идентификација на проблемите и таа порака за жал без оглед дали е изговорена во 2004 година, 1994, 1984 или порано препознава само две времиња, тоа е минато сврпшено и идно време. Сегашноста има некаков статус на виртуелна реалнст и на неа не треба посебно да обрнуваме внимание. За волја на вистината

господинот Жерновски како дискутант по експозето на господинот Костов, се обиде да отвори некои дилеми, притоа дали свесно или несвесно заборави да спомне дека 2002 година тогашната влада можеше да стартува со еден расчистен, а од неа наследен проблем, тоа се 8% од пензиите на корисниците на пензискиот фонд, тоа се намалените даноци и тоа е зголемување на платите. Значи, тоа беше една ралативно лагодна ситуација, тие не мораа да мислат за она што господинот Црвенковски во сите состави на неговите влади постојано тврдеше дека ќе биде направено како што впрочем и како што реков е препознатлив стил на обраќање без оглед дали станува збор за писмено, или за усмено обраќање, се зборува или во минато, или во идно време. За жал, на пример координаторот на Пратеничката група на СДСМ кој имаше да речеме многу поквалитетно прозно четиво од ова што го нуди господинот Костов со овие 2, 3 неуспешни саркастични обиди кои ги препознаваме низ текстот, почна дури своевремено да не потсетува на Мартин Лутер Кинг на процесот на реформација во Европа. И тука господине Макрадули јас би го спротивставил еден противник на реформацијата од тоа време, тоа е Еразмо Ротердамски кој напишал едно прекрасно дело кое се вика “Пофалба на лудоста”. Јас многу нешта препознавам во СДСМ и во политиката на оваа Влада кое своевремено и Ротердамски ги има набележано како општествена појава.

Што е заедничко, како заедничка нишка во сите влади на СДСМ до 1988 година, па и овој предложен состав и оваа таканаречена програма за работа на Владата? Како што и самиот господин Жерновски јавно кажа, многу е битно и јас се согласувам дека треба да биде истакнуван фактот дека Владата на Република Македонија реши да го почитува членот 5. Како продолжиле, до крајот на оваа година можеби ќе решат да го почитуваат и Уставот како единствено четиво, значи нема потреба да одат парцијално, овој член ќе го почитуваме, оној член нема да го почитуваме, што секако ќе биде напредок во демократските процеси во Република Македонија, ако ги разбираме како процеси, кои никогаш не завршуваат. Зборувавме во овие два дена и тоа пред се' пратеници од парламентарното мнозинство дека тие се просто воодушени од тоа што оваа Влада за која денеска разговараме, ќе биде транспарентна влада, ќе биде информатичка влада и влада која ќе инвестира во отворање во нови работни места, влада која го унапредува меѓу другото и образованието како значаен државен и општествен сегмент од развојот на секоја повеќе или помалку нормални земји во светот. Не ми е јасно, иако во експозето на господинот Костов не можам да препознаам дека нешто се осврнува на образованието, во јавноста сме сведоци дека се' повеќе универзитетски професори

од Универзитетот “Св.Кирил и Методиј”, бараат од Владата, која господинот Костов во повеќе прашања ја прогласи за ненажна, бараат од Владата да се обиде да стави ред во праксата, која за жал, тука во Собранието на Република Македонија беше озаконета дека далеку повеќе документи, пријави, барање, молби, се потребни да отворите маалско дуќанче или да регистрирате кола на старо донесена од странство, отколку да отворите универзитет. Ние дебетиравме неколку дена непрекидно и Владата докажа дека за такви прашања таа може да биде надлежна, додека, на пример, за земјоделците можат да одат да демонстрираат и да протестираат во Франција со нивните колеги, но во Република Македонија тоа не може да го прават.

Ако се навратиме на овие 8 или 9 точки кои во таканареченото експозе треба да ни ги дадат главните насоки за кои оваа Влада треба да работи во идниот период, се разбира, доколку го добие потребното мнозинство, искрено јас искрено и се прашувам дали има потребно мнозинство, ако не повеќе затоа што безвме сведоци кога зборувавме за Законот за локални избори во Собранието на Република Македонија се идентификуваше една силна лоби група, која верувам можеби и сега ќе излезе, па ќе бара Владата да не биде така шовинистички расположена, со само двајца министри жени, можеби ќе побара да има најмалку пет министри. Така да, очекувам од оваа Влада и да се судри првенствено со таа дилеми, освен доколку таа силна лоби група не смета дека жените во земјава се можеби и квалитетни да бидат советници, па и пратеници, но тука завршува нивниот напредок во политичката кариева. За министри важат веќе далеку поригорозни критериуми, каде што ова лоби не може да пробие.

Значи, политичката содржина на оваа Влада, која се разбира не е избор на самиот предлагач. За жал, предлагачот во точка 1 осврнувајќи се на политичката позадина, значи на партиите која ја поддржуваат оваа Влада, се повикува на одредени објективни околности и веднаш потоа и ни сугерира дека тие објективни околности треба да се сугерираат и да се набљудуваат токму во насока како што тој мисли дека е објективноста. Тоа за жал во науката се нарекува субјективен идеализам. Значи, ако господинот Коство во моментов излезе да запали цигара во фоајето пред сала И каде што се одржуваат пленарните седници, во рамките на неговата политичка доктрина со која го започнува својот текст насловен незоправдано велам како експозе, тогаш за него Собранието на Република Македонија престанува да игзистира како реалност, затоа што едноставно тој во тој момент не го гледа Собранието. Тоа значи дека господинот Костов не се ни обидел

да направи некаков исчекор, оправдувајќи се дека ние Република Македонија не треба да ја лишиме од значајна институција каква што е институцијата Владата на Република Македонија и во тоа се согласувам, ако му била намерата. Владата е единствената институција во земјава која функционира непрекинато, значи без оглед дали е во оставка или не е оставка, работи нормално само обемот на нејзините работи во рамките на политичката култура или на домашното воспитување налага на Владата во оставка да се воздржува од сериозни законски проекти. За жал, во неколку наврати во минатата седница ние се занимававме со значајни закони, иако Владата беше во оставка.

Што се однесува до втората точка, до меѓуетничките односи, меѓуетничките односи се поставени како и до сега на еден кампањски, на еден ударнички би рекол систем на однесување и на сфаќање, како тие треба да се развиваат. Значи, не се отстапува од тој начин на работа или од претпоставки дека така треба да се работи, при тоа занемарувајќи ги сите други нус појави кои треба еден таков развој да следат. Значи, се занемарува природниот, културниот, социјалниот и било кој друг развој и се оди со еден, ќе повторам, ударнички начин. Значи, ние ќе отпуштиме незнам 200 лица затоа што се од погрешна националност и ќе примиме 200 лица кои се од вистинската малцинска заедница во Република Македонија, при тоа несфаќајќи, а иако оваа, односно минатата влада која во голема мера е истата, се судри токму со еден таков проблем, па мораше да интервенира Европската комисија. Сакам тука да потсетам на оној конкурс за 600 службеници во државната администрација, конкурс кој беше направен нетранспарентно и конкурс кој требаше да ги потполни персоналните желби и амбиции на еден од коалиционите партнери на господинот Црвенковски. За среќа, како финансиер на тој проект Европската комисија се спротивстави и Владата мораше да ретерира од таквиот избор на потенцијални државни службеници и за волја на вистината јас оттогаш и не слушнав дали нешто направија во таа насока. Завршивме со тоа дека Европската комисија и Владата го укинаа, го поништија, односно конкурсот.

Значи, меѓуетничките односи и понатаму оваа Влада има намера да ги користи како дневна пропаганда, како за внатре, така и за надвор, при тоа воопшто не осврнувајќи се на претпоставки кои секако треба да бидат земени во предвид. Но, и тоа не треба да биде за изненадување, затоа што така кажаа и претставниците на парламентарното мнозинство, битно е што Владата најде за сходно да постигне меѓусебен договор дека ќе биде почитуван членот 5. Па тука е изгледа појдовната точка на начинот на кој тие меѓуетнички односи оваа Влада има намера да ги

развива понатаму, иако не ми е јасно зошто предлагачот на составот за новата влада не почувствувал потреба и за ова прашање да се прогласи Владата за ненадлежна.

Приоритетните цели кон НАТО и Европската унија. Минатата седмица имавме неколку точки на дневен ред кои беа поврзани со реформите и на македонскиот државен систем. Мислам дека дојдовме до некакви заклучоци дека ние во иднина и не треба постојано да зборуваме за стратешките определби, затоа што тие се усвоени во средината на 90-тите години, токму од ова Собрание и дека треба повеќе да работиме и да се фокусираме на квалитетни реформи кои ќе значат суштинска измена на слабостите кои и ние сме ги детектирале, а се детектирани и од нашите соработници од овие две меѓународни институции и дека ние бездруго ќе бидеме на пример дел од НАТО алијансата, затоа што нашиот степен на односи е како земја која не е членка на НАТО, а е членка на програмата Партнерство за мир. Значи, ги исцрпуваме можностите кои програмата Партнерство за мир ги нуди.

Она што зачудува во третата точка во која зборува за приоритетните цели кон НАТО на пример, јас никаде не видов дека Министерството за надворешни работи ќе преземе една дузина конкретни чекори, дека Министерството за финансии има обврска да заврши и таа една најмалку дузина обврски, дека Министерството за правда треба да заврши одредени работи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана. А, го спомнав Министерството за надворешни работи на прво место затоа што всушност тоа е носител на нашите активности, овие четири други министерства што партиципираат со одреден дел во таканаречената Национална програма за членство во НАТО. Значи, повеќе се зборува за намери, добри желби или визии што би рекол господинот Жерновски, но можеби станува збор и за халуцинации. Значи, приоритетните цели, секогаш одново и одново да се кажуваат, мислам дека нема смисла, затоа што ако за 10 години откако се донесени во Собранието на Република Македонија дека има во земјава некој да незнае кој се приоритетните цели, тогаш навистина не можат да бидат виновни 20 политички партии на македонската политичка сцена. Едноставно, треба да кажеме јасно и гласно дека можеби тој што мисли дека не се доволно истакнати, не бил информиран или не бил тука.

Децентрализацијата е четвртата точка која во овој текст подготвен од господинот Костов ги образложува намерите што оваа Влада ќе ги презема во областа на децентрализацијата. Значи, за втората и третата фаза од подготвениот пакет за децентрализација во пресрет на локалните избори во октомври.

Јас мислам дека тоа прашање не е затворено. Ние бевме сведоци дека имаше жестоки дебати во Собранието на Република Македонија токму по предложената територијална поделба од Министерството за локална самоуправа. Исто така се јавија и повеќе општини кои не се согласуваа со предложената карта за територијална поделба на Република Македонија и мислам дека сосема во духот на онаа намера истакната во точка 1, дека Владата ќе биде јавна и транспарентна. Сите тие кои не се согласуваа со таквиот предлог план за територијална поделба на Република Македонија на општините на територијата на Република Македонија, а не се во можност да го направат во Собранието на Република Македонија треба да им биде дадено правото и треба да биде изнајдена соодветна форма, да можат тоа право да го кажат и да го бранат пред институциите на системот.

Петта точка е формата на судството. Оние 300, 500 или незнам колку експерти, кои во следните три месеци ќе излезат пред македонската јавност со конкретен предлог за реформи на судството. Тука повторно гледаме дел од за жал, често неуспешниот обид за сарказам на авторот на текстот, ако е тоа предлагачот тоа тоа оди на негова сметка, ако е тоа тимот на луѓе околу него, тогаш тоа оди на нивна сметка и можеби треба да најде подобри автори во иднина. Таквиот начин на комуникација со судството, од позиција на потенцијален претседател на Владата на Република Македонија, или доскорешен министер за внатрешни работи, знаејќи дека власта во Република Македонија е поделена на три нивоа, законодавна, судска и извршна, некако не дава многу надеж дека барем извршниот дел од власта има намера да се држи до оваа уставна категорија, која ги разграничува овие три нивоа на влст. Таквиот начин на комуникација можеби малку потсетува на господинот Хрушчов и неговата чевла во ООН. Но, таквиот начин на комуникација на кореспондира со точката три, каде што ние зборуваме за нашите приоритетни цели, за нашето идно членство и во НАТО и особено во Европската унија, иако за волја на вистината добар дел од забелешките кои се однесуваат на Република Македонија доаѓаат од адреса на НАТО и Европската комисија, се токму во поглед на човековите права и почитувањето на принципот на поделба на власта во Република Македонија на овие три нивоа.

Пораки од ваков тип не само што се невкусни, туку и штетат на Република Македонија, затоа што не доаѓаат од било кој, значи не доаѓаат од некаква маргинална политичка фируга на нашата политичка сцена, туку доаѓаат од човекот кој до скоро беќе министер за внатрешни работи, од човекот кој коалиционите партнери на парламентарново мнозинство овде во Собранието на Република

Македонија му дале доверба да формира Влада која треба да раководи со Република Македонија.

Е, сега доаѓа можеби би кажал најпластичниот, најанимиран дел од целиот овој текст, а тоа се економските состојби во Република Македонија и работата на Фудбалскиот сојуз на Република Македонија. Ова е дел кој безусловно уште со самиот начин на компарација кажува дека Владата апсолутно не е надлежна за ова. По трет пат ќе кажам, можат нашите земјоделци да протестираат со нивните колеги фармери во Франција, пред француските институции на системот, затоа што Францускиот синдикат на земјоделците е еден од посилните во Европа и Францускиот синдикат на земјоделците често ја принудува Владата на Франција или понекогаш дури и во соработка со Владата во Франција, Петтата француска република да се избори за одредени за неа позитивни мерки и чекори кои се преземаат од страна на Европската комисија. Ако тоа се прави од страна на Франција која е еден од моторите кој ја движат Европската унија и оние една од земјите како центрифугална сила ги влече веќе сега новите членки на Европската унија, тогаш не ми е јасно како оваа потточка седум оди во корелација со нашите прилоритетни цели во Европската унија. На пример, една од новопримените земји во Европската унија, тоа е Република Полска, исто така добар дел од своите преговори ги посвети токму на земјоделските производи, со што состојбата со аграрот во Република Полска и евентуалните негативни последици кои би се појавиле врз овој сектор од полското општество, по припојувањето на Полската република во рамките на Европската унија. Но, со овој некаков незнам најблиску ми паѓа на памет некаков максимално либерален поглед на економските состојби и во Република Македонија и во Европа, господинот предлагач на составот на оваа влада и потписникот на ова таканаречено експозе, не враќа многу, многу назад и мислам дека ќе има прилика ова да го објаснува, особено пред неговите полски колеги, кога ние на пример, во рамките на нашите залагања за приближување кон Европската унија ќе се обидеме да позајмиме некакви искуства, да речеме од Република Полска, Унгарија и од Република Словенија.

Мислам дека господинот Костов многу тешко ќе најде соговорници од таа страна, затоа што овој модел навистина е уникатен. Не верувам дека било која земја од овие за сега зборував, за другите знам многу помалку какви проблеми имале во тој поглед, но знам дека Полска, Унгарија, Словенија, осовено овие првите две, поради нивната состојба со земјоделското производство беа особено внимателни, особено тврди во преговорите, токму во тој правец.

Како една посебна потточка по точката 7, тоа е точката 7-а, зборувам за сиромаштијата. Сиромаштијата, барем со оние неколку скромни реченици, според авторот на овие редови е нешто што се случува на некој друг и нешто што се случува на некое друго место. Можеби во неговото потесно опкружување, мислам на авторот на тие редови и навистина нема сиромаштија, но авторот на тие редови сепак е во позиција на носител на јавна функција. Примерната обврска на Владата е да се грижи за просперитетот и благосостојбата. Но оваа дефиниција не може да се примени над оваа македонска Влада затоа што ние сме далеку од благосостојбата, уште подалеку од просперитетот, без оглед што неколкумина пратеници од парламентарното мнозинство овде се обидоа низ розови очила да ни ја прикажат македонската реалност. И што е најбитно, она што од секогаш ме воодушевувало кај левичарските партии, а тоа особено вчера го видов на некој тв прилог овде. Господинот Црвенковски како мандатар, освен сликата и промената на гардеробата, во прилогот што го забележав, не забележав апсолутно никаква разлика во говорите. Имаше некоја ретроспектива за македонските влади од независноста па наваму и освен гардеробата, бојата на вратоврската и по малку побелената и оретчена коса ништо нема променето, исто така се боревме за битки за жетва, борба за демократија, па колку ќе ни биде прекрасно од задутре итн. Таа виталност се забележува и во ова, така наречено експозе.

Толку за сиромаштијата, така јас ја сватив, во овие неколку скромни реченици.

Сега точка 8, повторно зборуваме за НАТО и за Европската унија, што ми остава впечаток дека можеби неколку автори учествувале во подготовката на експозето кои меѓу себе и не биле баш координирани. Значи во еден дел се забележува индивидуална црта на еден од авторите на овој текст, но во друг поглед потоа веднаш се обидуваат да бидат координирани и униформирани. И на крајот се завршува излагањето со реченицата на г. Џон Кенеди, која е особено популарна во последно време, ја слушам овде во Собрание и ја читам, што треба да ни даде дополнителен придонес дека оваа, така наречена програма, дека тоа така наречено експозе е реално остварлива. Ако во нешто се согласувам со тоа, тоа е дека ова експозе е реално остварливо затоа што не нуди ништо. Владата се прогласува ненадлежна за многу работи, Владата не е тука за многу работи Владата не постои за многу работи. Нема никаков проблем дека тоа ќе се оствари. Владата и досега беше отсутна за многу работи и не преземаше мерки и тогаш кога тоа беше барано од неа.

Ниту збор нема за отварањето, всушност не за отварање на нови работни места, туку како да ги задржиме постојните. Ниту збор нема, тоа што е карактеристика на сите СДСМ-овски Влади досега. Контролата на институциите на системот од страна на партиите кои ја формираа Владата е очекувана и тоа се правилата на мнозинството кое по пат на избори ја добива таа позиција. Но кога контролата од институциите на системот се прелева и во општеството во целина, тогаш веќе не може да станува збор за валоризација на изборните резултати. За жал во Република Македонија се служува токму тоа. Само да потсетам, до 2002 година и тоа во исклучително тешки мигови, без оглед дали станувааше збор за 2001 година во која Република Македонија беше нападната, дали станува збор за 1999 година кога се случи еден настан што никогаш не се случил, од формирањето на НАТО по Втората светска војна и тоа на тлото на Европскиот континент. Протестите, дали се во прашање работнички права, синдикални права, права на акционери, права на некаква, било каква социјална група која смета дека е засегната со некаква одлука на Владата или на дел од институциите на системот, тие тоа право го користеа на начин како што е пропишано со законот, со јавно манифестирање на своето незадоволство. Ние во 2004 година немаме општествена, немаме јавна конфронтација, дури доживеавме, за така наречениот работнички празник на најлевичарската партија во Република Македонија, да имаме свечена академија, во година во која дел од тие синдикати се обидуваа да организираат масовни синдикални протести, во поглед на нивните права, без оглед дали станува збор за вработените во стопанството или во нестопанството, без оглед дали станува збор за вработените од СОНГ, припадници на Гранковиот синдикат во СОНГ, или станува збор ...

(Мандатарот, господинот Хари Костов излезе од салата)

Ве молам госпоѓо претседавач предлагам да дадете десетина минути пауза како би почекале да дојде предлагачот на ...

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ве молам господине  Трендафилов, да продолжите. Понекогаш можеби има и оправдана причина да излезе во моментот.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Мислам дека, колку што можам сум претпазлив и зборувам по точки токму на експозето кое е предмет на расправа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине знаете дека има телевизори насекаде, и надвор, така што ќе ја следи вашата расправа.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Тоа значи дека ќе ја прекинам дискусијата.

Јас сепак би побарал пауза од 10 минути.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јас ве молам за разбирање. Не може 8 часа непрекинато да седи мандатарот тука. Вие гледате дека цело време е присутен.

Го молам мандатарот господинот Хари Костов да влезе во салата за да можеме да ја продолжиме седницата.

Господине Трендафилов дали сакате да продолжите со дискусија.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Јас сепак ќе дозволам мојата дискусија сега да биде прекината, како би продолжил кога во салата ќе биде присутен предлагачот за состав на владата. Јас сум седел овде 48 часа, може и тој да седи барем 8 часа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Значи сега ја прекинувате дискусијата.

Има збор господинот Коце Трајановски.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Не можете сега да ме прекинете мене и да му дадете збор на мојот колега. Јас барав пауза од 10 минути како би му овозможиле да се врати господинот Костов, а јас потоа ќе продолжам со дискусијата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Трендафилов мислам дека не би требало да инсистирате на тоа.

Имате ли поддршка од 10 пратеници за 10 минути пауза.

(Во моментот мандатарот господинот Костов влегува во салата).

Господине Трендафилов продолжете.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Почнав да зборувам за оној дел кога, она што се вели валоризација на изборниот резултат, а кое претпоставува дека политичката опција која ги добила изборите има право да управува и да ја сноси одговорноста со институциите на системот. Престанува да биде валоризација кога таа моќ која по функција и со закон е содржана и концентрирана во институциите на системот, таа иста моќ ќе почне да се прелева и врз општеството кое не е дел од институционалната или формална

контрола на институциите на системот, во принцип, без оглед дали станува збор за Република Македонија, за земја членка во Европската унија, за земја која не е членка, или партиципиент или е на пат да стане тоа, во принцип валоризацијата на изборниот материјал завршува во рамките на системот. За жал, 2004 година, при изразено силни тенденции, пред се во синдикалното движење да се пречека 1-Ви мај со свечени академии како во најубавите денови од пред 20-30 години и особено изјавата на еден од синдикалните водачи дека основната разлика меѓу Владата на Црвенковски во тоа време, значи пред господинот Костов и Владата на Георгиевски и она што претходната Влада во ниту еден момент не се обиде да ја пречекори онаа црвена линија во начинот на комуникација на релација Влада - Синдикат. Не сум сигурен, но ќе парафразирам. Тој синдикален лидер својата изјава ја заврши со зборовите - за жал оваа Влада токму тоа го прави, за што во иднина, во постапка се покренување на повеќе кривични пријави против носители на јавни функции кои таквиот начин на комуникација го прекршиле.

Во образлагањето на овие 9 точки јас спомнав дека во неколку наврати, особено во оној дел кој зборува за судството, таквиот начин на комуникација дава за право да мислиме дека политичката моќ нема да биде концентрирана и нема да биде достојно ограничена само на институциите на системот, туку напротив таа ќе се обиде да го поклопи општеството во целина, нешто што никаде не е дозволено и нешто што секаде граѓаните, на било која земја, се обидуваат тоа да го спречат. Тоа се спречува институционално со законите кои ја ограничуваат власта да се меша во приватните права и воопшто во она што го засегнува секојдневниот живот, а не е врзано со институционалното функционирање на системот. Овде во Република Македонија во 2004 година, да ве потсетам, во рамките на тие розови слики кои, неколкумина пратеници од парламентарното мнозинство се обидоа да ги прикажат во овие два дена, дозволете да ве потсетам дека во неколку извештаи слободата со медиумите, слободата на печатото е доведена во прашање и тоа е еден релативен феномен во Република Македонија. Ако се потсетиме дека на почетокот и во средината на 90-тите години Република Македонија не можеше да се пофали со квантитет, особено на печатените медиуми, ние во 2004 година можеме да се пофалиме дека има квантитет на печатени медиуми, да не ги спомнувам електронските, тие секогаш си го наоѓале патот, како на локално така и на национално ниво. Останува прашањето што е проблемот ако ние добиваме на квантитет, а од друга страна губиме на квалитет. Во опис и попис во работата на неколку одговорни лица, како во Владата така и во МВР кои се одговорни за

комуникација со јавноста, тоа не значи дека тие можат тенденциозно и свесно да ги насочуваат односно со други зборови да ги злоупотребуваат информациите кои им се достапни во тој момент, благодарение на позицијата која ја извршуваат. Тука зборувам за класични примери кога јавно се врши отстрел на одредено лице за кое можеби ќе биде покрената кривична пријава, можеби таа ќе доведе до истрага и можеби конечно судот ќе донесе одлука дека тоа лице е виновно. Но, тоа е само можеби, затоа што ништо од тоа може и да не се случи, но за жал токму однесувањето, тие јавни, некогаш беа јавни, за жал тоа можевме да го видиме но најчесто тоа се некакви тајни сеанси што се обидуваат во своите белешки да ги заведат како брифинзи. Тие немаат поинаква цел освен да се занимаваат со дискредитација, со повици на јавен линч. Значи треба да се гледа и оваа димензија кога се зборува за демократијата во Република Македонија. И она што отсуствува во целиот текст, што верувам дека на авторите на ова експозе воопшто не им паднало на памет, е врзано со една претпоставувам, во нивните очи и во нивната свест, банална категорија. Тоа се индивидуалните човекови права, тоа се правата на секој граѓанин во Република Македонија, своето право да го брани во прво лице еднина, не како припадник на расна групација, не како припадник на национална, верска, политичка или било каква сакате социјална група, туку своето право пред институциите на системот и својот однос конечно со институциите на системот да го гради во прво лице еднина, без притоа да му биде потребна поткрепа или поддршка од некаква социјална група. Особено е тоа забележително затоа што во точката 2, како што реков, вие зборувавте за меѓуетничките односи, притоа занемарувајќи дека всушност станува збор за индивидуални лица, дека тие за кои вие зборувате дека се предмет на грижата на вашата Влада во иднина, а треба тоа да придонесе во развојот на меѓуетничките односи, сепак во основа станува збор за збир на индивидуалци кои имаат сопствено име и презиме и замислете, верувам дека сите имаат единствен матичен број. Тоа вие би требало подобро да го знаете. Значи занемарувањето и лесното пречекорување врз индивидуалните човекови права и обидот тоа да се направи единствено во група, за жал не ми дава некаква надеж дека воопшто и нешто драстично ќе се промени во начинот на кој власта во Република Македонија ги перцепира сопствените граѓани и дека власта ќе се обиде да го смени тоа што досега беше пракса.

Конечно, не ми е јасно, на крајот на краиштата иако се обидувате, во точката 1 кога зборувате на какви се политички преговори е резултат овој состав на Владата, не ми е јасно што бара на листата на предложени кандидати, да речеме господинот

Аврамовски, идниот министер за внатрешни работи, од едноставна причина. Од биографијата која е приложена, можеме да видиме дека станува збор за професионалец во својата дејност, професионалец кој по дефиниција на зборот таа професија ја обавува и треба да ја обавува, без оглед на политичката гарнитура која доаѓа и си заминува од МВР. Во крајна линија нема да зборувам тоа дали се коси со законот, дали треба да биде три години надвор од куќата или не треба да биде. Во крајна линија станува збор за она што пред малку го зборувавме а кое се однесуваше на валоризација на политичките резултати. Тогаш зошто се потребни воопшто избори на повеќе политички субјекти кои меѓу себе се натпреваруваат за гласовите, нудејќи една или друга програма, кога едноставно изборите во иднина не треба ниту да се одржуваат, затоа што ние, бидете сигурни, во секое министерство, во секоја институција ќе најдеме редица професионалци кои таа функција ќе ја извршуваат и подобро. Но целта на изборите не е да се пронајде професионалец кој ќе го води министерството или соодветната институција. Целта на изборите е да се стави на прво место, во прво лице еднина политичката одговорност олицетворена во актуелниот политички момент на оној што го води Министерството, Владата или било која институција. Вие на овој начин ги занемарувате изборните резултати и можеби правите некаква поголема штета со тоа што еден професионалец го вовлекуваме, значи можеби правите некаква поголема штета, ако тоа, за жал, барем според вашиот изглед на лицето во овој момент, не сте свесни ниту вие, но мислам дека ќе имаме прилика да видиме дали сум бил јас во право, или сте во право вие. Но во секој случај вие правите еден опасен преседан затоа што ги занемарувате политичките резултати одржани во 2002 година. Ќе повторам не е целта на изборите да ангажираме експерти. Целта на изборите е да се организира политичка Влада со конкретна политичка одговорност, со конкретни политички обврски кои произлегуваат од нивна конкретна политичка програма со која се натпреварувале на изборите. Јас знам дека вие не сте се натпреварувале затоа што вие самиот велите дека доаѓате како експерт на позицијата министер за внатрешни работи и дека со таа тенденција се движите нагоре во службата, како што обично пишува во биографијата. Но верувајте дека тоа што сега може да се случи во Собранието на Република Македонија не е добро затоа што професионалците треба да бидат ангажирани најмногу токму во професионалните води каде тие можат да им помогнат на институциите на системот на начин како што тие најдобро знаат. Доколку сакаат да се однесуваат поинаку, тогаш тие треба да излезат на виделина на денот, а тоа се прави преку избори. Вие бидејќи сакате често да правите

компарации со ФСМ, на вас ви е јасно дека вие не можете да ангажирате фудбалер доколку навремено не сте ја завршиле неговата регистрација.

Вие се обидувате токму тоа да го направите, а истовремено тврдите дека вие ќе ги пропишувате правилата. Но, фудбалскиот сојуз на Македонија, ФИФА или УЕФА, не ги менуваат правилата во од, правилата се менуваат во исклучителни моменти се носат пропозиции, правилата се носат пред почетокот на натпреварот, не се менуваат во текот на натпреварот.

Би сакал да проговорам уште еднаш за образованието, ако следиме некоја последична врска со самото тоа што апсолутно не станува збор ниту се размислува за индивидуалните човекови права, ниту за тоа дека можат да се идентификуваат граѓаните на Република Македонија со едно крстено име, со единствен број, со бројот на личната карта како индивидуи, со свои посебни специфики, потреби, желби, амбициии, но многу јасно и многу логично во вашата недоследност е и однесувањето кон образованието иако велите дека ќе бидете информатичка Влада.

Тоа излегува како да се обидете низ едни временски простори на хромањонец да му понудите пентиум да ви нацрта тркало. Верувајте дека нема да успеете да го добиете саканиот резултат затоа што образованието во Република Македонија спомнав дека се повеќе се јавуваат одредени универзитетски професори што не нуди квалитет. Не нуди квалитет затоа што единствениот начин на кој Владата до сега и Влдата од сега има намера да размислува и да гради однос е односот на квотите, односнот на рамките, односот на виртуелната реалност, значи, се она што не потпаѓа под системот на индивидуалните човекови права.

Ако вие во Република Македонија имате ситуација прво, Владата да отвори универзитет кој ќе биде спонзориран од Буџетот на Република Македонија и владата тврди дека тоа ќе го унапреди образованието во Република Македонија воопшто не ме интересира дали таму ќе студираат јапонци, македонци или албанци, станува збор за тоа дека ќе се трошат пари од Буџетот на Република Македонија, а притоа не се води сметка за елементарни услови, туку гордо изјавувате дека имате два хектари земја, две кофи за вода, 5 сунгери и три табли и велите тоа е унивезитет.

Ако секојдневно по весниците гледаме дека се отвораат универзитети каде е на средношколскската младина им нуди, а сите почнуваат со реченицата: меѓународно призната диплома, тогаш вие со други зборови велите нас во земјата баш ни е гајле што се случува со универзитетите формирани од државата Република Македонија конкртно од Универзитетот “Св.Кирил и Методиј”. Значи, Владата се става во позиција во нивната алхемична состојба на мешање на

работите да решава каде ќе ги насочува средствата за унапредување на образованието, а да ве потсетам дека во Собранието за 30 милиони долари оваа Влада зема обврска дека ќе инвестира, дел беа кредити, дел беа подарок од Холандската Влада, во износ од 5 милиони долари, ако ме служи помнењето, токму неколку дена пред започнувањето на кампањата на претседателските избори, тогаш, не ми е јасно ако вие имате таков однос кон образованието каде ќе ги инвестирате овие средства? Каде ќе го унапредувате образованието кога со секој потег со кој излегувате пред јавноста вие велите дека вам образование не ви треба, тој што е загрижен за сопственото образование сам ќе се грижи, сам ќе си најде начин да се усовршува или да заврши она што мисли дека би му помогнало во натамошната кариера.

Да завршам, јас нема да гласам за оваа Влада, доколку имаше некаква дилема г-динот Костов во тоа, ќе го задржам правото да се јавам за дискусија доколку почувствувам потреба во текот на натамошната седница.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика е пријавен г-динот Никола Апостолоски.

НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ:

Благоддрам потпретседателке,

Денеска ми е совршено јасно зошто ВМРО-ДПМНЕ ги загуби изборите во 2002 година.

Сакам само колегата Трендафилов да го потсетам на некои работи што заборави да ги каже.

Имено, им препорачува на земјоделците да протестираат кога имаат намера да протестираат заедно со земјоделците од Франција. Е, тука ги заборави земјоделците од ЗИК “Сандански” од Делчево, каде беа подарени за еден роденден заедно со 300 хектари земјиште.

Исто така ги заборави земјоделците од Белимбегово каде беа подарени со 1300 хектари за роденден. Исто така ги  заборави земјоделците од Земјоделската задруга “Новост” од село Владимирово кои беа подарени за нова година 2001.

Исто така сакам да му кажам на г-динот Трендафилов околу гардеробата на новата Влада, навистина е стара и треба да биде стара, бидејќи циркусот го гледавме до 2002 година со кочии, пајтони, шапки и балови.

Уште една работа, би му препорачал на г-динот Трендафилов, кога протестираат земјоделците да излезе и да им објасни како го доби станот од 97 м2, во зградата на функционерите, а до ден денес зема патни трошоци од Собранието

на Република Македонија односно од средствата на граѓаните кои ги плаќаат по основ на даноците.

;ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете г-дине Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Јас еднаш му кажав на г-динот Апостолоски, нека ја провери изјавата во Антикорупциската комисија затоа што знам дека тој сака да чита, а ќе бидам многу разочаран доколку во експозете на г-динот Костов минимален интелектуален ум доаѓа и од почитуваниот колега Апостолоски, тогаш bездруго во подоцнежната дискусија ќе се јавам повторно за збор.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме понатаму со дискусија.

На ред е г-динот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам потпретседателке, почитуван мандатар, почитувани кандидати за министри, почитувани колеги пратеници,

Јас би сакал во врска со оваа многу значајна точка на оваа седница да го кажам своето мислење, а точка е - избор на нова Влада.

Значи, денеска имаме избор на нова Влада, но атмосферата во која ја бираме сигурно малку необична, имено, вчера весниците, на ниту еден на насловната страница не беше спомнато со ниту еден збор дека ќе бираме нова Влада, што може би е загрижувачки за атмосферата, сепак за една држава кога се бира нова Влада, а во ниту еден од трите дневни весници, многу тиражни, да не се спомне на насловната страница, многу говори за интересот на граѓаните во врска со новата Влада што тие очекуваат и каква надеж имаат во изборот на Новата Влада.

Мислам дека воопшто не е смешно, сметам дека требаше сите ние да се замислиме како бирани лица, а особено актуелното мнозинство или Владата која треба да ја бираме. Можеби предвреме ги опишуваме граѓаните на Република Македонија, еве пред некој ден бреше Законот за локални избори во кој времето на кампањата го намаливме од 30 на 20 дена, цензусот од 50 го намаливме на една третина, и сето тоа зборува за апатичноста која ја имаме востановено.

Имено, причините поради кои се бира новата Влада се сосема познати, предвремените претседателски избори поради трагичната и мистериозна смрт на поранешниот претседател Борис Трајковски.

Ако се види предлогот за новата Влада ќе се види дека има само еден нов министер, вклучително и мандатарот кој како министер за внатрешни работи, сега е мандатор на новата Влада на Република Македонија.

Со оглед на таквата состојба, бидејќи нема ниту едно ново министерство, само еден нов министер, повеќе би личело, како што рекоа к олегите, на интерпелација отколку на избор на нова влада, бидејќи сепак со оглед на тоа што се истите министри имаат зад себе една работа како министри кои сигурно би требало да се оценува таа работа за да би можеле да го кажеме своето мислење дали оваа Влада е способна понатаму да ја води Република Македонија.

Значи, немаше време за нови комбинаторики или тоа беа најдобрите кадри, во секој случај селекторот остана без можност за селекција и ова може би ќе биде оправдување за понатаму, незнам, би сакал да не биде така, меѓутоа, ако биде сигурно нема да биде најсреќно оправдување.

Како нов министер во Министерството за внатрешни работи, се предлага г-динот Силјан Аврамовски. Од биографијата може да се види дека од 1983 до денес е вработен непрекинато во МВР, неговата стручност не е спорна и тука нема дискусија, по тоа нема дилема. Меѓутоа, она што е спорно тоа е уставниот основ за кандидирање на министер, имено, во членот 97 од Уставот на Република Македонија децидно стои: “Со органите на државната управа во областа на одбраната и полицијата, раководат цивилни лица кои непосредно пред изборот на тие функции биле цивили најмалку три години”.

Со оглед на тоа што г-динот Силјан Аврамовски, е во МВР повеќе од три години имено од 1983 година до денеска очигледно е прекршување на Уставот или непридржување за овој член од Уставот. Сигурно дека овој член од Уставот, уставотворците го имаат ставено не случајно, имено, ова е искуство и од западните земји кои имаат далеку поголема демократија од нас, во кој сигурно се мислело доколку се стави професионално лице од одредена област, во МВР и одбрана на местото на политичко лице, што министерот во МВР и министерот во одбрана треба да бидат политички лица, сметам дека нема да има можност доволно да ја надминат својата стручност и политички да размислуваат во идната влада во која тие ќе седат и треба да донесуваат нестручни, туку најчесто политички одлуки. Ние велиме дека се стремиме за влез во ЕУ и НАТО, меѓутоа, дококлу вака грубо го кршиме Уставот на Република Македонија, незнам дали далеку ќе стигнеме.

Ако во МВР вака ставаме стручно лице тогаш мошне логично може да не очекува утре во Министерството за одбрана за министер да ставиме некој од

генералите, што сигурно ќе биде уште поголем преседан во нашата кадровска политика при креирањето на Влада на Република Македонија.

Значи, како што реков, актуелниот министер за внатрешни работи сега е мандатор на новата Влада, многу е важно колку како министер за внатрешни работи ја има успешно завршена работата во МВР.

Би поставил само неколку дилеми кои се поставуваат и во јавноста на Република Македонија а тие се дали министерот за внатрешни работи овозможи со својата работа раселените да се вратат во своите домови имајќи во предвид дека еден од главните услови за враќање на раселените е токму безбедносната состојба каде треба да се вратат а таа сигурно не е на добро ниво и поради тоа сеуште имаме раселени во Арачиново, Матејче, така и во тетовскиот регион и сигурно ова е многу лоша карактеристика за Република Македонија  каде во сопствената земја и по три години од престанокот на војната имаме раселени лица кои не можат да се вратат во своите домови.

Исто така, дали министерот го намали криминалот во Република Македонија, дали бројот на убиствата се намали, дали тероризмот има надолна линија знаејќи дека имавме терористички напад пред Судот, пред Владата, пред Армијата на Република Македонија, дали во кризните региони владее правото, дали институциите можат да имаат пристап во тие кризни региони и многу други работи од аспект на безбедноста во Република Македонија.

Значи, секој треба да оди напред, врз основа на претходно покажани резултати во ресорот во кој работел, дали тоа може да се земе како основ и за мандаторот на Владата на Република Македонија незнам, времето ќе го покаже тоа, но јас ги искажав своите сомневања по основ на неговите резултати во МВР.

Со оглед на тоа што ова е старо нова Влада, како што кажав само еден министер е нов, сосема е логично за да им дадеме повторно доверба треба да видиме што направија, во нивното досегашно работење како министри во Владата на Република Македонија. Или поточно, што ветија и што остварија од ветеното и од планираното што го зацртаа при конституирањето на Владата на Република Македонија.

Јас би напомнал неколку од нивните ветувања, а едно од главните кое го дадоа на 15 септември 2002 година, а тоа е по еден вработен од секоја фамилија. Сметам дека ова е легендарна реченица врз која се добија изборите во 2002 година. Мислам, барем досега, ова е најголемата лага искажана на едни избори од 1990 година наваму во Република Македонија.

Што Владата направи на овој план по 15 септември? Направи се обратно од она што беше ветено и од она што се залагаше.

Имавме отпуштања и тоа масовни, селективни, реваншистички и против законски на сите оние или претежно од 90% кои беа вработени во период од 1998 до 2002 година. Значи, се отпуштија повеќе од 20 илјади вработени од кои од СМС, од Фондот за здравство, ПУИГ, Министерството за здравство, Македонија пат, Службен венсик и од други министерства и државни институции.

Исто така има најави за натамошни отпуштања во Македонски железници и во други јавни претпријатија. На местата на тие отпуштени, што е најкарактеристично, се примаат луѓе со договор на дело, значи не постои никаков основ дека вработените се отпуштаат со оглед на тоа што треба да има рационализација во администрацијата на Република Македонија.

Се прашуваме дали можеше така сурово да бидат отпуштени од работа, ние сметаме дека сето тоа е направено нехумано и можело да се направи многу посоцијално немаше за никој од нив ниту социјални пакети кои ќе овозможат барем за одреден период да опастанат во живот и да најдат некоја друга работа. Меѓутоа, каде се пратија овие луѓе? Се пратија на улица без ниту еден денар. Мислам дека никаде во светот нема ваков начин на сурово отпуштање од работа на легално вработени кои се вработени со решение за работа.

Што е најважно, дали овие луѓе кои се избркани од работа имаа макар и најмала можност да најдат работа на пазарот на работна сила во Република Македонија.

Мислам дека клучното во сите овие реформи е што се обидува актуелната власт да ги пласира во Република Македонија . Сметам дека ова можело да се направи до колку на пазарот на работна сила имаше понуда и побарувачка на работна сила, па ако не работат во едно јавно претрпијатие и една администрација, можат да работат во некоја приватна фирма, или на друго место, што ќе можат да бида згрижени, не мора се со плата, меѓутоа, да имаат некаква работа со која ќе можат да опстанат нивните фамилии, поради тоа што побарувачката на работна сила е скоро никаква во Република Македонија .

Јас се прашувам кој требаШе да биде загрижен од Владата на Република Македонија за ваквата состојба, со овие драстични отпуштања. Сигурно тоа требаше да биде министерот за труд и социјална политика, бидејќи сите овие вработени, некогаш и по 100-тина во еден работен ден  доаѓаат од негрижата на Министерството за труд и социјална политика. За желба на вистината, Владата се

обиде со Бранковиот закон нешто да искомпензира, меѓутоа, ефектите од тој закон се скоро никакви, така да сите овие невработени и понатаму останаа на улица.

Друга, исто така да речам негативност, која што ја направи оваа Влада е намалување на социјалната помош, на повеќе од 30 или 50% од присутните на оваа социјална помош. Значи драстично беа изострени условите за добивање на социјална помош. Се измислуваат смешни критериуми, како тоа што е електирчно броило за секое семејство, се со цел социјалната помош да биде одземена на семејствата кои што ја примаат таа социјална помош. И сето тоа се прави во услови кога тие луѓе на тие што им се одзема социјалната помош, исто така како претходно немаат никаква можност да најдат работа во Република Македонија .

Значи, ќе повторам, сите овие скратувања на социјална помош омжеа да бидат сосема нормални, до колку во Република Македонија имаше слободен Пазар на работна сила кога имаше зголемена побарувачка на работна сила.

Во овој контекст, би го спомнал и синдикатот во Република Македонија а тоа е еден од главните столбови на владеењето на СДСМ од 1990 година па наваму. Тоа е тотална контрола врз синдикатот во Република Македонија . Така да тргнувајќи од 1990 година од Толевски, па се до денешен ден до Муратовски, човекот кој во времето на претходната власт дигаше штрајкови поради незголемени плати, а сега при бркање на повеќе од 20 илјади вработени, преговара со Владата  и прави големи напори да се угуши секој можен штрајк против оваа актуелна власт. И тоа што сака да делува како министер за контрола на работничкото незадоволство во Владата на Република Македонија, што практично е апсолутно во една држава. Сметам дека е лошо за целата држава, поради тоа што ако немаме ние добро синдикално движење и добра синдикална организација, сметам дека и просперитетот на таа држава ќе биде доведен во прашање. Во тој контекст, невработеноста во 2002 година, од 32% се зголеми на 37% , за само една година, или една ипол година од владеењето на СДСМ. А бројот на невработените порасна на максималните 400 илјади невработени  во Република Македонија што сметам дека Република Македонија ја издигна на нивото на врвот со бројот на невработени во својата земја. Младите се случај за себе, кажаа некои  од дискутантите, значи Република Македонија ја напуштија повеќе од 15 илјади високообразовани луѓе, кои своето образование го стекнаа во Република Македонија  и бидејќи тука не можеа да ја надат својата егзистенција, така да својата иднина ја побараа надвор од Република Македонија и неделава во Скопје имаше едени брифинг во паркот во

Скопје на кој повеќе од 90% од малдите се изјаснија дека својата иднина не ја гледаат во Република Македонија , туку надвор од незините граници.

Второто големо ветување, покрај вработувањето што го даде СДСМ е следното. Ова ќе го кажам со оглед на тоа што таа истата Влада која што сметам дека доколку ги исполнеше тие ветувања кои што ги имаше дадено на 15 септември 2002 година, сосема логично ќе беше сега и опозицијата да гласа за нив. Ние со ова сакаме само да напоменеме дека истите луѓе кои што се неуспешни во своето досегашно работење во Владата на Република Македонија , сакаме уште еднаш заради нивното неуспешно работење да ги наградиме и тоа да станат министри во Владата на Република Македонија .

Имено, во таа 2002 година, на 15 септември беше децидно кажано : Владата на СДСМ преку реформа во даночната политика ќе обезбеди проширување во опфатот на стоките со повластена стапка од 5%. Со ова сметам дека покрај онаа фамозна историска реченица за вработување на по еден член од сеоја фамилија, ова вторната реченица која што овозможи СДСМ да ги добие изборите во 2002 година. И сосема беше нормално до колку некој со ваква реченица излезе и ги освои и да ги добие тие избори. Но што се случи? Само неколку месеци после тоа, значи уште во февруари 2003 година, значи кога сеуште довербата не беше спласната , СДСМ излезе со Закон во кој што речиси сите повластени стапки од 5% ги покачија на 18% , т.е. ги зголемија за цели 13%. А некои поради различни причини, поради некои прогресии беа зголемени и до 25%. Значи вториот случај, обратно од она што се ветуваше, макар да се направеше напор на дел од тие даночни стапки од 18 да беа вратени на 5%, меѓутоа, се тргна во сосема обратното. Од 5 се покачија на 18%.

Јас само за информација би спомнал делови , значи тука се струјата, греењето, мазутот, лековите, и медицинските помагала, јавниот превоз , што се покачи дури за 25%, во земјоделието се покачија препаратите, ѓубривата, сточната храна, земјоделската механизација, готовите земјоделски производи. Знаејќи колку семејства во Република Македонија егзистираат токму од земјоделието, сметам дека ова е директен удар врз сиромаштијата во Република Македонија . Значи повторно обратно и повторно без образложение. И ова е парадокс во владеењето на СДСМ. Значи тоа е она кои што беа две клучни работи, поради кои што оваа Влада не треба да добие доверба за натамошното водење на Република Македонија, бидејќи во најмала рака е Влада која што не го исполнува ветувањето, туку работи обратно од можноста за стабилизација на Република Македонија . И ако ја гледаме Програмата на Владата на Република Македонија , значи на мандаторот кој што сега

ни ја  достави до нас, не може во неа да видиме ништо конкретно што се ветува во следниот период кој што следува за оваа Влада. Најверојатно, ќе поврземе со претходно кажаното, значи, поучени од лошата практика дека сето она што ќе го ветат нема да го остварат, во овој случај ништо не се ветува, освен чесно работење.

Сметам дека многу е малку, или скоро е смешно за една Влада да излезе  со ваква Програма пред Собранието на Република Македонија  и да ја бара својата доверба за понатамошниот мандат. Инаку, реченици кои што се провлекуваат во оваа Програма се реформи, реформи и реформи и ништо поконкретно по зборот реформи. Реформи во судство, во земјоделие, во образованието, реформи во скоро сите сфери , меѓутоа, ништо поконкретно какви се тие реформи што треба да ги очекуваме во пооделните области од тие програми.

Инаку, во оваа Програма која што ни беше доставена има едно пет точки на кои што новата Влада смета, мандатортот смета дека новата Влада треба да обрне внимание , а тоа е целосно и доследно спроведување  на уставните измени и законските прописи кои произлегуваат од Охридскиот Рамковен договор и исполнување на преостанатите обврски од него.

Сметам дека ова е веќе е излитена фраза во Република Македонија, мислам дека се оди кон тоа и воопшто не треба да биде клучно нешто на кое што треба да се повика и мандаторот на новата Влада на Република Македонија . 80 или 90% од тоа  е исполнето и се оди кон негово понатамошно исполнување. Меѓутоа, тука јас ќе се задржам само на една реченица, а тука вели довршување на процесот на враќање на внатрешно раселените лица со почитување на принципот на доброволност. Верувајте, после три години да неможат повеќе од 700 - 800 жители на Арачиново да ги гледаат своите куќи , да неможат да се вратат во своите домови, а новиот мандатор , кој што беше и министер за внатрешни работи, како што претходно реков, требал претходно да ја обезбеди нивната пред се лична безбедност во Арачиново, а сега да вели на принципот на доброволност. Јас не знам на која доброволност се мисли, дали на доброволност на тие кои што живеат во Арачиново, кои што ќе треба да бидат нивни соседи, или пак на присилно избрканите на нивното доброволно враќање. Значи просто неверојатно, меѓутоа, со ова се признава една немоќ и на досегашната Влада и на новата Влада дека проблемот на внатрешно раселените ќе се реши. И ако вака тргнеме значи тотално незаинтересирани за имотот на тие луѓе , сметам дека тие луѓе дали еден или 2% ќе се вратат таму, најверојатно ќе ги продадат своите имоти , ќе и речат благодарам на Владата на Република Македонија за вашата грижа и сигурно ќе направат некои

свои живеалишта некаде на друго место, кои што сигурно нема да бараат од Владата на Република Македонија , понатаму да го штити нивниот имот во рамките на нашата држава.

Сметам дека навистина е многу несериозно, а впрочем тоа беше и во Рамковниот договор, не беше преточено во уставните амандмани, меѓутоа во Рамковниот договор незнам во кои точки, сега да не цитирам, беше децидно кажано еден од предусловите е токму тоа сите понатамошни отстапки по однос на Рамковниот договор, треба да биде враќање на внатрешно раселените лица. Инаку, во спротивно ќе се вели дека практично овие внатрешно раселени лица , нивното невраќање ќе се користи као залог за да би можела другата страна нон стоп да уценува и нон стоп да го бара остварувањето на своите права . Меѓутоа парагдосално е тоа како тоа неможе да се изврши.

Следен приоритет од оваа кратка програма , се вели завршување на процесот на новата на новата територијална поделба на општините и децентрализација и финансирањето на локалната самоуправа . Првата фаза заврши , тоа беше предвемените претседателски избори и во придонесувањето на тие закони, значи се очекува втора фаза веднаш по конституирањето на новата Влада. Меѓутоа, она што беше одлика во првата фаза тоа беше дека локалната самоуправа беше тотално ингнорирана. Значи во повеќе од 90% од тие општини кои што не требаа да постојат според Предлогот на Владата имаше референдуми на кои што скоро 100% сите жители на тие општини бараа да тие општини останат во новата територијална поделба како составни единици на локалната самоуправа.

Меѓутоа, Владата остана глува на нивните на нивните барања иако имаше многу адути , многу аргументи со кои и на лице место се виде дека овие единици на локалната самоуправа , со тоа што 96 останаа посебни единици за локална самоуправа, значително се подобрија условите за живеење во тие единици на локална самоуправа и дека тие и понатаму, со оглед на начинот на финансирање, кој што се предлага и новите закони за децентрализација, ќе можеа успешон да опстојуват, бидејќи со новите закони ние сепак имаме трансфер на средства од Министерството за финансии во единиците за локалната самоуправа, заначи сеуште немаме тотално независни општини, туку сеуште имаме општини кои што се финансираат врз основа на трансфери од државната власт. Значи се работи за една насилна и сметам дека не широко е нелаборирана и транспарентно донесена децентрализација во Република Македонија . Тика само би го спомнал Градот Скопје, кој што претставува повеќе од една четвритина од жителите на Република

Македонија , во кои што ингеренциите на градоначалниците на Градот Скопје, значи со исклучување на градоначалникот на Градот Скопје, на градоначалниците што се во рамките на Градот Скопје, нивните ингеренции драстично се намалуваат, што практично ќе претставува централизација на власта во Градот Скопје, што е централизација на власта на повеќе од  една четвртина од жителите на Република Македонија Сега слушам дека во втората фаза , ќе има одредени подобрувања, одредени корекции во овој Закон, се надевам дека тоа ќе биде вистина, ќе го чекаме тој предлог да дојде во Собранието на Република Македонија , инаку во спротивно во Градот Скопје верувајте и сето она што заживеа од 1996 до 2004 година, мислам дека понатаму повторно ќе почне да изумира, со оглед на централистичкиот однос на власта, со новите закони за децентрализација.

Трет приоритет кој што Владата го нуди во својата Програма , тоа е реформа во судството во Република Македонија . Значи судството како што кажува и од меѓународните институции е еден од сегментите со кои што Република Македонија трпи најголем број на забелешки. И тие не се случајни. Ние уште при конституирањето на новата Влада при нејзиното работењ многу јасно како опозиција кажувавме и при изборот на јавниот обвинител на Република Македонија и при менувањето на Законот за Републичкиот судски совет со амандман и со поставувањето на првиот човек на Републичкиот судски совет, онатаму со Уставниот суд, дека судството во Република Македонија е партизирано. Опозицијата не беше сослушувана , еве сега и меѓународните заедници и сите странци упорно ни укажуваат дека судството е еден од најголемите камења на сопнување на нашиот пат кон ЕУ. Незнам дали можеме овие реформи, значи ќе ја поставам како дилема , во судството да ги изнесат луѓето кои што сметам дека судството го донесоа до овој степен до кој сега се наоѓа. Сигурно тоа ќе биде многу тешко. Инаку се смета дека и на овој начин, значи со истите луѓе практично ќе биде на некој начин шминкање на таа состојба, која што верувам дека нема така лесно да помине кај меѓународните институции.

Инаку, се вели дека Владата на Република Македонија најдоцна за три месеци од новото конституирање ќе изготви стратегија за реформи во судството и ништо повеќе. Каква ќе биде таа стратегија и кои што ќе бидат главните елементи, или суштината на таа стратегија , единствено саом стратегија, стратегија, реформи, реформи и ништо повеќе. Само поими и ништо понатаму. Барем основното од тие реформи, барем во една реченица треба да кажеме во која насока ќе се движат тие реформи.

Следна точка на која што ќе даде приоритет новата Влада на Република Македонија , тоа е натамошното интензивирање во борбата против организираниот криминал и корупцијата. Со оглед на досегашниот начин на партицирање на оваа борба против организираниот криминал, без сомневање оваа Влада сметам дека нема да ја добие довербата на народот во Република Македонија . И понатаму ќе продолжи со партиски, со селективна борба против организираниот кримина и корупција во Република Македонија . Сметам дека доколку не промени нешто во начинот и стилот на работење во овој член , сметам дека ќе биде погубно за Република Македонија .

Следен приоритет, петтиот, е за димензионирање на стопанските активности и струкните форми, привлекување на странски инвестиции и намалување на невработеноста и сиромаштијата во Република Македонија .

Значи една многи значајна тема, сето тоа ставено во еден многу широк наслов и самото конципирање на овој проблем јасно зборува колку оваа Влада - значи новата Влада што треба веројатно денес да се избере, ќе обрне внимание за сите овие активности, почнувајќи од стопанските, па се до намалување на невработеноста и сиромаштијата, да работи во Република Македонија. Главното на кое се базира оваа Влада, тоа е пазарниот начин на стопанисување и намалување на државниот интервенционизам. Сметам дека ова е најпогрешниот приод кон динамизирање на стопанските активности. Сметам дека стопанските субјекти во Република Македонија не се така оспособени и не се на тоа ниво за да можат така сурово да бидат пуштени на пазарните услови, туку Владата на Република Македонија сепак со една програма треба да им помогне додека тие субјекти не станат способни за едно пазарно стопанисување. Сум работел во стопанството повеќе од 15 години. Господинот министер беше директор на Комерцијална банка и многу добро знае и во Металски завод какви кредити се даваа и со колку камати, со 30% и дневни и месечни и не знам дали ги вратија. Многу е значајно дали ги вратија, господине министре. Тие субјекти, тие држави кои беа во транзиција и обрнаа внимание на своето стопанство, не одеднаш да го фрлат на пазарните услови и тоа стопанство да замре и да не постои, туку имаше методи и начини како тоа стопанство да остане во живот и да биде продадено на странските пазари, за да може да биде една од клучните гранки во Република Македонија. Инаку, сега ќе се фалиме понатаму, дека најголемите инвестиции ќе бидат токму во трговските центри во Република Македонија, кои почнуваат да никнуваат како печурки. Сметам дека овој пазарен начин кој го заговарате ќе биде многу погубен за Република

Македонија. Вред е како таков, како цел кон која треба да се стремиме, меѓутоа, гледајќи ја состојбата во која се наоѓаат нашите стопански субјекти, сметам дека тоа ќе биде само погубно за нив и ништо друго.

Околу интегрирањето на Република Македонија во ЕУ и НАТО ќе споменам само нешто. Имено, ВМРО-ДПМНЕ, поднесе Декларација есента 2003 година, со која баравме Република Македонија да поднесе апликација за членство во ЕУ. Првиот пат не беше ставена на дневен ред, вториот пат со голема упорност и корекција конечно го убедивме парламентарното мнозинство да ја ставиме таа Декларација на дневен ред и со таа декларација ја задолживме Република Македонија во февруари 2004 година да ја поднесе апликацијата за зачленување на Република Македонија во ЕУ. Сметам дека на тој начин ВМРО-ДПМНЕ направи притисок врз Владата на Република Македонија за поднесувањето на таа апликација. Доколку не беше таа Декларација, не знам дали Република Македонија оваа пролет 2004 воопшто ќе ја поднесеше таа апликација. Можеби на крајот од годината, можеби 2005 година, не знам, во сите случаи ниту имаше волја ниту имаше желба за поднесување на апликацијата за зачленување на Република Македонија во ЕУ.

Тоа беше се од оваа кратка програма на мандатарот за состав на новата Влада на Република Македонија. Врз основа на сето ова што го искажав, има и многу други области кои не беа споменати, но не би сакал да ги споменувам бидејќи сметам дека ќе се повторувам со колегите кои пред мене дискутираа. Меѓутоа, сосема е јасен мојот став и ставот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ дека нема да гласа за изборот на оваа Влада.

Меѓутоа, истовремено би сакал да кажам, со оглед на состојбата во парламентарното мнозинство оваа Влада ќе биде избрана. Сакам да кажам дека во наредниот период ќе ги поддржиме сите оние законски проекти кои доаѓаат до Собранието на Република Македонија, кои ќе значат прорес и подобра иднина за Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика ссе јави господинот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитувана потпретседателке, колешки и колеги пратеници,

Знам дека сме ја промашиле темата сега зборуваме за се и сешто. Парламентарното мнозинство не може да зборува за минатото, опозицијата може да зборува за кој период што сака. Колку вистина зборува опозицијата, еве само еден

доказ. Не добивам никакви надоместоци од медиумите, но еве ги насловните страници на три нивни весници од 31 мај: “Утрински весник”, во кој пишува “Се бира Владата” - ќе ви ги подарам овие извадоци, се извинувам што ги искинав - “Време” во кој пишува “Новиот премиер најмоќна непартиска фигура” и “Нова Македонија”: “Ќе успее ли Костов да ги реализира, денес се избира нова Влада”.

Разбирам зошто сте неинформирани. Не читате господине Трајановски и затоа не знаете дека ситуацијата е добра. Еве ви доказ. И сега што да правиме? Се што сте кажале - тоа е работата. Како - што сега? Ќе станеме заложници на вашите лажни обвинувања, штом ова не е точно, се не е точно. Дајте да испратиме маркетинг на граѓаните што не следат, дајте да пристапиме кон избор на нова Влада и да почнеме навистина да работиме, како што се залагате и вие.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Процедурално, има збор господинот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Потпретседателке, кога јас зборував, претседателот на Собранието ме опомена дека сум го иритирал Бранко Црвенковски. Овде е господинот Макрадули, сега апсолутно го иритира Бранко и требаше да го опоменете, мслам апсолутно не е во ред.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Мене не ми буди такви асоцијации, простете.

За реплика се јави господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас не знам кои весници господинот Макрадули ги извади, меѓутоа, јас ќе му ги донесам трите дневни весници дента пред бирањето на Владата на Република Македонија дека ниту во еден не беше споменато во понеделникот се бира Владата на Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме понатаму со дискусија.

Има збор господинот Исмет Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван потпретседател, почитувани колеги, претставници на Владата,

Можеби љубопитно се чекаше како ќе реагираат пратениците на ПДП во врска со изборот на оваа Влада, односно во врска со тоа дека се бира нов премиер и еден нов министер. Се разбира, при гласањето ќе се изберат сите министри односно целата Влада.

Уште еднаш ќе го кажам ставот на ПДП и пратениците на ПДП дека имаме поинаков стил на однесување и постапување од другите, без оглед дали говориме на оваа говорница или кога дејствуваме на теренот. Сакаме секогаш да имаме константност во нашето дејствување, за да не правиме големи амплитуди во нашето однесување.

Госпоѓо потпретседател, ве млам да создадете услови за работа.

Доколку така ги гледаме работите, тогаш во тоа наше дејствување и во нашите говори би сакале да имаме повеќе колеги во оваа насока. Мене лично воопшто не ми се допаѓаат некои говори. Тој што си треба да си и да бидеш транспарентен со сите свои карактеристики како политичар. Не е добро во волк во јагнешка кожа, бидејќи тоа брзо излитува и ова што треба овде да го кажам, ќње го кажам и во Липково, и во Арачинво и во Тетово и било каде.

Затоа, често пати ПДП се толкува од другите, без оглед дали е во позиција или опозиција и сакам уште еднаш да ве потсетам дека ПДП е конструктивна опозиција. И кога беше во Владата, ПДП знаеше да не се согласува, да расправа со критички тонови за закони и разни акти кои не ни се допаѓале. Дали е подобро вака да се развива демократијата и дали е подобро вака да се развива парламентаризмот. На ниеден начин не треба да се разбере дека критиките кои ќе ги дадеме на оваа Влада се од причина што ПДП не е во Владата и го изменила тонот на разговорите. За ПДП не е крај на светот тоа што не е во Владата. Треба да се разбере една работа дека ги сакаме процесите и сакаме да помогнеме процесите да се движат кон добра насока, односно да бидам појасен, не би се согласил со некои колеги кои велат дека многу е добро на оваа Влада да не и оди работата добро, да биде тотално неуспешна оваа Влада, бидејќи тогаш знам дека и за граѓаните кои ги застапувам јас и мојата партија нема да биде добро. Тогаш кога нема успеси, значи дека воопшто не е добро за сите. Не треба да се однесуваме како нихилисти, зашто таму каде што има резултати има, но каде што нема треба да кажеме. Секогаш со еден критички и конструктивен тон треба да кажеме дека треба да чекориме кон подобро.

На некој начин не охрабрува фактот дека овој премиер изнесе кратка програма и го цитираше поранешниот американски претседател. Би сакал да верувам дека ќе работи како американец, со малку зборови, а со многу работа таму каде што треба да се работи и дејствува.

Во програмата на Владата се зборува за целосната имплементација на уставните промени, произлезени од Рамковниот договор и исполнувањето на

другите обврски, но јас лично и партијата на која и припаѓам, се согласуваме со неколку оценки. Притоа, имаме забелешки во поглед на динамиката на остварувањето на Рамковниот договор. Имаме забелешки и на квалитетот на некои обврски кои треба да произлезат како резултат на уставните измени и се противам на толкувањата, ригидни или редуктивни толкувања и на уставните измени каде се претставуваа закони во поглед на правата за употреба на јазикот или правичната застапеност.

Да се развива мултиетничкиот карактер на општеството - навистина треба да се развива ова. За тоа е потребна меѓуетничка толеранција, но притоа да се нагласи дека таа е потребна не заради тоа што ова го бара ЕУ и НАТО, туку дека тоа е потребно како меѓуетничка толеранција повеќе на нас за да живееме заедно. Тоа мултиетничко општество треба да се имплементира во институциите на системот и таму да се види реалната слика на тоа што значи мултиетничко општество. Дефинитивно, кога премиерот вели дека општеството се вратило во колосек после сите нереди кои ги имавме како држава, понатаму дефиницијата не се дава како што треба. Јас ќе го кажам ова. :Логиката не се согласува со тоа дека тие кои се погребани и што го изгубија животот во текот на конфликтот, и понатаму мртвите да бидат непријатели, а живите пријатели. Ве молам, немојте вака. Овде треба на правилен начин да ги идентификуваме работите, бидејќи овде ќе имаме и закони и предлози кој, каде и зошто бил и тн., а зборуваме за Рамковниот договор и за тоа што значи меѓуетничка доверба.

Ние треба да признаеме дека во одредени кризни реони сега може слободно да кажеме дека ситуацијата е стабилизирана. Не се согласувам со некои колеги дека ние и понатаму можеме да се вадиме со тоа дека во Арачиново сеуште не се создадени услови, односно стабилност за да живеат нашите сограѓани македонци таму. Во оваа насока, како дел од опозицијата дури сум соработувал и со владините институции за да се создадат услови, да се врати нормалниот живот. Вистина е дека само уште 22 семејства не потпишале договор за поправка на нивните домови, од вкупно 150 домови на македонци. Затоа, тоа што претставува резултат треба да се истакне како таков. Треба да се истакне како добро завршена работа, меѓутоа, тоа треба да се афирмира, треба да се создадат услови да се разговара со тие луѓе за тие да се вратат, затоа што е интерес на сите оние кои живеат таму, затоа што многу проекти се запрени како резултат на нивното невраќање, проекти кои во Арачиново би се реализирале во насока на подобрување на стандардот. На пример, многу малку се прави од страна на Владата, многу малку се прави во прилог на

завршување на проектот за водоводот. Тоа не е логично, бидејќи јас како пратеник се срамам како е можно еден таков проект да не заврши со години. Мојата кариера како пратеник срамно ќе заврши доколку не се заврши ваквиот проект. Ние не можеме да го завршиме тој проект само со странски донации и колку пари дале тие, толку дале другите, меѓутоа, колку пари дала Владата.

Во однос на процесот на територијална поделба и децентрализацијата, како и финансирањето на локалната самоуправа, во одреден дел на експозето и поднесената програма се вели дека имало дискусии и забелешки околу проектот мотивирани од локалните интереси и тн. Не вела дека немало такви дискусии, меѓутоа, имало и дискусии кои се многу добредојдени, затоа што кога се говори за јазикот, кога се говори за институции, кога се говори за Градот Скопје и за територијалната организација, забелешките кои се дадени од пратениците од опозицијата, дури и од оние од власта, од позицијата, треба да се земат предвид затоа што тоа се забелешки, интервенции кои при подготвувањето на втората фаза на Законот за децентрализација, во таа фаза соработката со опозицијата сосема недостигаше. За жал зошто во текот од втората фаза од донесувањето на овој закон се исклучува опозицијата, зошто не се покануваат и претставници на опозицијата во Маврово или Охрид, кога се разговара околу овој проект.

Јас знам дека потполн консензус не може да се постигне, меѓутоа, сепак до некаде требаше консултациите да продолжат. Ние треба да признаеме дека на пример во однос на реформите во судството, тука можеби сите се согласуваме, самиот мандатар поаѓајки од она што е кажано и во највисоките судски органи дека таму нешто не е во ред. Извештајот од ЕУ тоа го поткрепува. Тука има потполна согласност дека процедурите се долги , неефикасни , дури се предвидуваат и уставни измени со цел да се постигне ефикасноста во судството. Во оваа насока јас се надевам и очекувам дека опозицијата сосема ќе ме подржи, само вие почнете ја работата. Дали ќе ја отпочнете како Влада, или пак ќе ги анимирате другите разни институции тоа да го направат. Како и да е ова треба да се почне, треба да се направи на ефикасен начин.

Интензивирањето на активностите во борбата против организираниот криминал и корупцијата во дел од програма тука се вели дека тоа претставува голем проблем за државата и дека треба да се направи се со цел да се изгради морален систем на вредности каде корупцијата преставува опасност, да кажеме уште посилно, корупцијата е срамна работа. Апсолутно сите инструмени на располагање Владата треба да ги искористи. Ние не можеме само декларативно да зборуваме

корупција, корупција. Можеби  самиот јас што сум тука не сум многу во ред во таа насока и јас тука што говорам. Тука треба да бидеме и опозицијата и позицијата и констуктивни и не конструктивни тука сите треба да бидеме согласни, затоа што ова е многу  тешка и лоша работа. Тука сакам да изразам една забелешка. Незнам вие дали сте свесни, но јас сум свесен за ова доколку во судска процедура, или под истрага се земе некој од мојата партија, или од друга партија и сите поднесени аргументи покажуваат дека јасно имало корупција и дека има поврзаност со криминал. Доколку биде од моја партија, јас без никаков срам велам , не , тој е многу добар и го направи од инает само затоа што е од мојата партија . Сме имале многу случаи кога се бранело нешто што нема простор да се брани. И тогаш излегува на виделина  таа неискреност и нашата слабост и како луѓе и како партиски членови. Тука мислам дека Владата треба да има поцврст став, но се разбира посебно и таму каде што е Владата, не само да посега по мината влада, туку да се затеме и со сопствената корупција евентална, или криминал. Значи, треба до таму да биде изградена правната држава до тоа ниво до кое што луѓето не само што ќе стравуваат од судот, од затворот, туку да се плашат и да стравуваат и од јавноста и од јавниот срам. Затоа што на крајот  на краиштата за еден државен функционер мислам дека не е значајно колку години затвор ќе добие, туку многу полошо ќе биде колку ќе биде компромитиран пред јавноста, колку ќе биде засрамен пред јавноста, затоа што генерациите кои ќе дојдат по него, секогаш  на неговите деца ќе им речат: твојот родител, твојот брат едно време беше корумпиран, а ти си едноставно негов син. Така се гради моралот.

Би сакал и нешто друго да кажам, кризниот регион. Таму каде што имаше најмногу уништувања, разрушувања и убиени, таму многу малку се работи, многу малку се инвестира, поаѓајки од планинските делови од Танушевци па се до Арачиново, Липково и Липковскиот регион, во тој дел многу малку се инвестира, многу малку проекти има за ревитализација на тој дел, на таа област. И тука мене ми се чини дека многу малку обиди се правеа во Владата независно од тоа , без да се спомнува која партија требала да направи повеќе, или помалку. Сепак, како и да е сведоци сме на една многу лоша ситуација. Има невидена сиромаштија . Јас со жалење констатирам дека едно население таму со традиција да има доволно колку за чесно да живее, за да има доволно колку за да пречека еден гостин како што треба, денес е во ситуација кога навистина нивната егзистенција е под знак прашање.  И ние не изнајдовме  механизми како тој дел да го рвитализираме . На пример не предвидовме ниту кредити со посоодветни услови за да може тој да има

механизам за да може да почне да ја изработува земјата, за да може да почне да работи сам со својата пот. Верувајте , земете го на пример Липково и Липковските околни села , ниедно училиште нема фискултурна сала. Колку пати сум го споменал само училиштето во Никуштак изградено во 1930 година. Нема смисла , не е во ред да се однесуваме така кон едно население. Дали тоа се прави намерно, дали не, јас не сакам воопшто да навлезам во тоа. Меѓутоа доколку некој мисли дека треба да се дисциплинираат тие на тој начин и тој дел од населението, тогаш многу греши. Тоа е многу голема грешка, ако некој размислува така. Јас би сакал наскоро да видам не само комеморативни собири затоа што тие и така се многу чести поради тоа што се случи, конфликтот што се случи . Таму тоа што сакам да го видам е една црвена лента која би се пресекла за било што, за некое училиште, за некоја градба, за било што.

Новиот премиер и ова е моја препорака , една моја сугестија . Премиерот треба да ја земе со себе целата Влада и да прошета низ таа област, комплетно со сите министри 15, или колку се тие, да прошета таму и да види што треба да се направи во таа област , како треба да се помогне и брзо и динамично да се детектира сето тоа, сите причини поради кои тоа население е во таа состојба. Јас видов тука министерот се испоти кога го имаше експозето. Сега сакам да го видам со своите министри кои ќе се испотат таму на терен. Сами реакоа дека е излезат од нивните кабинети, ќе видиме, дали тоа ќе биде така, дали ќе останат во канцеларии или ќе излезат на терен.

Кога сме кај борбата против огаизираниот криминал, јас и ПДП бараме од оваа Влада, не е важно дали ние ја подржуваме, или не. На крајот на краиштата имаме право да бараме не само од Владата, туку и подалеку дефинитивно да ни се даде гаранција дека ние ќе имаме демократски и слободни избори. Веќе се изморив како пратеник со загриженост да ги очекувам изборите било тие да се локални, парламентарни, или претседателски. Навистина со страв, со загриженост околу тоа кој и на какви избори ќе се случат убиства, ранувања, тепачки и т.н. Не е добро да не се создадат нормални услови на еснафот, на луѓето кои што сакаат да гласаат слободно, демократски да не им се создадат соодветни услови. Дефинитивно ги молам сите партии позициони, или опозициони да не се засноваат врз парламентарните, или локалните избори врз формирање на вооружени криминални групи и со нив да сакаат да ги добијат изборите. Немојте така, затоа што оваа работа се рециклира од Влада на Влада, од партија на партија и на крај раздорот како резултат го чувствуваме ние. И оценките од надвор ќе бидат негативни, но тоа

ќе биде лошо за сите нас. Ајде еднаш да си приуштиме еден вистински легитимитет каков што треба, затоа што навистина јас мислам дека легитимитетот е под големо прашање за сите нас. Треба релаксирано, треба соодветно да гласаме, дури јас и мојата партија отидовме до таму што можеби не е добро за државата да бараме изборите да ни ги организира ОБСЕ. Јас знам дека тоа не е добро за државата, затоа што тоа автоматски имплицира квалификации кои не се добри за една демократска држава која претендира да биде членка на ЕУ и НАТО. Оваа работа доколку ја гарантира оваа Влада, тогаш многу брзо ќе ги видиме тие резултати и ќе видиме дали тоа го прави, или не го прави Владата. Но, тука треба да се ангажираме сите ние кои што се нарекуваме раководство на политички партии, или пак пратеници и т.н.

Забрзувањето на економските активности околу вработување, намалување на сиромаштијата, инвестиции и т.н. , и тука е потребна голема работа. Немојте погрешно да ме разберете, но вие како влада и иден премиер тешко дека ќе имате капацитет и интелектуален потенцијал да направите нешто поскоро и повеќе за да ја извадите оваа држава од оваа криза во која се наоѓа. Затоа би сугерирал веднаш да ангажирате докажани и реномирани експерти кои ќе ја најдат вистинската формула за да ја спасат државата од ова општествено економска криза. Можеби не можете да го најдете еден Џефрин Сакс, меѓутоа треба да ангажирате еден сличен. Јас не ве потценувам вас, затоа што оваа работа ниту можете да ја направите, ниту пак некој друг може да ја направи, затоа што вие ќе си одите, утре да дојде некоја нова Влада , јас не верувам дека тоа може да го направи. Можеби ова е препесимистички, меѓутоа ова го гледам секојдневно, таму каде што се зголемува сиромаштијата, таму каде што не врват работите како што треба во однос на подобрувањето на секојдневниот живот. Верувајте дека треба да барате ум и не треба да се срамите да барате ум таму каде што има. Кога еднаш на еден колега му реков во текот на изборите од 2000 година дека Македонија станува Колумбија, или Скопје Богота, многу лошо ме нападна. Мислам дека беше од ВМРО-ДПМНЕ, не е веќе пратеник, “како ти даваш такви квалификации” можеби за моментот, за тоа време поради една ситуација која се случи, можеби сум го кажал така малку по нервозно, меѓутоа и покрај тоа таму неколку експерти и го положиле испитот за тоа како нашле начин да се извади таа држава од криза. Еден многу типичен пример е Хернандо Десото, значи типични примери се Перу, Чиле и некоја друга држава. А некој ќе рече, ние претендираме за ЕУ и НАТО, а ти ни даваш примери од Чиле и други. Има некои работи кои што се слични со државите од Јужна Америка, како нема? Колку и да сум

емотивен во моето излагање, зарем не гледате дека тука човек се убива како кокошка, се убиваат тројца, четворица, калашниковите во џип, во возило и одат било на бензиска пумпа, или на друго место се убива човекот без никаков проблем. Ова е нашето секојдневие. Киднапирањата продолжуваат. Затоа, треба да се побара помош само со цел да се создадат реални услови за да се надмине оваа ситуација која е криза, реално е криза имаме, 400 илјади невработени. Јас лично кога зборувам со странците им велам, не верувам дека се 400 илјади невработени и многу често си велам сам себеси тие 400 илјади невработени зарем толку се трпеливи, толку министри и влади истрпеа. Знаете ли што значи на 2 милијони народ 400 илјади невработени? Гледате, се прават тие рангирања. Дефинитивно до колку и ние и натаму наспроти странците, наспроти оние со кои претендираме да бидеме заедно во ЕУ и НАТО, доколку ние им велиме дека имаме 400 илјади невработени, јас мислам дека веќе во тој момент голема е дилемата, лупата со која што тие не гледаат веќе сосема се менува.

Точката активности за интегрирање на Македонија во НАТО. Вистина е дека тука имаме еден широк консензус, многу пати сме го истакнувале , а без тоа јасно е дека до некаде каде што постои еден таков консензус работите одат малку побрзо. Тука се спомнаа реформите во Министерството за одбрана, течат реформи и во другите министерства, меѓутоа можеби не се толку видливи и не го задоволуваат она што се нарекува интерес на граѓаните. Се додека постои незадоволството и се додека постои сиромаштијата, ние се разбира не можеме да кажуваме убави зборови за ситуацијата во која се наоѓаме.

Денационализацијата се чини дека е запрена.

Не знам, можеби јас не гледам добро, меѓутоа сите кажуваат така. Враќањето на имотот на исламската заедница, тие велат дека не се враќа. Зошто не се враќа?

Да привршам, затоа што знам дека тука се водеа многу дискусии, сепак, ние како ПДП не можеме да дадеме поддршка на овој мал состав, мала измена во овој состав, сепак има нов премиер и се додека не видиме многу конкретни резултати, резултати кои ќе бидат многу видливи и онаму каде што досега немало такви. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплика има господинот Абдулаќим Адеми.

АБДУЛАЌИМ АДЕМИ:

Благодарам госпоѓо потпретседател, Јас би сакал да му реплицирам на господинот Рамадани и во целост се согласувам дека инвестициите и приоритет

треба да има во кризните подрачја, но на ниеден начин неможам да се согласам со констатацијата на претходниот говорник дека тие малку инвестиции во кризните подрачја се вршат токму за да се дисциплинира населението. Мислам дека ако ова добро го разбрав, ова е настојување, ова беше тенденциозно и не добро да се манипулира со подолните слоеви. Исто така, не е добро политички да се добие од несреќата на другите. Оваа констатација не држи на претходниот говорник околу капацитетот, а исто така имаше и една декларација во весниците за капацитетот на политичката партија на која јас и припаѓам, ви гарантирам дека ние немаме односно го немаме капацитетот на другите политички партии, немаме капацитет за продавање демагогија, немаме капацитет за да крадеме и немаме капацитет за да лажеме. Ние сме партија која не говориме многу, туку работиме повеќе. Ние немаме капацитет да ги покриеме проблемите, туку проблемите ги решаваме до крај. Ова сме го докажале во минатото и мислам дека ќе го докажеме истото и во иднина.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господин Рамадани, повелете.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Жалам кога гледам една политичка партија која учествува во Владата и си вели самата себе дека се е во ред и дека сите работи одат како што треба. Од искуство ви велам дека не е така. Моите изјави тука, и каде и да ги дадам, ги давам со добра намера, и само со цел како конструктивна опозиција на одреден начин да помогнам таму каде што се таму каде што се и таму каде што делуваат да не се релаксираат премногу, затоа што толку многу работа има да се направи во Владата и во институциите, таму каде што никогаш неможеме да кажеме дека се е океј и дека се е во ред, затоа и во оваа насока се моите излагања било иако се тие критички, сепак се со надеж да помогнеме за да се постигнат повеќе резултати во делувањето на политичките партии кои ја претставуваат оваа Влада.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам. Продолжуваме со дискусија, господинот Ружди Матоши има збор, со тоа што да ве опоменам имате 25 минути, ќе ви бидат доволно за дискусија.

РУЖДИ МАТОШИ:

Ви благодарам.

Почитувани колеги, ние еве два дена разговараме, дебатираме во врска со новиот мандатор, но една вистина е дека немаме измени во составот на миинстерствата. Значи дека новиот мандатор оди со стариот состав, значи со 99%,

значи дека Владата на Бранко Црвенковски кој местото му го отстапува на Хари Костов, работела добро и има извршено добри активности за земјава.

Но јас ќе се потрудам со аргументи и со факти да ја убедам јавноста дека Владата која не се менува туку го менува само премиерот, не работела добро дури својата дејност ја имаше како хипокризија или дволичност, значи со своите активности таа има вградено секогаш еден лажен оптимизам кога знаеме дека лажниот оптимизам е понагласениот радикализам во едно општество. Значи, како основна дејност и е токму лажниот оптимизам. Како го вградува лажниот оптимизам оваа Влада подобро укажуваат законите кои ги донесе досегашната Влада, закони кои не кореспондираат со активности кои треба да ги напрви Владата на Република Македонија, наспроти стандардите кои треба да се инсталират, вградат во Република Македонија. Јас ќе се потрудам да ги спомнам само неколку закони кои причинуваат една лоша слика за Републикава. Во мојата реплика што ја имав со Жерновски, токму направив еден осврт за бенефициите што ги земаат безбедносните сили во Република Македонија. Верувајте почиувани пратеници дека во текот на 2003 година, ако ги увидиме сите парламенти во Европа, како на Европската Унија, како на земјите во транзиција, како на земјите кандидати за членство во Европската Унија по дискриминаторски закон од овој немаме. Значи на прво место сите закони во однос на дискриминацијата во Европа е Законот за безбедносните сили и нивните семејства, значи закон кој го усвои, кој го донесе оваа Влада. Значи каде што е на видно место дискриминацијата. Затоа јас констатирам дека овој закон неопходно треба да се обнови, бидејќи од прашалниците кои ги очекуваме од механизмите на Европската Унија, верувајте ми дека е ова првиот закон кој треба да го измениме, и закон кој треба да го отстрани карактерот кој ги двои граѓаните на Република Македонија. Значи, карактерот на поделби кој го вклучува овој закон. Ова го засновам во фактот дека многу дискутанти кои се повикуваат на големи функционери, како Проди, претседтелот на САД. Значи какви пораки даваат овие за Република Македонија, овие значи личности од европски и светски ранг, значи како треба да чекори оваа земја. И ние имаме средби со луѓето од запад од челниците од Европа и ние кога овој закон им го даваме во увид и дека овој закон вака е донесен во Република Македонија тие велат дека треба да претрпи измени. И ова е неопходно нешто.

Нешто друго што ги загрижува граѓаните на Република Македонија а и овде се говореше во однос на ова прашање е прашањето на државјанството и Законот за државјансто, каде претседателот на Парламентарната група на СДСМ го спомна

Фридрих Хаус, значи какви добри зборови рекол за Македонија бидејќи има донесено еден многу добар закон за граѓаните на Република Македонија да стекнат државјанство.

Претседателот на парламентарната група на СДСМ секогаш го имам од мојата лева страна сега актуелниот премиер, сега ќе го има и новиот министер за внатрешни работи нека го праша. Колку е имплементиран овој закон, колку албанците граѓани стекнале држвјанство во текот на овие два три месеци нека ми каже со бројки и нека види тој самиот нека се соочи со реалноста дека не е вистина дека се имплементира овој закон и граѓаните стекнуваат државјанство.

Колку за пример 5 барања имаше за државјанство од Тануша, ниту еден од Танушевци. И нема ниту еден позитивен одговор. И како што знаете токму властите од оваа Влада отидоа во Танушевци, за да ја санираат состојбата до документите и таму повторно имаме проблеми со патните исправи. И таму граѓаните се без државјанство и имаат разни проблеми во однос на ова прашање.

Затоа говорам за карактерот на Владата која е дволична, која во суштина ја има хипокризијата, која секодневно демонстрира конкретни мерки на дволичност.

Јас добро знам дека вие сте имале средби со Хаус и сте покажале каков закон сте донеле за државјанство. Но и ние говориме со челниците од Западот и секојдневно калсираме факти каде се враќаат албанските граѓани од државјанството, значи албанските граѓани не успеваат да стекнат државјанство, дури сигурно и бившиот министер за внатрешни работи ги има изјавите на граѓаните кои продолжуваат да ги малтретира актуелната влада, значи албанците одат во Крагуевац, Лесковац, Бујановац, во српските градови за да земаат изводи на родени поради тоа дека вие не ги признавате изводите на УМНИК. Ова е еден парадокс бидејќи токму на Косово се механизмите на меѓународната заедница, значи тука е ЕУ, тука се Обединетите Нации, кои ј имаат инсталирано администрацијата и вие не им верувате на тие механизми а им верувате на механизмите на Република Србија кои се многу назад од овие механизми, значи назад од интеграциите во западните интеграции. Значи се продолжува со старите навики, се продолжува албанските граѓани сеуште да патат за државјанство, и имеме ние и факти и документи каде имаме неиплементирање на овој закон. Затоа вие можете да дадете оптимизам, лажен оптимизам кон граѓаните дека ние го имплементираме овој закон кој го бара меѓународната заедница, но и ние имаме наши документи, наши факти и секојдневно ги доставуваме до овие механизми со кои се повикуваш ти дека се

имлементира овој закон, а ние докажуваме дека не се имплементира овој закон во секојдневниот живот.

Затоа овие работи се доста сериозни, бидејќи 10 години, ги исполнувате, еве 10 години управувате со Владата на Република Македонија и повторно продолжувате со стариот стил за да продавате хипокризија и тн.

Евидентен е фактот дека во текот на конфликтот во 2001 година, и во текот на 2002 година, многу албански семејства се принудија да ги напуштат своите домови и еден одреден период да бидат на осово. И многу деца кои се родија во тој период на Косово, сеуште не се регистрирани во матичното во Македонија бидејќи не ги признаваат документите, болничките документи каде што се родени овие деца на Косово.

Од големо значење, од посебно значење, а за нешто што сме говореле и претходно, судовите, вистина дека се централизирани и партизирани. И сега имаме притисоци се разбира, од механизмите на НАТО ние да ја подобриме оваа состојба и оваа област, но доколку се потсетите почитувани присутни, кога ги избравме членовите на Републичкиот судски совет  и кога претседателот на Републиката имаше уставно право да предложи членови на РСС и се сеќавам на Вашите бајати дејствувања кои на многу иритирачки начин ги иритиравте членовите на РСС кој ги предложи претседателот на Републиката во тој период.

Ова го говорам бидејќи токму инсталирањето на партиските судови во Македонија се врши од СДСМ каде вие сте веќе 10 години што управувате со оваа земја и постапувате и понатаму така. Денеска имаме и проблеми. Значи овие проблеми треба претходно да се решат и ова го споменувам бидејќи е ваш менталитет кој сака да инсталира вакви дејствија за да создаде партиски механизми и секогаш да го имате судството под контрола во Република Македонија.

Економскиот аспект, сум спомнал и други спомнале, ќе нагласам дека кога се споменуваат даноците на широката потрошувачка посебно ДДВ, за 5% на производот на широката потрошувачка, каде непосредно влијае во зголемувањето на сиромаштијата. Замислете кога се зголемува 1% некој данок на општата потрошувачка во САД колку дебати се одвиваат на конкуретнтите за претседател, посебно во минатото но и сега. Во Република Македонија зголемувањето на овие даноци, значи е многу едноставна работа, се зголемува греењето за 20,5%, телефонските услуги за 10%, се зголемуваат лекарствата за 6,7%, услугите за транспорт за 11% и тн. И повторно таа Влада, значи тој состав на Владата кој ги

зголемува овие даноци, повторно го има рејтингот на едно ниво и ги добива изборите и тн.

И овде треба нешто да објаснам. Додека во земјите, европските земји, западните земји кога се зголемува данокот на таа влада и паѓа рејтингот на тие партии, им паѓа значи рејтингот, политичкиот рејтинг, ги допира непосредно во интересот на граѓаните. Додека овде кај нас рејтингот не се помрднува туку вие говорите дека сте победници на претседателските избори и имате константен рејтинг.

По однос на економијата сакам да кажам уште нешто што се однесува до тетовскиот регион, за да ви кажам нешто тукам јавно, во Тетово создавате некој пашалуци предводени од луѓе како што се на пример Глигорије Гоговски, од поранешен премиер на комунистичка влада, а сега е менаџер на текстилно претпријатие, јас мислам дека тој не е многу заинтересиран за текстилот, туку само со ваша помош, помош на СДСМ и на вашата влада, сакате да го направите таму некако еден паша кој што ќе раководи со богатството на Тетово. Каде е транспарентноста, сакам да ми објасни Владата, каде е транспарентноста, кога Глигорије Гоговски станува шеф на бројни економски субјекти во Тетово, значи се купува Тетовска банка, каде тој станува банкар.

Се купува земјоделската кооператива, со голем имот, медицинска пластика се купува, Друштвото за осигурување “Вардар”, се купува “Етко”. Кога тие беа на берза зошто не беа транспарентно објавени туку на итар начин тој станува таму голем шеф, паша што во свои раце има огромно богатство. Затоа, во тој правец треба и на албанскиот партиципиент да му се објасни како може да му се дозволи тоа на еден човек да собере толкаво богатство. Значи треба што поскоро да се види транспарентноста на берзата и да поднесе сметка Агенцијата за приватизација, Антикорупциската комисија треба неопходно да реагира, затоа што ние имаме информации внатре од Владата дека тука се направени класични измами што му се овозможени такви бенефиции на таа личност, да може тој да стане сопственик на толкав имот. Значи, неопходно е тоа што поскоро да се расветли, граѓаните да дознаат што се случува.

Вчера се спомна и водата во Тетово односно водоводот.

Средствата кои беа одвоени за водоводната мрежа и базените кои треба да се изградат на Шара, каде се тие средства, 142 милиони денари. Зошто вие како Влада и тоа не го расветлите, каде се тие 142 милиони денари, зошто не кажете кој беше министер во тоа време, зошто не кажете кои се фирмите кои раководеа со овој

проект, оваа работа и да видиме кој ги украде парите и зошто водоводната мрежа не се направи во Тетово. Тоа е затоа што и вие имате замешано прсти во овој проект. Доколку одите до крај, ви гарантирам дека на виделина ќе излезат компании и фирми на СДСМ, кои, се разбира вие не можете да ги затворите, да ги однесете раководствата во затвор, затоа што се ваши фирми. Затоа јас би побарал, доколку тоа може да го направи идниот премиер, да вети дека до крај ќе ја расветли оваа работа за тоа кој ги има украдено парите за водоводната мрежа во Тетово и да се преземат законски мерки, а виновникот да ја добие заслужената казна. Но, вие тоа не го правите, затоа што тоа се шеми кои вие знаете да ги практицирате, проектот да остане на средина, ја замаглувате работата, не ја завршувате до крај, нема транспарентност и тоа е тоа што го правите.

Зошто Владата не е активна во однос на училиштето “Зеф Љуш Марку”. Каде се сретствата што беа издвоени за тоа училиште. Зошто фирмата која ја презема работата, не се повикува, да се види, да го заврши проектот. Зошто не се заврши училиштето “Никола Штеин” кое остана како еден монструм во центарот на Тетово. Тоа се работи на кои треба да се одговори и да се види каде се пречките, каде се проблемите и зошто не се дава одговор на овие работи.

Јас мислам дека овде многу се дискутираше и не би сакал повеќе да должам, затоа што сакам да дадам свој придонес за времето, да бидам рационален. Но, воспоставувајќи лажен оптимизам, не можете да ги постигнете поставените цели.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јавува господинот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Господине Матоши, како што велите вие, вие имате свои аргументи, но ние имаме свои аргументи, ама извештајот на Фридам Хаус е еден. Тој не можеме да го менуваме. Тие оценувајќи ги нашите аргументи и вашите аргументи, напишале дека Законот за државјанство е еден од најдобрите придобивки и активности на оваа Влада. Очигледно вашите аргументи не биле доволни за меѓународниот фактор и експертите кои работат во Фридам Хаус, тоа да го оценат за позитивно на оваа Влада.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете господине Матоши, имате контра реплика.

РУЖДИ МАТОШИ:

Господине Макрадули, граѓаните албанци одат во Лесковац за еден извод од матична книга на родените и трошат по 500 евра за да го донесат до полицискиот

орган во Република Македонија, за да поднесе барање за државјанство во Република Македонија. Дали на Фридам Хаус ст ему ги кажале овие работи. Тука е вашата хипокризија дека вие пред меѓународниот фактор вие се претворате во јагниња и ангели, дека добро ги почитувате законите, додека во пракса сте сосема поинакви. Кажете ни колку државјанства, од инсталацијата на овој закон им се дадени на албанците. Кажете ми го тоа со бројки.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има реплика господинот Талат Џафери.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Се разбира дека три минути не се доволни да се покријат сите сегменти на кои би реплицирал.

Прашањето каде се сретствата за водоводот и за училиштата, или пак тоа што се однесува до инвестициите, тоа што вчера го истакна Џевдет Насуфи, но еве сега можност и во оваа реплика да кажам.

Резултатите од еден закон во времето на тогашниот потпретседател на Парламентот од  ДПА господинот Халими, Законот за живеалиште. Тие резултати ќе ги видиме, колку граѓани се прогласени за дијаспора врз основа на Законот кој го потпиша Илјаз Халими потпретседател на Собранието на Република Македонија во 2001 година, резултат на што беше и запишувањето на странски агресии во патните исправи на граѓаните, работа која ние сме ја елиминирале и сме ја надминале тука.

Што се однесува до средствата за водоводот во Тетово и средствата за “Зеф Љуш Марку” и “Никола Штејн” јас и вчера во репликата кажав, од претходната влада до 2002 година, за водоводот се дадени како аванс на тогашниот изведувач на работите во вредност од 140 милиони денари. На изведувачот на работите на “Зеф Љуш Марку” од претходната влада тогаш биле исплатени 1,5 милиони марки. Средства на училиштето “Никола Штејн” биле исплатени 1 милион марки од претходната влада.

Која е процедурата да се добие тендерот, на претходната влада, таа процедура ја знае Министерството за правда и ја знаат сите правници тука, каква била таа процедура за да се добие оваа работа. Овие средства се украдени од властодрщците на ДПА и ВМРО-ДПМНЕ од тогашната коалиција. За овие работи беа поставени и пратенички прашања и одговорите на Владата постојат, фактите постојат во Министерството за образование и наука. Тие факти јасно покажуваат дека во сите училишта средствата се реализирани комплетно како што биле предвидени. Во сите албански училишта средствата се исплатени без ни грам

работа да биде изведена. Ги знаеме сите училишта во Тетово и Гостивар и на други места, за тоа како биле исплатени средствата. Тие што ги украле ќе одговараат, а и одговорија во двата круга на изборите, како парламентарни, така и претседателски. Верувам дека албанскиот електорат кражбата на тие средства ќе знае да ја лоцира и во текот на локалните избори.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете господине Матоши.

РУЖДИ МАТОШИ:

Кратко е времето од една минута за да можат да му одговорам на господинот.

Меѓутоа, што се однесува до средствата за водоводот, за училиштето "Никола Штејн" и "Зеф Љуш Марку", ние бараме судските органи, а се разбира и Владата, во која учествува и ДУИ, до крај транспарентно да ја расветли оваа работа, па да видиме кој ги украл парите нека оди во затвор. Ние сакаме да ги праќаме луѓето во затвор. Зошто вие транспарентно не ја покажете работата, каде се средствата, зошто не е отпочната работата во училиштето "Зеф Љуш Марку". Тоа е затоа што вие на "Еуронационал" му барате пари, барате мито, провизија барате.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплика бараше господинот Зоран Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Овде беше споменато дека во општина Тетово се прават пашалуци и беше апостдрофирано името на господинот глигорие Гоговски.

Јас ќе бидам директен и ќе го потсетам господинот Матоши дека во периодот од 1998 до 2002 година сите институции на власта беа во рацете на ВМРО-ДПМНЕ и на ДПА. Имаше доволно време и можност и простор да се провери дали се плаќаат придонесите кон државата, дали даноците се плаќаат, дали приватизацијата во комбинатот "Тетекс" беше направена на транспарентен начин и слично. Меѓутоа, би сакал да добијам поддршка и од господинот Матоши и да ми појасни, дали ќе ме поддржи, бидејќи во Собранието на Република Македонија веќе постојат неколку такви иницијативи, да се испита трансформацијата на пример на "Интерпромет" - Тетово, да се провери до каде е постапката за враќањето на Воспитно поправниот дом во Тетово, да се испитаат уште многу други работи, како што е на пример узурпацијата на Монополот во Тетово, на Градски стадион и слично. Сега бидејќи господинот  Матоши, знам дека ме разбира што сакам да кажам, јас ќе го упатам исто така на еден многу битен документ, а тоа е број 646 каде што од страна на Републичкиот јавен обвинител е поднесено барање за заштита на законитоста на

“Интерпромет” - Тетово. Да видиме на каков начин таму е извршена приватизацијата. Од тие причини мислам дека може да се испитаат и наодите што тој ги кажа и наодите што јас ги кажувам, па да се види каде е вистината.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете господине Матоши.

РУЖДИ МАТОШИ:

Вистина е господине Томиќ дека албанците го зедоа еден “Интерпромет”, па мислите дека ја зедоа Америка. Вие имате 80% од Тетово и ова ви изгледа малку. Јас знам дека топката сакаш да ја префрлиш на друга страна. Нападот е најдобра одбрана.

Јас барам од Владата да ми каже како тој човек ги добил овие институции. Ме интересира на берза колку му беа средствата на Глигорие Гоговски кој денес е сопственик на многу стопански субјекти во Тетово. Вие можете да го лажете вашиот партиципиент во Владата, но нас не можете.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Доколку повеќе нема реплики, а очигледно дека нема, тука ја прекинувам седницата, а продолжуваме утре во 10,оо часот.

(Седницата прекина со работа во 17,05 часот)